УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
- Институт за одбрана -
С К О П Ј Е

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# Т Р А Д И Ц И И Т Е   И   О Д Б Р А Н А Т А

(Традициите на македонското национално ослободително и револуционерно движење и нивно влијание врз моралот и мотивациите за одбрана на Република Македонија)

Кандидат:
Пере АСЛИМОСКИ

Ментор:
Проф. д-р Јордан СПАСЕСКИ

Април, 1994 година
О х р и д

# С О Д Р Ж И Н А

В О В Е Д.............................................. 6 стр.

I - Д Е Л

КУЛТУРА, ТРАДИЦИИ И ОДБРАНА.......................... 13

1. КУЛТУРА............................................ 14

1.1. Дефинирање на културата воопшто................. 14

1.2. Култура на одредена заедница.................... 21

1.3. Културата како израз на националниот духовен идентитет........................... 23

2. ТРАДИЦИИ........................................... 25

2.1. Традициите и перспективноста.................... 27

2.1.1. Традиции и иновации ....................... 29

2.1.2. Гносеолошки аспект на традицијата.......... 31

2.2. Непродлабочено поимање на традициите (традиции, конзервативност, дисконтинуитет)..... 32

3. ОДБРАНБЕНИТЕ ТРАДИЦИИ КАКО ИЗРАЗ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И КУЛТУРАТА ВО ОДБРАНАТА.. 34

4. МЕЃУЗАВИСНОСТ НА КУЛТУРАТА, ТРАДИЦИИТЕ И ОДБРАНАТА........................................ 41

II - Д Е Л

ОДБРАНБЕНО-ЗАШТИТНИТЕ ТРАДИЦИИ КАКО КУЛТУРНА ВРЕДНОСТ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ......................... 48

1. ОПШТО ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ............................. 49

2. ТРАДИЦИИ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ, ЗНАЧАЈНИ ЗА ОДБРАНБЕНО-ЗАШТИТНИОТ СИСТЕМ................... 53

2.1. Традиции во стратегијата и целите на движењето... 54

2.2. Државотворни традиции.............................. 60 стр.

а) Државотворни традиции во
Кресненското востание............................ 60

б) Државотворни традиции во
Илинденскиот период (1893-1912)............. 61

в) Државно-правниот концепт за
решавање на Македонското прашање
по Илинденскиот период......................... 65

г) Државотворноста во периодот меѓу
двете Светски војни................................ 68

д) Државотворните традиции од НОБ (1941-1945).. 70

ѓ) Иновирање на државотворните традиции........ 72

2.3. Традиции кон националностите, верата и
религијата................................................ 72

а) Традиции од Кресненското востание............ 73

б) Традиции од Илинденскиот период.............. 74

в) Традиции од НОБ..................................... 79

2.4. Традиции во военото организирање................ 81

а) Традиции во военото организирање
од Кресненското востание......................... 82

б) Военото организирање како традиција
во Илинденскиот период........................... 86

в) Традиции во военото организирање на НОБ...... 89

2.5. Традиции кон оружјето............................. 91

2.6. Слободарството и непокорот како традиција....... 95

2.7. Традиции кон борците и хероите.................. 96

2.8. Саможртвеноста како традиција и највисок
чин на патриотска зрелост........................ 97

2.9. Традиции во односот кон окупаторот и
предавниците........................................... 103

2.10. Традиции во надворешно политичката
дипломатска функција на движењето............. 106

./.

III- Д Е Л

ОДРАЗОТ НА ТРАДИЦИИТЕ ВРЗ МОРАЛОТ, МОТИВАЦИИТЕ И ДРУГИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ОДБРАНАТА.......................... 114

1. ОДРАЗОТ НА ТРАДИЦИИТЕ ВРЗ ОДБРАНБЕНО ЗАШТИТНИОТ МОРАЛ.................................. 115

1.1. Поим и значење на одбранбено-заштитниот морал 115

1.2. Влијание на традициите врз одбранбено-заштитниот морал.................................. 120

2. ОДРАЗОТ НА ТРАДИЦИИТЕ ВРЗ МОТИВАЦИИТЕ ЗА ОДБРАНА......................................... 124

2.1. Општо за мотивациите како психолошки феномен.. 124

2.2. Влијание на традициите врз мотивациите за одбрана........................................... 126

2.3. Влијание на некои други фактори врз мотивациите за одбрана и заштита............... 128

а) Загрозеноста на општествените вредности...... 129

б) Општествено-економската положба............. 129

в) Личните способности,интереси и цели.......... 132

3. ОДРАЗОТ НА ТРАДИЦИИТЕ ВРЗ ПАТРИОТИЗМОТ И НАЦИОНАЛДНАТА ПОВРЗАНОСТ........................ 134

3.1. ЗЛОУПОТРЕБА НА ТРАДИЦИИТЕ ВО ФУНКЦИЈАТА НА НАЦИОНАЛИЗМОТ, ФАШИЗМОТ И ДР. ШТЕТНИ ПОЈАВИ 136

4. ОДРАЗОТ НА ТРАДИЦИИТЕ ВРЗ СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА НА ЛИЧНОСТА ЗА ОДБРАНА И ЗАШТИТА.............. 140

4.1. Социјализација на личноста за одбрана.......... 141

4.2. Влијание на традициите врз социјализацијата на личноста за одбрана.......................... 143

IV - Д Е Л

ВРЕДНОСНА ОРИЕНТАЦИЈА НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ КОН ОДБРАНАТА И ТРАДИЦИИТЕ ВО ОДБРАНАТА-Анкета 147

З А К Л У Ч О К ........................................ 185

Л И Т Е Р А Т У Р А........................................

# В О В Е Д

Во рамките на насловениот труд Традициите и одбраната, вршиме проучување на вредносните димензии на Македонското национално ослободително движење во последните стоитриесет години, а во тој контекст, правиме напор низ разработка на богатата идеја и практика на движењето да го акцентираме значењето на оние културни творби од минатото кои имаат потрајна историска вредност и можат да служат како почва врз која се оплодуваат новите културни и општествени вредности и добра. Поконкретно, низ разгледувањето на идејните и практичните димензии на национално ослободителната и револуционерната борба на Македонскиот народ, сакаме да дојдеме до потрајните (традиционалните) културни вредности и да го испитаме нивниот одраз врз современиот концепт и практика на одбраната и заштитата на Република Македонија, посебно врз социјализацијата и мотивацијата за одбрана, врз одбранбениот морал, патриотизмот и другите квалитативни карактеристики кај субјективниот фактор на одбраната.

Истражувањето на корелацијата меѓу традициите и современите потреби во одбраната е мошне сложена и обемна научна постапка, зошто традициите можат да имаат за последица различни тенденции во поглед на новото, современото и прогресивното (го стимулираат прогресот или водат кон стагнација). Тоа пак е условено од начинот на поимањето и аплицирањето на традициите во современите општествени рамки.

Правилно сфатена традицијата е културна вредност, создадена во минатото, пренесувана од генерација на генерација, но вредност која со одот низ времето се иновира и прилагодува кон темелните општествени преобразби кон потребите и барањата на но-

./.

вото време, и како таква, го изразува континуитетот на појавата: во конкретниов случај континуитетот на Македонското национално ослободително движење, на државотворниот пат на одбранбено заштитното организирање на Македонскиот народ и т. н. Вака сфатената традиција се изразува како творечка врска меѓу минатото сегашноста и иднината, и онолку колку што може да биде во функција да се задржат старите вредности во новонастанатите услови, уште повеќе може да биде во функција на прогресот.

Инаку во теоријата и во практиката присутно е и поинакво однесување кон традициите кое во основа води во две крајности: или се омаловажува врската меѓу старата и новата вредност, или традицијата се третира како трајна непроменлива вредност, како круто верување и придржување кон застарените и назадни сфаќања. И двете крајности во односот кон традициите се подеднакво нереални и штетни: првите водат кон дисконтинуитет, кон историско, национално и државно обезличување, а другите кон идеализирање на минатото автархичност и општествена стагнација.

Со проучувањето на вредносните димензии на Македонското национално ослободително движење, посебно внимание му посветуваме на традициите во остварувањето на одбранбенозаштитната функција. Тука, од посебен интерес би можеле да ги назначиме традициите во вооружувањето на народот, организацијата на самозаштитата на населението и материјалните добра, организацијата на Македонската востаничка војска и другите борбени органи во Кресненскиот и Илинденскиот период, традициите кон оружјето, кон борбата, традициите во меѓународните односи, во меѓунационалните и меѓуверските односи, традиции во односот кон непријателите, кон борците, хероите и др.

./.

Богатство на овие и на нив слични традиции, создавани низ вековното борбено минато, на нашите народи не може, а да не најде свое место во современиот одбранбено заштитен систем, во обликувањето и збогатувањето на културните димензии на одбраната.

Специфичните историски, политички, економски, културни, социјални, демографски и други настани на територијата на која живее Македонскиот народ, специфичното настојување и борба за опстојување и одржување во противречното балканско миље, ги формираат карактеристиките, особините, менталитетот и другите особености на нашиот народ влијаат врз формирањето на поединечните национални карактеристики, врз системот на вредностите врз создавањето на соодветна култура и обичаи, врз традицијата, како силен инструмент преку кој се обезбедува нивно чување, одржување и пренесување, како доказ за неговото живеење и постоење. Во таа смисла, традицијата, како содржина на културните вредности од минатото, влијае врз одредувањето на нашиот став кон истакнувањето и заштитата на општествените вредности и интереси, како настојување тие да се сочуваат и постојано надградуваат и како однос кон универзалните човечки вредности. Дури и тогаш кога одбраната на Македонија се истражува во рамките на современите промени и процеси, некои појави не можат суштински да се објаснат и сфатат, надвор од историските детерминанти, надвор од системот на вредностите што се создавал и сочувал, надвор од културата, традицијата, и менталитетот како национални обележја што се пренесувале од поколение на поколение, како елементи на неговото живеење и постоење што овозможиле да го сочува својот идентитет и самостојност.

Проучувајќи ги т р а д и ц и и т е сакаме да направиме видна разлика меѓу деструктивните појави во движењето и прогресивната национално-ослободителна и револуционерна идеја и пракса.

./.

Низ истражувањето на одбранбените традиции како дизовно богатство на нашиот народ имаме за цел да ги осветлиме трајните вредности на нашето минато и да укажеме на нивното значење во современи услови. Прикажувајќи ги традициите како незаменлива алка во одржувањето на врската меѓу минатото, сегашноста и иднината, посебно внимание заслужува прашањето за потребата од нивно творечко вградување во современиот одбранбено-заштитен систем. Во тој контекст правиме напор да расфетлиме некои аспекти за општествениот однос кон традициите кои се однесуваат посебно на одбраната. Така, откривањето на определени законитости во тој контекст е дотолку важно што од начинот на кој ќе го аплицираме традиционалното во современото, ќе зависи дали традицијата ќе биде во функција на културно збогатување на одбраната или ќе го кочи и назадува развојот на одбранбено-заштитната функција.

Од теоретски аспект, трудот отвора повеќе сложени одбранбено-заштитни, социјални етички и психолошки прашања, важни за обликувањето на вредносните димехзии за системот на одбраната и заштитата на Р. Македонија и за моралното воспитување за одбрана.

Практичната вредност на истражувањето ќе произлезе од значењето што го имаат традициите, мотивациите и социјализацијата врз одбранбено-заштитното однесување на поединецот. Ако се има предвид дека и традициите и мотивациите се јавуваат како двигатели и насочувачи на човековото однесување, тогаш откривањето на закономерното влијание меѓу традициите и мотивациите за одбрана на Македонија во современи услови треба да резултира со изградување на нов квалитет во одбранбено-заштитното организирање и однесување.

Научните сознанија до кој доаѓаме се скромни, но ни се чини значајни за вредносните димензии на одбраната и заштитата на Македонија и моралното воспитување за одбрана. Секако врз

./.

однесувањето на поединецот во сверата на одбраната влијаат сложен комплекс на фактори, но нашето внимание е насочено кон одбранбените традиции, како еден од позначајните, посложените и пред се́ недоволно испитани фактори. Тоа пак не значи дека сакаме да го идеализираме и фетишизираме нивното значење и влијание врз однесувањето на човекот. Напротив, за закономерноста на односот меѓу традициите и човековото однесување зборуваме само како за дел од сложениот мозаик на фактори кои го условуваат однесувањето на човекот. Во тој контекс, доколку вкупноста на другите влијанија не овозможуваат задоволување на основните материјални и духовни потреби на човекот во општеството, тогаш не можеме да очекуваме некое закономерно влијание на традициите врз однесувањето, зошто и законитоста како категорија не е апсолутна туку егзистира само во дадени услови.

Нашиот научно истражувачки напор во конкретниов случај е насочен кон три истражувачки пунктови: теоретско елаборирање на феноменот традиција, испитување на изворните традиции на Македонското национално ослободително движење и проучување на корелацијата помеѓу традициите и одбраната.

Во првиот дел на истражувањето ги дефинираме поимите култура, традиции и одбрана за да ја откриеме нивната меѓусебна детерминираност.

Во вториот дел на истражувањето ги проучуваме изворно традициите на нашето движење од неговиот почеток до денес, значајни за одбраната на Македонија во современи услови.

Третиот дел на истражувањето е всушност основната цел на нашиот истражувачки напор. Тука пред се, вршиме разгледување на корелацијата меѓу традициите и одбраната посебно меѓу традициите и борбениот морал и мотивација за одбрана и влијани-

./.

ето на социјализацијата врз степенот на корелацијата помеѓу споменатите појави. Во контекс на тоа, извршено е анкетно истражување за вредносната ориентираност на студентите и учениците кон одбраната и традициите во одбраната, кое дава емпириска потврда на основните теоретски ставови.

# П Р В  Д Е Л

## КУЛТУРА, ТРАДИЦИИ И ОДБРАНА

# 1. К У Л Т У Р А

Кога зборуваме за културата воопшто, треба да имаме во вид дека станува збор за еден мошне сложен феномен, специфичен само за човечкиот род. Културата е една од основните ако не и најважна карактеристика по која човекот се разликува од останатиот жив свет. Најопшто кажано, културата го опфаќа целокупното материјално и духовно творештво на човекот што е во добротворна функција на човештвото. Вака воопштеното поимање на културата отвора бројни прашања врзани за суштината на овој феномен: што опфаќа материјалното културно творештво? Што опфаќа духовната култура? Кои се детерминантите на културното творештво? Колку културата е детерминирана од развиеноста на производните сили и односи? Каков е односот меѓу културното и традиционалното, поточно до која мера традицијата е културна творба и израз на културата и кога таа станува конзервативна дури и антикултурна сила? Како создадениот културен фонд се одразува врз создавањето на новите културни вредности? Колку културата влијае врз социјализацијата, односно врз формирањето на човековата личност, зошто различни групи на луѓе имаат различни обичаи, верувања, норми на однесување и т. н.

## 1.1. Дефинирање на културата воопшто

Терминот култура потекнува од латинскиот збор cultus што значи негување, гаење.*

---

* Мала политичка енциклопедија, стр. 569

Во социолошката и антрополошката литература, присутни се голем број на дефиниции кои нецелосно ја изразуваат суштината на културата и ја ограничуваат само на дел од нејзината својственост и значење. Така на пример Тејлор* под култура ги подразбира обичаите и вештините што ги прифаќа човекот. За Редклаиф Браун пак, културата е "извесна стандардизација на начините на внатрешно и надворешно однесување.** Слично поимање на културата среќаваме и кај Маргарет Мед која културата ја сфаќа како "избор од целината на наученото однесување која група луѓе со заеднички традиции ја пренесува на децата во целост, делумно и на возрасните доселеници кои стануваат членови на даденото општество.***

Покрај споменатите дефиниции кои културата ја ограничуваат на општествената свест и во неа ги сврстуваат пред се нормите и правилата на општественото однесување треба да кажеме дека во литературата се присутни дефиниции кои го истакнуваат општественото потекло на културата. Во таа смисла П. Х. Лоуви пишува дека културата е "општ збир на се она што индивидуата добива) (поприма) од своето општество - верувања, обичаи, уметнички норми, животни обичаи, вештини, кои човекот ги добива не како резултат на сопствената творечка дејност, туку како наследство од минатото, стекнато по пат на формално и неформално образование.****

---

* Е. В. Тејлор, работи и твори во втората половина на 19 век и ги истражува примитивните општества.

** R. Redklife-Brown, Natural Science of Societu. Glenocoe, 1957, s. 95.

*** Margared Mead, Cultural Paterns and Technical Change, New York, 1961, s. 12, 13.

**** R. H. Lowie, The History of Ethnological Theory New York, 1937, s. 3.

./.

Анализирајќи ги бројните дефиниции* за културата кои не ги задоволуваат построгите научни критериуми зошто се ограничени само со одредени елементи од културата кои навистина се својствени за неа но не и единствени, Американскиот теоретичар на културата и антрополог Деивид Бидни** сите недостатоци и грешки во дефинирањето на културата ги класифицира во пет групи: позитивистички, нормативистички, метафизички, културалистички и натуралистички грешки.

Позитивистички грешки имаме во оние дефиниции за културата кои ги земаат во предвид културното материјално творештво и пракса и од таа позиција настојуваат да ја дефинираат културата како интегрална појава, а притоа не укажуваат на суштината, целта и значењето на културата за човековото општество. Типичен пример за ваквите поимања е дефиницијата на познатиот американски теоретичар на културата Ралф Линтон кој под култура подразбира "збир на научени начини на однесување, преземени позиции системи на вредности и знаења кои меѓусебно ги делат членовите на некое посебно општество и ги пренесуваат преку традициите".***

Ваквиот начин на дефинирање е неприфатлив и нецелосен од причина што не ја изразува општествената суштина на културата, односно значењето на културата за општествените движења и прогресот на човештвото. Културата навистина претставува пренесување на веќе создадените културни вредности од генерација на генерација, но во исто време, културата е процес на создавање на нови

---

* Според некои американски истражувачи, регистрирани се 257 деф.

** Bidney David, "Theoretical Antropology. New York, 1953 Columbia, University Press. 23-33

*** Miloš Ilić, Sociologija kulture i umetnosti, Naučna knjiga, Beograd, str. 8

вредности , а старите вредности ќе бидат облик на култура само ако се јават како основа и како појдовна точка во градењето на новите вредности и ако не противречат на новосоздадените услови, потреби и можности. Во таа смисла културата можеме да ја гледаме само како дијаелектичко единство на традицијата и иновацијата, на тенденциите за задржување на веќе создадените културни вредности и на тенденциите за нивно надминување и за создавање на нови поблаготворни вредности и добра. Поистоветувањето на културата со традицијата значи апсолутизирање на веќе создадените културни вредности и подржување на конзервативните тенденции кои културата можат да ја изродат во кошница на општествениот прогрес и на создавањето на новите културни творби.*

Во дефинициите за културата со нормативистички мерки, обично се истакнува целисходноста, нормите и начините со кои се остварува културата но се испуштаат од вид составните елементи кои ја сочинуваат културата. За ваквата група на дефиниции, "основна интенција е - како што вели д-р Милош Илиќ да се нагласи дека за културата е важно она кон што се стреми, она со што таа се остварува и дека истовремено е сосема споредно што се влегува во составот на културата".**

Метафизичарите пак, согледуваат дека културата како целина се состои од повеќе посебни делови, но не согледуваат дека меѓу нив постои взаемна поврзаност и обусловеност туку тие делови на културата се гледаат како засебни издвоени и самостојни појави.

---

* Види поопширно: В. П. Филатов, "Наука и девиантные познавательные традиций", и "Традиций в познании и культуре, Москва, 1986 г. стр. 19-28.

** Miloš Ilić, ц, д. стр, 9

./.

Во културалистичките дефиниции, културата се третира како поширока категорија од општеството и често како самостојна појава, без било каква врска со општеството. Тоа би значело дека промените во општеството не се одразуваат врз културата на тоа општество, ниту пак промените во културата се одразуваат врз социјалната структура на општеството, што од научен аспект секако е неприфатливо.

Наспроти културалистичкиот поглед, во натуралистичките дефиниции културата е сведена на органското, биолошкото и психолошкото ниво на човековата личност. Според нив човекот однапред е предиспониран да биде културно суштество. Од научен аспект ваквото гледање е исто така неприфатливо, бидејḱи освен голтањето, дишењето, работата на срцето, кружењето на крвта, варењето, перисталтиката на желудникот и цревата и кивањето, сите други биолошки потреби на човекот се општествено детерминирани. Тоа значи дека нивното задоволување се врши под влијание на социјалната средина, низ процес на учење каде поединецот се стекнува со знаење и навика и ги прифаќа формите на однесување и задоволување на потребите на начин специфичен за културата на групата на која и припаѓа. Чувството на глад на пример по својата физиолошка природа е единствено кај сите луѓе, а начинот на неговото задоволување е различит скоро кај секоја национална и религиозна култура.*

Меѓу дефинициите кој успеваат да ги надминат споменатите едностраности и недостатоци и кои допуштаат поимање на културата во нејзината суштествена, целина и комплексност, за нас е најприфатлива дефиницијата на д-р Милош Илиќ кој под култура подразбира "збир на сите оние процеси, промени и творби кои настанале

---

* Dr. Rot Nikola, Osnovi şocijalne prihologije, Beograd, 19___, str. 217

како последица на материјалната духовната интервенција во човековото општество (во природата, општеството и мислењето), а основната смисла на културата е да се олесни одржувањето, продолжувањето и развивањето на човековото општество",* или слично на неа дефинирањето на културата како збир на сите промени и творби кои настанале во природата, општеството и човековото мислење, како последица на човековата дејност, чија цел е олеснување, продолжување и напредок на општеството.** Вака сфатена културата ги изразува следниве карактеристики значајни за нејзиното поимање:

1. Материјалната култура е составен дел на културата воопшто. Тоа значи дека културата го опфаќа целокупното човеково творештво насочено кон присвојување и производство на материјални добра за задоволување на најелементарните биолошки, физички и духовни потреби.

2. Составен дел на културата воопшто е и духовната култура (обичаи, општествени и политички институции, религија, уметност и уметнички дела, јазик, игри, наука, пронајдоци и т. н.), развивањето на одредени способности на духот и телото со вежбање и негување на културата (физичка култура, музичка, математичка и друга култура) како и карактерот на личноста формиран низ процесот на образование, односно самиот процес на образование и социјализација кој го дава таквиот карактер.

3. Културата е историска и развојна (динамична) категорија што значи има своја просторна и временска димензионираност и ограниченост.

---

* Dr Miloš Ilić, ц. д. стр. 13

** Dr Smiljan Jurin i Dr Predrag Radenović, "Praktikum iz opšte psihologije", Beograd, 1974, str. 301

./.

4. Во културата влегуваат само оние материјални и духовни творби кои се во функција на општествениот напредок.

5. Трудот на човекот е посебно обележје значајно за културата и културниот развој на човештвото. Со други зборови културата е она по што човекот се разликува од другите животни.

Покрај споменатата дефиниција на д-р Милош Илиќ, мошне позната и од научен аспект прифатлива е и дефиницијата на полскиот социолог Стефан Чарновски според кого културата е фкупност на заедничките низи на групи кои поради својата објективност се постојани и способни за просторно ширење. Поконкретно според него културата ја сочинуваат такви елементи, правила на однесување, сфаќања и претстави кои се:

елементи на општествениот развој - што значи дека културата е историски производ и дека човековата заедница низ животот на поколенијата го усвојува, селекционирал и вклучувал културното творештво како елемент на општествениот развој и како таков го пренесувал на наредните поколенија;

- објективизирани елементи - што значи дека со нив не се користи само еден човек туку поголема група на луѓе, тоа значи културата не е мисла или пронајдок на осамен научник кој не ја соопштил никому, ниту пак пронајдок што не излегол надвор од лабораторијата, туку културата е онаа вредност што ќе постане елемент на општеството, достапна за поширок круг на луѓе;

- трајни - што значи културата ја сочинуваат елементи што постојат низ подолг временски период;

- способни за просторно ширење - својство кое е доста карактеристично за средствата за работа, начинот на организацијата на производството, организациските и правните прописи, моралните

./.

норми и други составни делови на културата.*

### 1.2. Култура на одредена заедница

Универзалната култура (или културата воопшто претставува заеднички именител на позитивните културни вредности од културните системи на најразличните социјални групи. Тоа значи дека универзалната култура не е конкретна, во поширока смисла на зборот туку се манифестира низ животот на најразлични култури. Во таа смисла велиме дека во рамките на универзалната култура егзистираат подкултурни системи или култури на различни социјални средини. За култура на социјална средина зборуваме тогаш кога социјалната средина има карактеристични црти кои сочинуваат релативно кохерентен (кохезивен) културен систем.**

Најчесто под култура на одредена заедница се подразбира карактеристичен начин на организирање на животот и систем на однесување и вредности кои се формираат и менуваат во текот на животот на заедницата.*** Тоа значи дека припадниците на различни општествени заедници се разликуваат (повеќе или помалку) по тоа на кој начин го решаваат одржувањето на животот, регулирањето на меѓусебните односи, организирањето на општеството во кое живеат, поточно разликите се изразуваат според јазикот, материјалното творештво, обичаите, политичките институции, митовите, верувањата, традициите, обичаите, знаењата, науката, уметноста и сл.

---

* Исто , стр. 303-304 или
Stefan Czarnovski, Kultura u: Dziela, t. 1, Warszawa, 1956, s. 20

** Kamarovsky M. Sargent S. Culture and Personalitu, New York, The viking Fourdation, 1949, s. 143

*** Dr Nikola Rot, ц. д.'стр. 133-136

Во врска со изворите на специфичните начини на културно живеење, во литературата се присутни најразлични толкувања.

Според географските антрополози врз специфичните културни карактеристики на општествените заедници и групи, големо влијание имаат физикалните фактори (климата, обликот на земјиштето, природните богатства и т. н.). Овие фактори навистина имаат одредено влијание врз културата, но треба да се има во вид дека во односот кон природата, човекот не е само пасивен објект кој го трпи нејзиното влијание, туку активно и систематски ја менува природата и на тој начин низ трудот се изразува како културно суштество. Многу изразено влијание врз создавањето на културните специфичности имаат традициите на дадените заедници - нивната историја, контактите со другите народи и со другите сфаќања, а најголеми специфики во организацијата на животот, во начинот на однесувањето имаме кај општествените заедници кои се наоѓаат на различен степен на стопанскиот и општествениот развој. Тоа значи дека разликите во развојот на производните сили, најсилно се одразуваат врз културните разлики на општествените заедници.

Во рамките на нашето истражување во центарот на вниманието се наоѓа духовната култура на народот поконкретно на Македонскиот народ, традицијата како форма за изразување и негување на духовната култура, доблестите на културното наследство и нивното значење за одбраната на Македонија, проблемите на аплицирање на веќе создаденото одбранбено-културно наследство во новиот општествен реалитет и сл.

./.

## 1.3. Културата и традициите како израз на националниот духовен идентитет

Развојот на човештвото не се одвивал рамномерно и во услови кои би овозможиле културните вредности на една група да станат достапни за другите социјални групи и човештвото во целина. Напротив, низ историјата на човековото општество бележиме такви општествени творби (орда, род, племе и т. н.) кои се развивале повеќе или помалку изолирани, без меѓусебна комуникација што оневозможувало пренесување на стекнатите искуства од една во друга социјална средина. Таквиот долг историски развој продуцира појава на мноштво изолирани културни системи, односно социјални средини со карактеристичен начин на регулирање на животот и карактеристични норми на однесување во секоја средина. Со развојот на производните сили, посебно со појавата на стокопаричните односи кон крајот на феудализмот и почетокот на капитализмот нужно се наметнува потребата од меѓусебно комуницирање (сообраќајно, трговско, производствено и т. н.), односно се збогатува и интензивира културното комуницирање меѓу социјалните групи. Тоа комуницирање овозможува кај посложените социјални средини, народот и нацијата* да има поголема дисперзираност на културните вредности, односно културните добра на една социјална група да стануваат достапни и за другите социјални групи. Интензивирањето на културното комуницирање во современи услови придонесува и денес во културниот систем на еден народ и нација покрај специфичните национални културни вредности, да се развијат и егзистираат одредени вредности кои имаат не само национално туку и универзално значење.

---

* Нација е поголема заедница на луѓе, настаната со долг заеднички живот што ги има следниве обележја: заеднички јазик, државна територија, изградена свест за заеднички живот, заедничко историско и културно наследство, економ.

Меѓутоа и во најсовремени услови на живеење, националната култура егзистира (се манифестира) пред се како специфичен културен систем на вредности (морални начела, верувања, обичаи, јазик, уметност, религија и т. н.) кои произлегуваат од нивното долгогодишно заедничко живеење, односно традицијата. Покрај историскиот карактер, треба да се напомене дека националните вредности ги изразуваат општествените потреби и интереси, дека од припадниците на дадената нација емоционално се доживуваат како нешто свое, посебно и вредно за почит, чување и бранење, како нешто што ги поврзува во заедница. Таквото доживување е субјективно но бидејќи е присутно кај сите членови на нацијата, добива интерсубјективен карактер или карактер на колективна свест која посебно доаѓа до израз во кризни ситуации и при решавање на егзистенцијални прашања на нацијата. Вредностите на секоја национална култура се специфични, но тоа не значи дека се и противречни со вредностите на другите нации и со општочовечките вредности, иако има случаеви кога вредностите на сопствената нација се доживуваат како единствено достојни за почит, се омаловажуваат вредностите на другите нации и слично, што предизвикува појава на национализам, шовинизам па и фашизам. Ваквите појави ја попречуваат коегзистенцијата меѓу нациите во една или повеќе држави, нивно меѓусебно почитување и соработка.* Од тука националната култура во суштинска смисла на зборот е збир на економски обичајни морални политички и духовни вредности кои иако специфични, се вклопуваат во системот на општочовечките вредности.

Во таа смисла културата се јавува како едно од битните обележја на идентитетот на секој народ и нација.

---

* Види поопширно, D-r Nikola Rot, Ц. Д. стр. 370-377 и Arif Tanović, "Etika i politika", rasprave i članci "Refleksije o državi i naciji", Sarajevo, 1973, str. 96-112

./.

Културата содржи многу нешта што претставуваат изворна специфичност на народот и нацијата и елементи за поврзување со другите, а пред се општествена свест за себе и за другите. Без јазик, книжевност, обичаи, мелос, споменици на културата, како и без одредена територијална и економска поврзаност не би имало ни народи ни современи нации.* Тоа значи дека идентитетот на еден народ и нација се изразува низ културното богатство. Специфичната организација на животот и специфичните норми на однесување кај членовите на нацијата се реализираат преку државата, со воспоставување на најразлични државни инструменти за решавање на најбитните прашања од општествениот живот. Правнополитичките односи, стопанските, културно-просветните односи, меѓунационалните и меѓународните односи, јавниот ред и мир, безбедноста, одбраната на земјата и т. н. Но државата не може да го организира општествениот живот на заедницата во целина, ако при тоа не ги уважува културните специфики на членовите што живеат во таа државна заедница. Тоа значи дека секоја држава има свој препознатлив културен идентитет кој произлегува од националниот дух на членовите што живеат во таа држава. Дури и најсовремените државни фу нкции со понов датум на настанување се во склад и произлегуваат од националниот културен дух.

## 2. Т Р А Д И Ц И И

Најопшто, културата се сваќа како збир на материјалното и духовното творештво, чија цел е да го олесни одржувањето, продолжувањето и напредокот на човештвото во целина, со ново творештво

---

* Dane Petkovski "Kultura i Umetnost i vojna i revolucionarna delatnost", Vojno-politički informator br. 10, 1978, str. 39

но и со ставање на културното наследство во функција на општествениот прогрес. Тоа значи дека културата содржи две битни компоненти:

- традиција - или пренесување на веќе создадените културни вредности - иновација или создавање на нови вредности или прогрес.

Овие два елементи на културата се во постојана дијалектичка поврзаност, меѓусебно се надополнуваат и условуваат. Со цел потемелно да се сфати комплексноста на феноменот традиција, ќе се обидеме да осветлиме некои аспекти на традицијата, а посебно прашањето за општествениот однос кон традицијата, односот меѓу традицијата и напредокот, традицијата и конзервативноста и сл. Овие прашања се дотолку важни што традицијата како феномен во современите услови на живеење покажува две спротивни тенденции:

- или се појавува како појдовна точка и база во остварувањето на позитивниот општествен развој, особено кога културното наследство творечки се одржува, негува и пренесува од генерација на генерација;

- или претставува кочница на општествениот развој, го отежнува, забавува и кочи напредокот и создавањето на нови културни вредности, тежнее кон одржување на статус - кво, состојба, особено кога традицијата се гледа како нешто круто и непроменливо, како вредност на која треба да се робува, независно од изменетите општествени услови.

Која од овие две спротивни тенденции ќе преовлада во даден општествен момент, зависи пред се од начинот на кој ќе се сфати, а посебно од начинот на кој ќе се аплицираат традиционалните вредности во современите општествени рамки, а тоа пак е условено од степенот на демократијата, развиеноста на општествената свест,

./.

општествената толерантност, развојот на производните сили, зголемувањето на бројот и начините на задоволување на човековите потреби и т. н.

## 2.1. Традициите и перспективноста

Традицијата може да се дефинира како онаа компонента на културата, чија битна одлика е прифаќањето и пренесувањето на веќе создадените вредности и добра. Таа е значи конзервативна (но не и конзерваторска) сила бидејќи го зачувува (го одржува) она што веќе постои како позитивен резултат на општествениот и културниот живот.* Но имајќи за цел да ги одржи и да ги пренесува културните вредности од генерација на генерација, таа не треба да се сфати како статична и непроменлива вредност, како вредност која треба да се одржи по секоја цена. Напротив, на патот низ времето таа се менува и прилагодува кон темелните општествени односи и состојби. Таа е секогаш на проба пред новото време. Традиција станува само онаа општествена вредност која ќе го издржи притисокот на новото време, и ќе опстојува подолг временски период, која ќе успее да се проткае во барањата на современиот живот, и во повеќе животни проби на генерациите ќе ја потврди својата корисност. Традиционалните вредности се еден вид селектирани, највредни (најпозитивни) културни искуства создадени низ историјата на предците кои младото поколение ги прифаќа низ процесот на учењето и социјализацијата. Тој комплекс на традиционални вредности на младата генерација и возможува во општествениот живот и во потребата за натамошно творење, да стартуваат од едно затекнато ниво на искуства, а нивното ново културно творештво да се јави

---

* D-r Miloš Ilić, Ц. Д., стр. 17

како чекор понапред од затекнатото.* Тоа значи дека традицијата е неопходен предуслов и основа која им овозможува на луѓето почнувајќи од неа да можат да создаваат нови вредности и креирајќи ги новите вредности да обезбедуваат континуитет во културата. Во таа смисла ценетиот професор д-р Јордан Спасески ќе рече дека "традицијата може да ја сфатиме како чинител што го одржува општеството и цивилизациите преку непрекинатото движење на делата и мислите и нивна творечка модификација...традицијата е претпоставка за изнаоѓање на нешто ново со кое ќе се менуваат постојните состојби, односно ќе се пронајде поусовршен облик. Од друга страна таа претставува неутопување, односно непочитување на состојби статус-кво".**

Се чини дека општествениот прогрес*** е невозможен без вклучување на традициите во културното живеење на човекот, иако е познато дека традицијата може да биде и конзервативна сила која го оптеретува општеството или поединецот, затворајќи им ги сознајните хоризонти.

---

* D-r Smilja Juvin i D-r Predrag Radenović, ц. д. стр. 306

** Д-р Јордан Спасески, Тито-ОСЗ и безбедност, Скопје, 1985, Зборник, Традиции и иновации во безбедносно-заштитниот систем во контекстот на Титовата концепција, стр. 31

*** Прогресот може да се дефинира како онаа компонента од културното движење на општеството, чија суштина се состои во создавањето и креирањето на новите вредности.

./.

### 2.1.1. Традиции и иновации

Под иновација во лексичка смисла на зборот најчесто се подразбира новина, воведување на нешто ново, нешто што е настанато во поново време и што битно се разликува од дотогаш постојното од старото.*

Од социолошки аспект, покрај тоа што појавата во себе носи нешто ново (било да е тоа нова структура, функција и т. н.) за да добие третман на иновација, потребно е:

- да биде во служба на прогресот - што значи дека и колку да е совршена и нова една појава, до колку не е во функција на подобрување на условите за живеење и пошироко во функција на човештвото, таа не е иновација. Национализмот на пример, е квалитативно нова појава, битно се разликува од структурата на општеството до неговото појавување, но со оглед дека е негативна општествена вредност, и не нуди ништо подобро, и попрогресивно, не може да биде иновација.**

- да биде општествена, над индивидуална, што значи да биде достапна и во функција на поголема група на луѓе и на општеството во целина.

- да биде општествено целисходна, општествено историски адекватна, рационална и динамична што значи да води кон задоволување на одреден општествен интерес на нов начин или пак да отвора нов општествен интерес, нејзината општествена "цена" да е прифатлива, односно да е во склад со другите позитивни општествени

---

* Според Вујаклија...

** G. Petrović, Mogućnosti čovjeka, Zagreb, 1969, str. 30-31

./.

функции, да го збогатува дотогаш постоечкото искуство, нејзините практични општествени импликации, да одговараат на историски реалните можности на заедницата, да овозможуваат најефикасен можен начин на задоволување на општествената потреба, да се модифицира во склад со општествените промени и да отстапува место на уште подобри иновации за да не се претвори во кочница на општествениот развој.*

Врз основа на споменатите основни обележја иновацијата можеме да ја дефинираме како општествено целисходна, рационална и историски адекватна појава која има близок датум на настанување или инхерентни (суштински промени), или со која е направен контакт во поново време и која во општествената средина не е распространета до сатурација (заситување).

Во научната литература, за односот на традицијата и иновацијата постојат најразлични гледања, особено по прашањето за нивната меѓусебна поврзаност и условеност.

Според метафизичкото гледање традиционалното и новото сознание се меѓусебно исклучиви. Според нив, целта на науката е да создава нови знаења, а традицијата само ги надградува старите примери, т. е. постоењето на традицијата од оваа гледна точка противречи на научната дејност.**

Од научен аспект гледано овие две појави не само што не се противречни и исклучиви туку меѓусебно се надоврзуваат и условуваат. Во општествената заедница скоро секогаш е присутна потребата за зачувување на старото, но и потребата за создавање на нешто

---

* Види поопширно Đurić d-r Vojislav, "Inovacije u društvu", Zagreb, 1975 god. str. 33-35

** А. Н. Антонов, "Научн е традиций и диалектика, развити науки" Традиций в познании и културе, Москва, 1986, стр. 3

./.

ново. Во таа смисла односот меѓу традицијата и иновацијата не треба да се сфати како историски разделени општествени тежнеења туку како дијалектички однос на две спротивни но паралелно постојни тенденции, како однос меѓу минатото и иднината и како законита потреба од менување на постојните вредности во согласност со темелните општествени преобразби. Историски гледано општеството не може дури ни во најизразените општествени преобразби да се откаже од своето позитивно искуство создавано низ генерациите. Тоа пак не значи дека сите новосоздадени вредности треба да коегзистираат со постојните вредности. Дури ни најновите општествени вредности не можат во целина "да побегнат од топлата прегратка на минатото".* Така традицијата станува присутен процес на интергенерацискиот континуитет и општественото трансформирање на позитивните искуства кои се реализираат како конкретно нови. Токму затоа традицијата и иновацијата ја прават секоја култура и цивилизација хибридна. Денес не познаваме ни потполно стари ни потполно нови култури. Освен тоа може да се каже дека традициите кои во себе акумулираат побогато знаење, создаваат историски и подобри услови за ново творештво, односно за иновација.

### 2.1.2. Гносеолошки аспект на традицијата

Гносеолошкото значење на традицијата произлегува оттаму што таа често претставува појдовна точка во освојувањето на новото знаење. Често, традициите кои во себе акумулираат побогато знаење и искуство од претходните генерации, отвораат пошироки сознајни хоризонти и создаваат историски и подобри услови за ново творештво.

./.

Освен тоа од гносеолошки аспект гледано традицијата поседува бројни карактеристики кои го стимулираат научното сознание на предметите и појавите и воопшто сознанието. Во тој правец за позитивната традиција е својствено нејавното знаење, интуитивната очигледност, конзервативноста на мислењето и знаење кое е ограничено со моќностите на научно-истражувачките методи и дострели во претходните периоди. Таа вклучува во себе недокажани и интуитивни знаења, но и мрежа на знаења, темелни за дадената област, изградени на таков начин што овозможуваат конкретен специфичен пристап кон научното истражување. Оттука традицијата се јавува не само како конзервативна сила туку и како богат извор на научни хипотези и како појдовна база во освојувањето (стекнувањето) на новите знаења. Во научното сознание, традицијата има улога на концепциска основа, "таа е логичка рамка, скелет на знаењето кој подоцна, со научно-истражувачката работа ќе добие крв и месо".* Со други зборови кажано новите идеи не се појавуваат (не никнат) на пусто место туку тие секогаш се јавуваат како ќерки, односно како деца на вредностите кои дотогаш постоеле.**

## 2.2. Непродлабочено поимање на традициите (традиции, конзервативност, дисконтинуитет)

Во поимањето на традициите често се присутни и други, непродлабочени сфаќања. Од аспект на општествениот напредок, посебно се опасни догматските сфаќања на традициите како нешто трајно, непроменливо, како цврсто верување во нивната вредност, независно од барањата на новото време. Ваквото поимање на традицијата,

* Исто, стр. 8

** Исто, стр. 8

во литературата се среќава како традиционализам, кој попрецизно означува "верување во традицијата, одржување на традиционалните обичаи, надценување на значењето на традицијата, круто придржување кон застарените назадни сфаќања што достигаат во минатото и што влечат назад.*

Традицијата во основа е појава во процес, во континуитет во траење, но и во себенадминување. Прогресивноста на традицијата (зависи) од тоа колку општеството ќе успее да го претвори културното наследство од минатото во почва врз која ќе се оплодуваат и никнат нови повисоки културни вредности и добра. Тоа значи дека општествената средина не би требало буквално, во апологетска смисла на зборот да робува на традициите. Таквиот однос води во конзервативност, во провинцијализам, самовљубеност и друг вид на херметизам, кон ограничување на сознајните хоризонти, односно кон агностицизам.

Анализата на човештвото покажува дека колку се враќаме поназад во историјата, толку повеќе се сретнуваме со апологетизам со робување на традициите, а тоа пак значи дека во иста мера среќаваме се понизок степен на толерантност и отвореност на општеството кон новаторството, а како најекстремен случај на таквиот однос е инквизицијата.

Во денешни услови исто така на најразличен начин егзистираат и пошироко се популаризираат низ општествените медиуми идеи, верувања и други културни елементи, кои во основа се ненаучни и се базираат на хипотези кои се невозможни за испитување и научно докажување. Тука пред се мислиме на парапсихологијата,

---

* Според Љубо Миќуновиќ "Современ лексикон на странски зборови и изрази", Скопје, 1990 год. стр. 594

парахемијата, на ненаучните знаења за географијата, астрономијата и т. н. Во поширока смисла на зборот самата природа на иновацијата противречи на воспоставените форми и односи на општественото живеење, бидејќи нејзиното оживотворување во општеството ќе предизвика одредени промени, заради што општеството свесно или несвесно покажува одредена инертност и отпорност.

Друга, не помалку опасна крајност имаме кога традициите се поимаат како појава што има вредност само во актуелната временска рамка, поточно во времето на нејзиното настанување и дека современите временски текови брзо ја обезвреднуваат. Таквото сфаќање ја запоставува и омаловажува поврзаноста на сегашноста и иднината со минатото и го омаловажува влијанието на идејното и практичното културно историско богатство во развојот на современата мисла и пракса. Од национална гледна точка ваквиот пристап води кон омаловажување на националната генеза кон национална обезличеност и дисконтинуитет. Наместо да зборуваме за последиците од ваквото ограничено гледање, ќе се послужиме со зборовите на еден мислител кој рекол дека "народ што не го почитува минатото, ќе ја загуби и иднината" или "ние дури тогаш ќе можеме да ја предвидиме иднината, кога ќе го сфатиме минатото."

## 3. ОДБРАНБЕНИТЕ ТРАДИЦИИ КАКО ИЗРАЗ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И КУЛТУРАТА ВО ОДБРАНАТА

Ако секоја општествена заедница има свој карактеристичен начин на регулирање на животот и карактеристични норми на однесување, т. е. има своја култура, тогаш во рамките на културната посебност на општествените и националните заедници, меѓу другото, значајно место имаат општествените односи и норми на военото и одбранбено-заштитното организирање на заедницата.

Одбранбено-заштитната функција на општеството од секогаш имала важно место во обезбедувањето на општествениот и индивидуалниот развој на човекот, а бројните противречности на современиот свет и порастот на изворите за загрозување на човекот, природата и општеството, и денес ја прават значајна општествената функција. Развојот на општествената заедница, ни за миг не е ослободен од влијанието на воениот фактор, а мошне често силата и војната се јавуваат како облик на загрозување на слободата и безбедноста на една земја од страна на друга земја или воено политички сојуз. За жал, на прагот на XXI век, покрај се почестите напори за интегрирање на човештвото, силата, војната, воените закани и интервенции егзистираат како секојдневие во меѓународните односи на светот во кој живееме.* Оттука политичкиот фактор на секое општество настојува да изгради соодветна организираност за употреба на човечките и материјално-техничките потенцијали во функција на одбраната. На сегашниот степен на развиеност на производните сили и производни односи, во светот не е забележана ниту една општествена заедница, движење и сл., а да не разработиле своја воена политика, концепција и доктрина.

Организирањето на одбранбениот систем како општествена функција има з а цел да ги совлада "Силите на евентуалниот непријател кој сака да ги загрози интересите на дотичната земја и да го заштити постојниот општествено-економски поредок утврден со Уставот на земјата, ќе го зачува територијалниот интегритет и самобитноста на народот кој живее во таа земја, како основа за

---

* За егзистенцијата на силата и војната во меѓународните односи види поопширно кај д-р Слободан Димишковски, Воена политика на суперсилите и неврзаните земји, Скопје, 1985 год. стр. 5-12

./.

своето постоење.*

Одбранбено-заштитниот систем на едно општество не се развива сам по себе туку е изведен од битието на самото општество: од политичките, општествените, државните, економските, културните, историските и географските карактеристики. Покрај внатрешните фактори, врз развојот на одбранбениот систем значајно влијание манифестираат и состојбите во меѓународните односи и поширокатa општествена реалност: противречностите на современиот свет ќе се основа за меѓународни конфликти, развојот на современата борбена техника и технологија, развојот на современите борбени системи (стратегии и доктрини), реалната улога и значењето на војната во современи услови, физиономијата на војната, геостратегиската положба на земјата - нејзината големина и особини, значењето по однос на регионот и пошироко и т. н. Внатрешните влијанија ги изразуваат можностите за мобилизирање на одбранбената моќ, а надворешните влијанија ја изразуваат потребата за одбранбено-заштитно организирање. Постојаното следење и правилно вреднување на внатрешните состојби и состојбите на меѓународната заедница претставува основен услов за развивање на одбранбен систем кои ќе ги изразува потребите и можностите на општеството.

Во одбранбениот систем на секоја земја, како ударен дел на одбраната егзистираат вооружените сили. Меѓутоа, одбранбената моќ на една земја не е ограничена со моќта на нејзините вооружени сили, туку со општествената сила на таа земја што се изразува низ целокупниот човечки и материјално-технички потенцијал. Значи целокупноста на човечкиот и материјално-техничкиот потенцијал во едно општество ја изразува максималната одбранбено-заштитна моќ

---

* Според д-р Трајан Гоцески, Општонародната одбрана и стопанскиот развој, Студентски збор, Скопје, 1988 год. стр. 61

./.

на тоа општество. Но дали дадената земја ќе успее да ги ангажира своите вкупни човечки и материјално-технички потенцијали во војната, не зависи само од субјективната желба на политичкиот фактор, туку и од низа други фактори: целите на војната, политичката организираност на општеството, борбените традиции, готовноста на граѓаните да се ангажираат во војната и сл. Оттука независно од бројот, структурата и големината на институциите во одбранбениот систем, одбраната во секој случај ги надминува институциите во одбранбениот систем, одбраната во секој случај ги надминува институционалните и професионалните рамки и се појавува како функција и потреба на секој граѓанин во општеството.

Од она што до сега го кажавме за културата, културните традиции и одбраната, можеме да констатираме дека општествените односи кои владеат во одбраната егзистираат како кохерентен систем на специфични врски, односи, принципи, норми и правила на однесување, односно како култура во одбраната, како културен одбранбено-заштитен систем на вредности, кооперативен со општиот вредносен систем на заедницата. Исто така може да се забележи дека одбранбено-заштитната културна специфичност, длабоко е проткаена со општиот културно вредносен систем на заедницата. Тоа значи дека културата во одбраната е израз, односно произлегува од националната култура и културата на заедницата, но и ретко активно влијае врз националниот и општиот културен развој. Бидејќи и националната и одбранбената култура имаат своја историска димензија, поимањето на нивната културна целовитост е невозможно без поимањето на традициите како дел од културата низ кои се пренесуваат културните вредности и добра создавани низ заедничкото минато на заедницата.

./.

Историјата покажува дека сите воени организации меѓусебно се разликуваат, покрај другото и по своите национални и историски карактеристики. Тие специфичности не се ниту вродени, ниту пак однапред дадени, туку се производ на долгогодишната историја во која различни заедници стекнувале различно воено искуство: едни имале среќна околност да се со помалку воени судрувања и борби, други обратно, едни имаат историја исполнета со освојувачки војни, други со борба за одбрана, едни стекнувале воени искуства во еден временски период, а едни во друг, војувале во различни географски, метереолошки и други услови и т. н.

Различните воено-историски патишта на народите и заедниците влијаеле врз создавањето на карактеристична свест, менталитет, воени искуства, знаења, вештини, односи, принципи и други специфични културни карактеристики кај секоја заедница, кои се пренесуваат од генерација на генерација. Тоа значи дека во сегашната (современата) димензија на воениот систем на едно општество, во одредена мера секогаш ќе има специфични културни вредности (искуства) знаења, верувања, начела и слично, кои извираат од долгогодишното минато на заедницата. Тоа се пред се вредности кои низ подолг временски период се покажале како прогресивни, заради што се прифаќаат и пренесуваат од генерација на генерација и служат како основа за натамошниот развој на военото организирање. Меѓутоа, треба да се напомене дека често пати новата генерација го носи товарот и на такви елементи од минатото кои се конзервативни, назадни, обезвреднети и не одговараат на барањата на современото живеење, а ослободувањето од нив тече споро и тешко, зошто имаат длабоки историски корени.

Носители на позитивното културно наследство и на националните историски карактеристики по кои една воена организација се разликува од друга се одбранбените традиции. Тие се дел од

./.

општото општествено историско наследство кој го условува постоењето на специфични особини на војникот, воената организација и начинот на вооружената борба на еден народ, односно на една земја во однос на војникот, воената организација и начините на вооружени дејства на војските на другите народи, односно земји. Поконкретно, под поимот одбранбена традиција подразбираме - општествено историско наследство на еден народ, односно една земја во кое спаѓаат: колективните претстави на народот за своето одбранбено заштитно минато, менталните национални одлики значајни за одбраната и вооружената борба, моралните норми кои ги регулираат односите кон одбраната и војничките обврски, борбените навики и конкретното колективно одбранбено-заштитно и воено искуство.

Поаѓајќи од наведеното гледање на традициите, можеме да констатираме дека т р а д и ц и и т е се значаен извор на моралната сила на одбраната. Прво, како дел на националната свест, влијаат врз луѓето како движечка, мотивациона сила на човековото однесување, и второ, се јавуваат како ментални и морални предиспозиции на луѓето за остварување на одбранбените активности.

Во воведните напомени истакнавме дека традицијата може да биде во функција на прогресот, но и на регресот, што зависи пред се од тоа како ќе ја сфатиме, како ќе ја негуваме и пренесуваме врз наредните генерации и конечно како ќе ја аплицираме во современиот одбранбено-заштитен систем. Оттука фактот што некоја традиција е борбена, сам по себе не значи дека таа е и прогресивна. Од аспект на нашето поимање на одбраната, прогресивни се оние борбени традиции кои ќе ги исполнуваат следните два критериуми:

---

./.

- да бидат во функција на општочовечкиот прогрес и
- позитивно да се одразуваат на борбената способност на дадена одбранбёна организација - одбранбен систем.

Секоја борбена традиција која нема позитивни карактер и во општочовечка и во национална смисла на зборот, не може да биде прогресивна. На пример, германскиот милитаризам, како борбена традиција беше еден од основните извори на морална сила на фашистичката војска, но од аспект на општочовечкиот прогрес беше негативна и катастрофална за човештвото заради што во целина земено е назадна традиција. Во оваа смисла треба да се укаже дека во современиот одбранбен систем на заедницата треба да се прифаќаат такви борбени традиции (слободарство, борба за националниот идентитет, борба за мир за заштита на основните човечки права и други борбени традиции) кои имаат позитивно влијание и во општочовечкиот и во националниот прогрес на заедницата. Прифаќањето на борбени традиции кои моментално можат да бидат корисни за борбениот морал на воените единици и другите сили на одбраната, а од аспект на општочовечкиот прогрес се неприфатливи и негативни, може да имаат најразлични негативни последици врз подоцнежните фази на одбраната.

Во овој контекст треба да ја нагласиме потребата од творечко аплицирање на борбените традиции во современиот систем на одбраната. Тоа значи дека во борбената традиција не смееме да гледаме трајна и статична културна вредност, дадена еднаш за секогаш туку вредност која е релативно променлива и која треба да се иновира во согласност со современата целина на одбранбениот и поширокиот општествен систем, за што ќе стане посебно збор.

## 4. МЃУЗАВИСНОСТ НА КУЛТУРАТА, ТРАДИЦИИТЕ И ОДБРАНАТА

За да се разбере суштината на односот меѓу културата, традициите и одбраната, потребно е одбраната да ја гледаме во нејзината комплексност и сеопфатност - не само низ квантитативните големини (број на војници, нивната вооруженост и организираност, материјалните ресурси и сл.) туку и низ квалитативната големина на општествениот живот: степенот на општествената демократија, можноста за задоволување на основните материјални и духовни потреби на човекот во општеството, општата и националната прифатливост на општествените вредности, традициите, моралот, свеста и други културни карактеристики на општествениот живот кои влијаат врз определеноста, моралот и мотивите на хуманиот потенцијал за одбрана на заедницата во која живеат. Тоа всушност значи дека одбраната на земјата и како функција, и како систем и како култура, не е автархична, изолирана од општеството, туку еден од општествената заедница, длабоко проткаен со неа, со богата мрежа на интеракции, врски и односи.

Таквиот приод кон одбранбено-заштитната реалност на РМ, аргументирано потврдува дека одбранбено-заштитната политика на Македонија се гради како борба за мир, во духот на традиционалните и прогресивните слободарски традиции, - за слобода, за самобитност, за заеднички живот со другите народи на балканските простори, за духовно обединување на Балканот, за разбирање со сите што живеат на македонското тло, за национална и верска толерантност и други културни вредности. Во тој правец, со настојувањето проблемите (кои ги има секогаш и секаде) да се решаваат на мирен пат, со дијалог, со исцрпување на сите мирољубиви средства, Македонија

реално се анимира пред Советот за безбедност на ООН и се јавува како неодминлив соговорник на тоа ниво.

Со формирањето на оперативна армија од 12 до 14 илјади војници (или 0,6 до 0,8% од населението) и 5% од населението резервен состав, со цивилна одбрана и одбрана низ колективните инструменти на Европската безбедност, македонската воена стратегија не само што објективно се изразува како анти сила и анти насилство, туку таа е јасно определена за да го разбере светот како "поле за културен натпревар", за Европа без граници.

Со расветлувањето на културната димензија на одбраната, ќе се разјасни и односот човек - техника, поточно местото и улогата на човекот во одбраната. Можеби најдобро е за пример да ја земеме Република Македонија. Таа денес не располага со борбена техника која во техничка смисла на зборот би ја чинела силна, јака и подготвена за одбрана. Но отсуството на таквиот технички потенцијал не значи дека одбранбената моќ е слаба или мирот е неизвесен заради тоа. Со ова не сакаме да го намалиме значењето на техничкиот фактор во одбраната. Факт е дека нема одбрана без оружје, дека не е доволно само да постои позитивна определба и мотивираност за одбрана, туку и соодветна организираност на човечкиот потенцијал, техничка опременост и оспособнеост која се изразува низ одбранбениот систем. Меѓутоа, уште поголем е фактот дека зачувувањето на мирот е повеќе прашање на културата отколку прашање на техниката и оружјето. Условно да претпоставиме дека Македонија може да се обезбеди со најсовремени технички средстваа за водење на борба. Ќе значи ли тоа дека нашиот мир ќе биде посигурен, ако при тоа ја запоставиме културната димензија на општеството и одбраната, ако не успееме да соз дадеме од Македонија

здрава културна средина, со општествен систем на вредности што ќе овозможува задоволување на основните материјални, а пред се духовни потреби (основни, граѓански, национални, верски и други човекови права) ако не постигнеме општествена интегрираност на граѓаните од различна припадност, ако во надворешно политичка ориентација не изразуваме спремност за сестрана културна соработка и не го сватиме светот во духот на нашиот великан Гоце Делчев како поле за културен натпревар меѓу народите и т.н.? Напротив отсуството на културната димензија го прави оружјето повеќе фактор за загрозување отколку за одржување на мирот. Ако се имаат во предвид сложените етнички, верски, политички, историски и други состојби на Балканот, се чини дека мирот на Балканот, во тие рамки и на Македонија е можен само со воспоставување на културна комуникација со културно интегрирање и поврзување на Балканските народи. Секаков обид на вооружено разрешување на балканските проблеми, неминовно води кон културна деградација и уништување на културните вредности кај сите балкански народи. Во таа смисла и кажавме дека одбраната и мирот се повеќе прашање на културата на еден народ отколку на неговата материјално техничка и оружена моќ, иако и едната и другата компонента се значајни за одбраната и имаат свое различно место во различни одбранбено заштитни системи. Токму од овој културен аспект го определуваме доминантното место на човекот во одбраната. Меѓутоа, не човекот инкорпориран во некои отуѓени форми на општественото живеење (бирократска, верска, национална, милитантна и друга отуѓеност) туку човекот како културно суштество, како творец на материјални и духовни цивилизаторски вредности. Обично во општествените заедници во кои културата и прашањето на војната и одбраната се отуѓени од човекот, создадени се поволни услови за манипулирање со луѓе-

./.

то од страна на отуѓени општествени сили. Во таквите општествени заедници владеачките кругови и другите центри на политичкото одлучување ја диктираат културната политика на општеството и држат монопол над културниот развој, го насочуваат создавањето на културните вредности во интерес на својата положба во општеството и сл.* Тоа уште повеќе потврдува дека војната милитаризмот и другите видови на агресивност во меѓународното комуницирање не се ништо друго туку плод на културниот живот на дадена заедница, на нејзината религија, морал, верување, традиција, наука, уметност и други културни специфики...

Од тука борбата за одржување и развивање на општествените заедници врз позитивни културни вредности значи во исто време борба за одстранување на војната како средство за решавање на споровите, за мир, толерантност, трпеливост, дијалог и користење на сите демократски средства на комуникациони односи и крајно за свет без војна.

Во историјата на научната мисла преовладува апсолутната или релевантната негација на војната. Моралните ставови со кои се осудува војната и се тежнее кон мирот, се вбројуваат во редот на најзначајните духовни културни вредности на човештвото. Во таа смисла војната се определува како деструктивна сила која го уништува целокупното културно творештво на човековата сила, како "најстрашна несреќа најголем злочин и најголем ужас на човештвото, како појава што го понижува човекот и остава траен печат на срам на епохата на која настанала", таа ги уништува народите,

---

* Види поопширно д-р Војислав Вуковиќ, "Култура и народна одбрана, Београд, 1976 год. стр. 20 до 31

./.

земјите ги поплавува со крв, војната е крвав презир на луѓето со друга боја или други верувања...*

Во историјата на човештвото меѓутоа, забележани се и такви (не) етички концепции кои ја одобруваат војната како извор на највисоки човечки вредности и како фактор кој создава највисока духовна култура. Во таа смисла некој теоретичари дури и тврдат дека културата и уметноста не само што се ограничени во војната, туку достигнуваат најшироки размери. Така во една студија се вели дека најдобрите плодови на човековата природа, уметност, наука големи претпријатија високи ставови и машки вредности успеваат посебно во време на војна. Во таа студија се вели дека народите достигнуваат врв на својата култура само по долги и крвави војни.** На такви основи се базира и фашистичката идеологија на Германија во II светска војна и други агресивни идеологии. Тоа доаѓа од таму што и во рамките на високите култури, се сретнуваат антикултурни појави кој во поширока смисла на зборот се дел од културно вредносниот систем на заедницата, иако во суштина не се културни. Нивниот растеж доаѓа до израз посебно кога на чело на народот се најдат отуѓени општествени сили.

Во суштинска смисла на зборот, војната е антикултурна појава, а културата е антивоено ориентирана, со напомена дека во праведните војни таа се јавува како основа на моралната сила, како примарна духовна база за постигнување на ослободителната цел на поробениот народ. Врз културните основи на заедницата се градат и развиваат ослободителните идеи кои, кога ќе овладеат со народните

---

* А. Н. Цондовцет" Скице напретка људског духа кроз историју" Варшава, 1957 год. стр. 214, 238

**М. Михолик, "Морал и рат", Београд, 1976 год. стр. 128 и 131

маси, стануваат неизбежна реалност. Националните и традиционалните културно уметнички и други духовни вредности непосредно се користат за јакнење на борбената моќ на народот. Значи само во праведната војна (каква што би била и нашата, доколку ни биде наметната) културата може да ја оствари својата антрополошко-хуманистичка природа.

Во рамките на духовната култура на народот, значајно место имаат културните вредности и традиции создавани низ неговото одбранбено-заштитно (воено) минато. Многу духовни и материјални вредности се поврзани со војната и одбраната како што во самиот развој на цивилизацијата е присутна војната. Но тоа не значи дека културните вредности се создаваат и извираат од неа. Во односот меѓу војната и културата, војната може само да го деградира културното достигнување на завојуваните страни да ги уништува материјалните добра, да ја наметнува културата на едни врз други и сл. Она што во војната и одбраната се создава како културно творештво, и натаму живее како традиција, не произлегува од чинот на војната, силата, насилството и другите деструкции, туку ја изразува човековата културна неуништивост, неговата спремност да се жртвува за народните идеали за правото на сопствен културен и национален развој, за заветите на своите предци, за иднината на младите поколенија.

Традицијата, како специфичен менталитет и културна вредност создадена низ минатото, низ вековното опстојување на народот, се негува и пренесува, како доказ на неговото постоење. Како составен дел на општиот културно-вредносен систем, одбранбените традиции влијаат врз определувањето на современите културни димензии на одбраната, врз начинот на кој ќе ги развиваме и заштитуваме општествените вредности. Значи, традицијата се јавува како важна детерминанта на современиот одбранбено-заштитен систем.

./.

Во контекст на македонското национално-ослободително и револуционерно движење, вообичаениот поим - борбена традиција го заменуваме со поимот одбранбено-заштитна традиција, како поадекватен израз за содржината на нашата борбена активност низ минатотот, бидејќи целокупното војништво на движењето е исклучиво во функција на одбраната и заштитата на основните вредности на движењето.

# В Т О Р  Д Е Л

## ОДБРАНБЕНО-ЗАШТИТНИТЕ ТРАДИЦИИ КАКО КУЛТУРНА ВРЕДНОСТ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДИТЕЛНО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ

## 1. ОПШТО ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ

Во историјата на национално-ослободителните и револуционерни движења, многу ретко или речиси воопшто не постои движење кое се зародило во толку сложени услови како Македонското национално ослободително и револуционерно движење. Ова движење во својот развој има низа сличности со ослободителните движења кај соседните балкански народи, но тоа во исто време има и своја посебна историска и развојна димензија која е детерминирана од специфичноста на општествено економските и политичките прилики во кои се оформува и развива. За политичката реалност во која се раѓа Македонското движење, посебно се значајни следниве состојби:

- економската потчинетост и политичката обесправеност на населението;

- антимакедонското влијание на непријателските пропаганди од соседните балкански држави; и

- пасивниот однос на Европската дипломатија и големите сили кон Македонското движење.

Во петвековната безобзирна економска потчинетост и политичка обезправеност, македонското население се нашло на дното од својата економска и духовна (сознајна) моќ. Низ долговековното ропство народот почнал да губи илузија за подобар живот, да избледнува сознанието за сопствениот идентитет, да се оддалечува од свеста за слободен политички живот и не можел да го сфати духот на времето и промените, да се најде себеси и сопствените интереси во тој сложен сплет на околности.

./.

Во своите критички белешки, во 1905 година, за Македонското население, Димо Хаџидимов пишува дека тоа е просто население кое не знаело повеќе од она што го гледа околу амбарот и нивата, кое ја имало за единствен идеал волноста во животот, кое ја имало за единствен идеал волноста во животот, кое никогаш не можело да се замисли врз својата ропска положба, кое не можело да оцени ниеден закон и да го крене својот глас "ЗА" или "ПРОТИВ" со својата пасивност го попречувало воведувањето на реформите во Турција.*

Друга специфичност која му дава посебност на Македонското национално ослободително и револуционерно движење е влијанието на непријателските пропаганди од соседните Балкански држави.

Уште на самиот почеток од своето национално ослободително и револуционерно движење, робскиот материјално и уметствено опустошен народ се најде во канџите на организираните непријателски пропаганди на Бугарија, Србија и Грција, кои ја раскинуваа македонската душа и создаваа бугаромани, гркомани и србомани, а Македонија ја претворија во "Бојно поле на силни непријателски лагери"...**

Соседните Балкански држави кои порано дојдоа до национално ослободување, во територијата на која живеат Македонци, гледаа историска можност за нивно проширување, заради што на

---

* Спореди со Димо Хаџидимов, Македонското прашање, во редакција на д-р Гане Тодороски, Скопје, 1974 год. стр. 169

** Димитар Поп Ефтимов, Делото на Гоце Делчев, Софија, 1935 год. стр. 10

./.

Македонскиот народ му нудат наводно ослободување со нивна помош и под покровителство на големите сили. Но, проекциите на соседните Балкански држави за ослободување и автономија на Македонија не се мотивирани, од хумани, братски, слободољубиви интернационални и други побуди, туку од нивниот државен егоизам. За нив автономија на Македонија не е цел туку средство за остварување на нивните глемодржавни интереси. За остварување на ваквите хегемонистички цели спрема Македонија, соседните држави, Бугарија и Грција, со примена на најразлични средства и методи отпочнуваат силна пропагандна борба за "докажување" на националната припадност на Македонците.

Во тие борби на пропагандите најмногу страдаше Македонското население, бидејќи и тоа беше вовлекувано во нив. Често доаѓаше до остри судири меѓу припадниците на оваа или онаа верско-национална пропаганда кои често завршуваа и со физичко пресметување.*

Европската и светската дипломатија исто така ја усложнуваа политичката состојба во Македонија. Големите сили водеа политика на статус-кво, односно не беа заинтересирани за распаѓање на Турција од две причини: прво, бидејќи со распадот на Турција би зајакнале балканските словенски држави, а со тоа и словенството од кое страхуваа дека ќе го кочи нивниот "пробив кон исток" и фторо, бидејќи некои од европските сили ја експлоатираат Турција економски, а на некои им вреди како природен сојузник.**

---

* Спореди со д-р Славко Димевски "Туѓите пропаганди во Македонија, Скопје, 1968 год. стр. 24

**Спореди м-р Донев Јован, Големите сили и Македонија за време на Првата балканска војна, Скопје, 1988 год. стр. _____

./.

Споменатите околности не можеа, а да не оставаат пресуден белег врз организационото и идејно-политичкото оформување на Македонското движење, врз создавањето на неговиот македонски лик.

Појавата на првата Македонска револуционерна организација (1893) значеше нов импулс за иднината на поробениот народ, за политичката автономија на Македонија, за слободата, за квалитативно нови општествени односи прифатливи за целокупното поробено население, без оглед на верските, националните и други разлики. Меѓутоа, за да се реализираат револуционерните идеи, за да станат материјална сила која ќе го руши постојниот и ќе создава нов демократски општествен поредок, потребно беше да се создадат основни претпоставки за борба, да се разбие робскиот менталитет кај народот, да се развива националното и политичкото сознание, да се афирмира борбата како средство на револуцијата, да се изврши обединување на народните маси во борбата, да се надмине националната и верската нетрпеливост, да се вршат материјални и организациони подготовки, да се афирмираат револуционерните вредности сред меѓународните институции и да се бара нивна подршка и сл.

Револуционерната идеа и практика во разрешувањето на сложениот контекс прашања на движењето, претставува драгоцено искуство врз кое се базираат и надоградуваат културните вредности на движењето во повисоките фази. Во контекс на нашето интересирање, од традиционалното богатство создавано низ одбранбено-заштитното минато на нашиот народ, нашето внимание го насочуваме кон традициите кои изразуваат посебно влијание врз вредносните димензии на современиот одбранбено-заштитен систем, а пред се традициите на движењето кон:

./.

- стратегијата и целите;
- државното конституирање;
- националностите, верата и религијата;
- военото организирање;
- оружјето
- борците и хероите;
- саможртвеноста и патриотизмот;
- односот кон окупаторите и предавниците;
- надворешно-политичката-дипломатска функција на одбраната и други.

## 2. ТРАДИЦИИ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ ЗНАЧАЈНИ ЗА ОДБРАНБЕНО-ЗАШТИТНИОТ СИСТЕМ

Научната мисла посветена на изучувањето на македонското историско минато, открива мноштво релевантни факти со кои се расветлува Македонското национално ослободително движење од повеќе аспекти. Но, се чини дека одбранбено-заштитните традиции не се доволно расветлени и заслужуваат посебен научен интерес и третман, пред се заради нивното значење за македонскиот спецификум во кој се уште траат процесите за национално и државотворното конституирање, кај нас тој процес кој зад себе има вековна историја, се уште трае. Токму затоа, ние треба повеќе од било кој друг народ да ги откриваме, да ги проучуваме за да на творечки начин ги користиме позтивните традиции на движењето. Иако понекогаш се поставува прашањето зошто да обрнуваме толку внимание на нашето културно богатство од минатото, кога светот е свртен кон иднината и создава форми на материјални и општествено живеење,

./.

кои на прв поглед немаат ништо заедничко со минатото, сепак ако се изврши попродлабочена анализа ќе се констатира дека и кај најсовремените услови и форми на живеење постои нивна поврзаност со минатото, особено во духовната свера.

Се чини дека денес, во борбата за национална и државна афирмација, македонскиот народ има силно оружје во сопствените традиции. Културните вредности, а пред се духовните принципи создавани во минатото се доказ на нашето вековно постоење, на нашиот историски идентитет, на самобитноста и специфичноста на општественото, политичкото, националното и културното битие, извор на нашата неуништивост и гаранција за иднината на народот. Зборовите на еден мислител дека народот кој не го почитува минатото, брзо ќе ја загуби и иднината, на најдобар начин укажуваат на значењето што традициите ги имаат во развојот на секоја цивилизација. Оттука извираат нашите мотиви за научно осветлување на некои аспекти на традициите.

## 2.1. Традиции кон стратегијата и целите на движењето

Врз основа на писаните документи и богатата практика Ангел Динев - револуционер и публицист се обидува да ги класифицира овој вид традиции на следниве начини:

- принцип на автономност - што значи дека организацијата пледира за каузата на автономијата на Македонија и Одринско и ги обединува масите во името на тој политички идеал;

- принцип на внатрешност - што значи дека месното население, масата се организира, се самовооружува за борба против системот на владеење во Отоманската империја. Организираната маса се потпира пред се врз себе, врз своите сопствени сили. Успехот на нејзината борба лежи во едно внатрешно вооружено востание;

- принцип на револуционерна борба - се врши револуција врз свеста на луѓето и се подготвуваат за борба;

- принцип на политичко-економски промени што значи дека содржината на револуционерната борба е и борбата за непосредните интереси на народот, за политичка и економска слобода на сите угнетени;

- принцип на самостојност - што значи да се затворат патиштата за мешање од надвор.*

Меѓу поважните политичко стратешки основи на движењето спаѓаат и прашањата з а:

- сојузништвото, односно за создавање на сојузници внатре во самата Македонија, за придобивање на Власите, Турците, Шиптарите и другите што живеат во Македонија, што бараше долготрајна и упорна работа со оглед на верската разлика;**

- надворешно-политичката (дипломатска) функција и цел, што подразбира комплексна активност на движењето во меѓународните институции заради убедување на Европа и големите сили во ослободителниот карактер на борбата и барање на нивна помош;

- односот кон реакционерните сили и други прашања за кои ќе стане посебно збор.

Револуционерните агитатори знаеја дека нема револуција а уште помалку слобода за македонскиот народ ако не направат пресврт во неговите довчерашни сфаќања, ако не го запознаат со

---

* Ангел Динев, Илинденска епопеја I, Скопје, 1987 год. стр. 57

** Михајло Апостолски, Стратегија и тактика на Илинденското востание, Книга за Илинден, ц. д. стр. 81-109

./.

повисоките култури, ако не го извлечат од робската свест. Затоа започнаа организирана дејност за револуционерно будење на народните маси, а традициите од нашите предци беа основа на народното просветување. "Македонското име е славно, делата на нашите дедовци се големи... Срамно е за нас да ги гледаме нашите жени, сестри и ќерки да му слугуваат на бегот. Срамно е за нас, нам на македонските потомци на Богомил и Самуил - двете светли имиња на славната Јужнословенска епоха на нашата Македонска историја - да не ни се свива срцето кога пред нашите очи сејмените ја безчестат нашата челад. Треба да се разбудиме и да започнеме борба против оние што ни ја шмукаат крвта. Со молба ништо не се постигнува, се се постигнува со борба... И само преку вооружено општонародно востание ќе ги скинеме синџирите на ропството, ќе ги изгониме беговите и ќе си го редеме животот. Само борбата ќе не зачува од изродување и загинување како народ. Така се агитираше народот и се трасираше патот кон слободата. "Слободата ќе се извојува. Таа никому не му се подарува како дар." Ослободувањето на Македонија лежи во нејзиното внатрешно сенародно вооружено востание. Кој мисли поинаку, се лаже и себеси и другите. Помошта од надвор во никој случај не може да биде цел, а ако ја примат како средство, таа неминовно ќе им штети на интересите на нашето дело"* истакнуваше Гоце Делчев.

Во основата на револуционерната дејност на организацијата лежи поставката дека на народ кој е со векови понижуван, однародуван, обезличуван, без изградена национална и политичка свест, никој не може да му подари слобода. Затоа организацијата

* Ангел Динев, ц. д. стр. 30-31

ќе се зафати најпрво да изврши револуција во главите на народот, во неговите идеи и сфаќања, да ги осознае историските состојби по време и простор, сопственото постоење и перспективите на својата иднина како услов за чекорење по реалниот пат до неговото ослободување. Значи, прво беше потребна револуција во главите, а по тоа вооружена револуција. Без револуционерно културно движење "секоја напишана слобода останува само напишана, а секоја слобода дадена, а не свесно извојувана е безкорисна и непостојана."* Поаѓајќи од таквата постапка, организацијата немаше за цел да добие политичка автономија, туку целта беше политичка автономија на Македонија да се извојува преку револуција, најпрво населението да се доведе до политичко сознание, да го рашири својот умствен хоризонт и потоа да го организира за борба и постепено преминување на секоја пречка за создавање услови кој водат кон крајната цел.** Паралелно со револуционизирањето на народните маси течи и процесот на вооружување и создавање на материјални, организациони и други претпоставки за борба.

Огромно влијание врз развојот на ваквата револуционерна организација имаа македонските социјалисти. Преку нивното дејствување движењето ги инфилтрира во себе традициите на Француската буржоаска револуција и традициите на Европската социјал демократска ориентација. Иако основна програмска цел на социјал демократското движење во споменатиот период и воопшто е класната борба, ослободување на работничката класа, Македонските социјалисти фатија дека во застарените феудални односи во Македонија

* Д-р Александар Христов, ц. д. стр. 140

** Димо Хаџидимов, ц. д. стр. 194

./.

не се созреани условите за класна борба, И уште повеќе од тоа, тие сфатија дека без национално ослободување не може да има ослободување на потчинетата класа. Затоа на своето дејствување му даваат видни елементи на национална борба, влегуваат во редовите на организацијата и се борат како истакнати војводи, револуционери.*

Борбата за автономија на Македонија, тие ја збогатуваат со борба за национални, економски, политички и човечки права на народот. Се чини дури дека афирмирањето на непосредните економски интереси на поробениот народ, имаа пресудно влијание врз омасовувањето на движењето. Тие го учеа народот дека "револуцијата е дело на онеправданите, економски и национално потиснатите народни маси.** Особено е значајно настојувањето на социјалистите да ги обедини под револуционерното знаме сите народности, а тоа го прават пред се со давање на целосна рамноправност, со почитување на различните национални културни обележја, со национална толерантност и сл. Круна на нивните револуционерни погледи претставува Манифестот на Крушевската република. Манифестот е декларација за целите на Македонската револуција и ги изразува државотворните гледишта на македонските социјалисти за конституирањето на Македонската држава. Манифестот повикува на заедничка борба на експлоатираните понижувани и поробени народи, без оглед на нивната национална и верска припадност. Во него високо се изразени принципите на револуционерниот демократизам.

---

* Д-р Орде Ивановски, Јужнословенските социјалисти и Илинденското востание, Зборник "Илинден" - 1903, 1970, стр. 305

** Списание "Македонски вести" бр. 22/19, 06.1935 год. Софија - Проповеди на Веле Марков

Вака изразената суштина, идеологија и цел на движењето во неговиот почетен период претставува темелно искуство и појдовна основа при дефинирањето на стратегијата и целите на движењето во подоцнежниот развој. Прашањето за револуционеризирање на народните маси, за изградување на правилен став и однос кон средствата, начинот и целите на борбата е секогаш актуелно и секогаш при неговото разрешување се тргнувало од дадената општествена стварност, но и од историското искуство на народот. Во таа смисла идејните и практични искуства од почетокот на движењето имаат силен одраз врз одредувањето на стратегијата и целите на движењето во НОБ, а голем број на духовни принципи на борбата се наоѓаат во основите на современиот одбранбено-заштитен систем. И НОБ во Македонија, а и современиот одбранбен систем на РМ се базираат врз нашите историски искуства и сознанија дека одбраната е дело на народот но и дело за народот, дека моделот на народна војна е најпогоден за одбрана особено кога се работи за ограниченост во материјални и човечки потенцијали, дека за постигнување на максимална одбранбена моќ и вклучување на сите потенцијали во функција на одбраната, потребно е создавање на општествени претпоставки: богат (слободен) материјален и духовен живот, демократија, национални граѓански и други права на човекот и сл.

Вклучувањето на системот за колективна безбедност во остварувањето на одбранбено-заштитната функција на РМ, исто така има своја историска димензија, што значи дека и во минатото, субјективните сили на движењето рачунале на варијанта за помош од големите сили. За таа цел преземани се бројни дипломатски и други мерки за да се убедит Европа и големите сили во ослободителниот карактер на борбата, но помош сепак не е добиена. Ако средствата

формите и начините на кои во минатото се барало сојузништво, прифаќање на ослободителните цели од страна на големите сили и нивно помагање се различни во однос на денешните активности на тој план, тогаш идејата за да се добие помош, во основа е блиска и ја поврзува сегашноста со минатото.

## 2.2. Државотворни традиции

### а) Државотворни традиции во Кресненското востание

Првите зачетоци на идејата за ослободување на Македонија и за создавање на македонска држава ги откриваме во Кресненското востание од 1878 година.

Најавтентично сведоштво за државотворната вредност на Кресненското востание наоѓаме во Правилата на македонскиот востанички комитет, познат уште како Прв македонски устав. Со тој документ, во 213 точки востаниците силно ги изразуваат своите стремежи за ослободување на Македонија од турската власт, со јасна претстава за начинот, средствата и методите на ослободувањето и уште појасен поглед за државно правниот концепт за идната Македонска држава.*

Низ идеата за самостојна држава востаниците ги наоѓаат општествено-политичките, економските и културните рамки за слободен живот на македонскиот народ. Уставот предвидува цел систем на создавање органи на власта - од локални органи на самоуправување до судови и централна влада, со разни социјални и здравствени институции на ослободената територија и во земјата, во случај

---

* Види поопширно кај д-р Александар Христов, Создавање на Македонската држава, 1878 год., 1878, том I стр. 64 и 76

на победа на востаниците.* Покрај идеата за самостојна држава, значаен дострел достигнуваат погледите на востаниците кон други општествени прашања: социјалните прашања на востанатиот народ и нивното решавање низ аграрната реформа на чифлигарството, прашањето за меѓународните односи, односите со другите народности, национални малцинства, етнички групи во Македонија, одбранбено-заштитното организирање и т. н.

Посебно се драгоцени востаничките погледи за принципите за воспоставување на македонската востаничка војска, за обезбедување на масовност, мобилност заштита на востаничките активности за обврските за учество на граѓаните во востанието, за раководењето на востанието, финансиското и материјалното обезбедување, за моралните принципи и односи во борбата, вооружувањето и други мошне значајни идејни и практични искуства кои недвосмислено го изразуваат континуитетот на нашата државотворна и воена (одбранбено-заштитна) идеја и пракса.

Искуствата од овој период се разработуваат во документите и се применуваат во практиката на национално-ослободителното движење од Илинденскиот период, кога македонскиот народ и другите народности кој живеат на тој простор на поорганизиран начин, масовно ги поставуваат целите на своето национално и социјално ослободување.

### б) Државотворните традиции во Илинденскиот период (1893-1912)

Со формирањето на ТМОРО 1893 год. Македонското движење навлезе во една повисока фаза на својот развој која се карактеризираше со поголем степен на организираност и масовност во борбата

---

* Исто

./.

за национална и државна самобитност.

Основната цел на Организацијата беше "да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во борба за целосна политичка и национална автономија на Македонија за што е потребно да се руши турското ропство и да се отвори борба против шовинистичките пропаганди и национални караници што го обессилуваат македонското население во неговата борба против општиот непријател" (чл. 1 и 2 од Уставот на ТМОРО).

Базирана врз една прогресивна политичка платформа во која свој интерес наоѓаат сите слоеви и сили во општеството, организацијата со помош на една интензивна револуционерно-агитаторска дејност стана своина на најшироките народни маси. Паралелно со т. н. револуционерно културно движење, организацијата се зафати со разрешување на бројни прашања (материјално обезбедување на движењето, вооружување, создавање вооружена сила на востанието и други духовни и материјални подготовки) кои го отвораат патот кон оружена борба за ослободување.

Во решавањето на овие и низа други проблеми на народот, организацијата добиваше се понагласена улога на власт и држава така што дејствуваше како држава во држава, (презема мерки против теророт и криминалот што го спроведува турската власт, ги игнорираше турските органи и организираше бојкот на постојаната турска власт, го организираше собирањето на данокот, ги регулираше односите меѓу крепосните селани и турските феудални господари преземаше улога на судска власт и т. н.). Сето тоа придонесуваше за секојдневно зголемување на нејзиниот углед сред широките народни маси.

./.

- Организација на револуционерната власт во Илинденскиот период

Македонското револуционерно движење во Илинденскиот период, заради бројни субјективни, а пред се објективни општествени околности, не можеше да го заврши процесот на државотворното конституирање како што беше поставено во програмата на Внатрешната организација. Меѓутоа, воспоставените форми на власта и напорите на организацијата за создавање правни институции на новата држава, а посебно погледите на македонските дејци за државноправниот концепт на Македонија, оставаат траен белег во определувањето на натамошниот национално ослободителен развој.

Документите од овој период, а посебно Востаничкиот устав се пишано сведоштво за напорите на македонскиот народ за создавање на своја држава.

Според одредбите на Востаничкиот устав врховно раководно тело за време на востанието е главниот (генералниот штаб на востаниците). Тој е највисок орган на власта на востаничката територија, раководи со востанието и сите вооружени единици стојат под негово заповедништво. Уставот одредува дека Штабот за својата работа одговара пред Конгресот и ја утврдува постапката на неговото свикување. Штабот има и свои непосредни извршни органи - реонски началства кој раководат со востанието во својот реон. Востаничкиот устав разработува и видови на казни, начинот на изрекувањето на казните, обврските на востаниците и нивното држење (однесување) за време на востанието и слично.

Востаничкиот устав не разработува посебна организација на револуционерната власт, но органите на борбата истовремено се носи-

./.

тели на највисоката власт и низ самите востанички борби тие се трансформираат во органи на новата држава. Таквиот процес најсилно е изразен со прогласувањето на Крушевската република.*

Веднаш по ослободувањето на Крушево Штабот на Горското началство на чело со Никола Карев свикува собор на највидните граѓани на кој присуствуваат 60 делегати од сите националности во градот. Соборот избра претставничко тело како највисок орган на власта. За полесно извршување на своите функции избраното претставничко тело именува комисии како непосредни извршни органи: Комисија за снабдување и исхрана, Комисија за одржување на внатрешен ред и поредок, Комисија за облекло, Комисија за градежништво и хигиена, Комисија за финансии и ревизионо-финансиска комисија. За вршење на правосудните функции Претставничкото тело именува Револуционерен суд.

Вака организирана револуционерната власт во Крушево издаде повеќе значајни акти - наредби: наредба за национализација на сите претпријатија во градот од чие постоење и работа зависеше задоволувањето на основните потреби на неборечкото население и на востаниците, наредба за извршување на општ попис на добитокот во Крушево, акт за распишување на востанички данок и востанички заем, налог за реквирирање на сите бакарни садови и целиот бакар што се наоѓаше во домаќинствата и трговците, за потребите на леарницата за бојна опрема и манифест - декларација за целите и стремежите на востаниците, познат како Крушевски манифест.**

---

* Види поопширно д-р Александар Христов, Организација на власта на востаничката територија за време на Илинденското востание, Книга за Илинден, Скопје, 1969 год. стр. 109-118.

** Д-р Александар Христов, ц. д. стр. 120.

./.

Манифестот длабоко ги изразува стремежите за национална слобода и социјална правда и желбата за слободен човечки живот на сите потиснати без разлика на вера и народност.*

Крушевската република со својот краткотраен живот значеше материјализиран израз на ослободољубивите стремежи и потфати на македонскиот народ во тоа време. Проткајувајќи во себе силна стремеж за човекољубие, национална и социјална правда и еднаквост, меѓунационално толерирање и други хумани вредности, Крушевската република се издигна како вечен паметник и патоказ кон повисоките развојни етапи на Македонското движење.

Како конститутивен дел на револуционерната власт посебно внимание заслужува идеата и праксата во остварувањето на самозаштитата на востанието, за што ќе стане посебно збор.

- Државноправниот концепт за решавање на Македонското прашање по Илинденското востание

Темелејќи го своето натамошно револуционерно обликување врз поуките од Илинденското востание, внатрешната организација посебно ги прокламира принципите на сувереност и автономија, како нужност во ослободувањето од турската власт и антимакедонското влијание од Балканските соседи. Во тој правец посебно внимание заслужува меморандумот од главниот штаб на организацијата до големите сили со кој се бара востаниците да бидат признати како преговарачка страна, страна која војува, и Одлуките на Рилскиот конгрес од 1905 година каде посебно се поентира независноста и

---

* Д-р Орде Иваноски, Никола Карев, Скопје, 19____ год. стр. 24

./.

суверeноста на организацијата. Во Одлуките на овој Конгрес суверeноста на македонскиот народ не само што се среќава како идеја туку и како поим, како суверенитет на една политичка организација која сака да го спречи влијанието на балканските влади и другите надворешни и внатрешни антимакедонски влијанија и да извојува автономија за Македонија.

Поучени од искуствата на Илинденското востание и сообразени со дадената политичка реалност востаниците изградуваат, односно го продлабочуваат концептот за државнотворно конституирање на Македонија. Нивните погледи за решавање на македонското прашање се насочени кон создавање на пошироки регионални здружувања во кој Македонија би била рамноправен член. Во тој контекс посебно внимание заслужуваат идеите за решавање на македонското прашање во рамките на т. н. Источна федерација и идеата за создавање на федерална Македонија како федеративна единица на идна Балканска федерација.

Суштината на идеата за Источна федерација е низ Младоту рската револуција (во која левицата на ВМРО зема активно учество) да се изврши демократизација на турското општество, а Македонија да се формира како засебна федеративна државна единка во рамките на реформирана Турција. По зацврстувањето на Младотурскиот поредок, Федеративната партија на Јане Сандански истапи на политичката сцена и понуди свои видувања за идното живеење на македонците во услови на демократизирање на Турција. Со своите видувања, левицата на ВМРО сакаше да ја зачува Турција но истовремено и интегритетот на македонската територија. Во новиот турски парламент Македонската парламентарна група поведува иници-

./.

јативи "Турција да се изградува како парламентарна демократија со широка децентрализација и создавање обласна самоуправа, обезбедувајќи рамноправност и слобода на сите етнички групи."*

Идеата за Балканска федерација беше присутна уште пред идеата за Источна федерација, но посебно значење добива пред поделбата на Македонија кога низ федеративната опција за Балканскиот простор се настојуваше да се спречи македонската трагедија - поделбата на Македонија меѓу Балканските држави. Идеата за конституирање на Македонија како независна, самостојна државно-политичка единица во рамките на една Балканска федерација, инспирирана е од една општо прифатлива цел:

Прво, Македонија да се конституира како државна единица, рамноправна со другите членки на идната Балканска федерација и

Второ, државното конституирање на Македонија да стави крај на националните расправии и шовинистичките интереси на Балканските држави околу македонското прашање, а Македонија од арена на меѓусебни судири да постане обединителна алка на Балканот.**

Во рамките на нашето интересирање нема да навлегуваме во причините кој ги детерминираат ваквите концепти за државно конституирање на Македонија нити пак во причините кој предизвикаа не решавање на македонското прашање во мировните преговори по Првата светска војна, Меѓутоа, ваквите погледи се израз на политичката реалност, и на оптимален начин ги изразуваат интересите на Македонското движење и пошироките регионални интереси. Погле-

---

* Д-р Александар Христов, Историските традиции - драгоцено искуство, Нова Македонија, 8. август 1991 год.

** Д-р Александар Христов, Македонија обединителна алка на Балканот, Нова Македонија, 7. август 1991 год.

./.

дите за решавање на македонското прашање низ интегрирање на Балканските држави добиваат посебна вредност во денешната општествена реалност која се карактеризира со тенденции за државно преструктуирање на Југословенскиот, Балканскиот и Европскиот простор.

- Државотворноста во периодот меѓу двете светски војни

Како што е познато, Балканските војни и Првата светска војна, што во голема мера се одвиваат на територијата на Македонија и во врска со неа, на Македонскиот народ му донесуваат многу маки и страдања, но не и слобода. Наместо очекуваното решавање на македонското прашање врз принципите на самоопределување на народите, праведност, слобода и мир, со Букурешкиот мировен договор 1913 година, а подоцна со Парискиот мировен договор 1919 година, Македонскиот народ стана жртва на хегемонистичките и стратешко економските интереси на Балканските држави и големите сили. Иако илјадници македонци во војната против Турција учествувале како рамноправни сојузници на другите балкански војски Македонија е поделена меѓу соседните балкански држави. Санкционирањето на тројното распарчување на Македонскиот народ значеше срамна подршка на големите сили кон реакционерните балкански режими и безмилосната национална агресивност. Таквиот приод кон балканските проблеми не само што немаше миротворна ориентација и перспектива туку драстично ги зголеми антагонизмите на балканските простори и создаде нови жаришта за конфронтации на Балканот. Во такви услови за распарчениот Македонски народ започнува нова голгота со најрафинирани форми на терор и насилство - убиства, заплашувања, прогонувања, затворање, уценување и разни други морални и физички измачувања. Основната цел на таквиот зло-

./.

сторнички притисок е да се изврши национално обезличување и да се изврши национално обезличување и да се задуши борбата на Македонскиот народ за создавање на своја самостојна држава.

Во такви услови, позитивните традиции на Македонското революционерно движење во трите поробени делови на Македонија ги продолжува ВМРО (обединета). Во Мајскиот манифест од 1924 год. изнесени се основните програмски барања и цели на оваа партија: ослободување и обединување на раскинатите делови на Македонија во една наполна независност и самостојна политичка единица во нејзините природни географски и етнографски граници, демократизација на создадените Балкански држави и здружување во една Балканска федерација која единствено може да гарантира политичко постоење на независна Македонија и независност на другите балкански народи.

Во програмските документи кои следуваат и подоцна, јасно се истакнува дека "...ВМРО (ОБ) ќе води борба против разделувањето и поробувањето на Македонскиот народ и против сите форми на културно, социјално и економско ропство, за национално ослободување на сите делови на Македонија..."*

Во една декларација од 1935 година, во прилог на основната програмска цел, се истакнува дека Македонскиот народ има свое минато, сегашност и иднина не како крпка на империјалистичка Бугарија, Грција и Србија, туку како самостоен словенски елемент што ги има сите белези на самостојна нација која веќе со децении се

---

* Според Димитар Митрев, Пиринска Македонија во борба за национално ослободување, Скопје, 1950 год. стр. 243

бори за извојување на своите права на самоопределување до отцепување во самостојна државна единка.*

Врз државотворните погледи во споменатиот период, значајно влијание има и КПЈ. Се до 1934-1935 година, погледите на КПЈ по однос на македонското прашање се совпаѓаат со програмските определби на ВМРО - Обединета. Во 1935 година, Комунистичката интернационала истакнува дека главната парола треба да биде правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото да се оддели од поробувачките држави и да извојува обединување. Нешто подоцна, погледите на КПЈ по однос на македонското прашање ќе отстапат од интернационалните погледи. Имено, КПЈ ја истакнува паролата ,за издвојување на националните права и право на создавање своја држава и своја партија, во рамките на Југославија, како федеративна заедница на рамноправни народи. Ваквиот став се темели врз оценката на партиското раководство дека поради постојаните негативни услови меѓународната балканска ситуација - не е реално да се очекува да дојде до формирање на обединета Македонија, зошто треба да се менуваат три граници.* Дали и колку таквата оценка ја изразува објективната историска нужност и интересите на македонскиот народ, или е политизирана и детерминирана од други повисоки и туѓи интереси, е прашање со кое историјата сигурно дополнително ќе се занимава.

в) Државотворни традиции од НОБ (1941-1945)

Како што е познато, Македонското движење во НОБ беше дел од севкупната антифашистичка борба на прогресивните сили. Во борбата против фашистичките сили, Македонскиот народ ангажира сто-

---

* Исто стр. 244

** Спореди со Тошо Поповски, Македонското национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија, Скопје, 19__ год. стр. 99

илјадна војска, а на браникот на слободата положи дури 24.000 жртви.

Значи, НОБ на Македонскиот народ резултира со негово национално ослободување и создавање на своја национална држава. Со одлуките на АВНОЈ, Македонија се признава како посебна Федерална единица на Југословенската заедница, а врз основа на Првото заседание на АСНОМ, на 2. август 1944 год. се конституира и прогласи самостојната држава на Македонскиот народ. Тој чин имаше огромно меѓународно значење за Македонското движење, зошто прв пат во историјата на Македонскиот народ му се овозможува да создаде своја самостојна држава, рамноправна со другите членки на Југословенската федерација.

Од почетокот на нејзиното создавање до дезинтеграцијата на Југословенската заедница, националното обележје на македонската држава како и на другите единки на федерацијата добиваше различен интензитет што беше условен од развојот на концептите за федерализмот.

За разлика од Македонскиот народ кој успеал да се конституира како држава и да создаде услови за сестран национален развој, Македонците во соседните земји - Бугарија, Грција и Албанија останаа да живеат како национално малцинство без најосновните национални права, иако дадоа значаен придонес во антифашистичката борба. Преку сојузната дипломатија - Македонија правеше обид да го афирмира малцинското прашање сред меѓународните институции и да бара почитување на основните права на македонците во соседството, но очигледно напорите на Југословенската дипломатија не беа доволни, ниту пак постоеше основна желба кај соседните држави за решавање на тоа прашање.

./.

г) Иновирање на државотворните традиции

Со донесувањето на новиот устав на Република Македонија, Македонското движење навлегува во последната фаза од своето национално еманципирање и државотворно конституирање. Определбата на Македонскиот народ за создавање на своја суверена држава не е ниту туѓа или наметната, ниту од вчера, туку е плод на нашите историски стремежи и на оригинален начин го изразува континуитетот на државотворниот пат започнат уште во Македонско-Кресненското востание. Поконкретно, со најновата проекција за државниот развој на Македонија всушност се иновираат и облагородуваат вековните стремежи за слобода, за човечки права, за создавање на држава, за самобитност, за национална толерантност, за заеднички живот со другите народи и други општо-цивилизациски вредности. Од тука, може да се потенцира дека врз современата државотворна ориентација на Република Македонија, покрај другото, значајно влијание изразува државотворното историско искуство. Во контекст на прашањето за историските димензии на државноста на Македонскиот народ, посебно е важно да се напомене значењето на првите организирани институции и форми на одбранбено-заштитно дејствување, кои воедно се и први државни органи и воопшто први обиди и искуства во градењето на државниот механизам.

2.3. Традиции кон националностите, верата и религијата

Етничкото, верското, религиозното и воопшто културното шаренило на населението во Македонија во почетокот на 20 век било едно од посериозните прашања од чие разрешување зависеше успехот на ослободителното движење. И ако на статистиките немаше да им

./.

се верува, сепак само за илустрација: во тој период, во Македонија живееле вкупно околу 2.250.000 жители од кои 1.100.000 Македонци, околу 820.000 Мухамедани (од кои околу 500.000 Турци), 215.000 Грци, 130.000 Албанци, 80.000 Власи, 68.000 Евреи и др. Од тука, афирмирањето на националната рамноправност, почитувањето на националните традиции и националната толерантност, не беа само израз на хуманистичките погледи на движењето, туку тоа имаше и свое политичко и практично значење и преставуваше значаен елемент на ослободителното движење.

а) Традиции од Кресненското востание

Првите посериозни сознанија за значењето на мeѓунационалните односи како фактор на ослободителната борба ги среќаваме во револуционерната идеја и пракса на кресненските востаници. Свесни за тоа, востаниците предвидуваат бројни мерки за спречување на националната и верската омраза и нетрпеливост, за создавање на услови за заеднички живот без оглед на верска и национална припадност. Така, во востанието најстрого се забранувало ширењето на омраза на религиозна основа и поделеноста на националностите. Посебна заложба на востаничките сили е да се обезбеди личната и имотната сигурност на турците. Според Правилата на Македонскиот востанички комитет, месните власти - комитети се задолжени да водат строго сметка за запазување на турските имоти на Турците што не згрешиле со ништо кон востанието; православните се должни да ги почитуваат муслиманите и да не ги газат муслиманските обичајни права; од муслиманите што така се бара да ги почитуваат православните обичаи и да не вршат самоволија; безчестењето на верска установа-црква или

џамија се казнувало со смрт и т. н.*

Освен тоа, востаниците се залагаат и за соодветно интегрирање на националните малцинства во политичкиот и општествениот живот и нивно партиципирање во востаничките органи (органи на власта).** Тоа всушност значи дека идејата за заедништво не е присутна само декларативно, туку пред се во општествено-економските и политичките форми на живеење. Национално ослободителната идеаја на востаниците не е ограничена со национални и религиозни превези. Таа е инспирирана од стремежот за слобода и независност, национална и социјална еднаквост и правда, демократија и други категоријални вредности, својствени за најцивилизираните општества.

б) Традиции од Илинденскиот период

Во Илинденското востание, како пивисока развојна фаза на движењето, ова прашање исто така добива прворазредно значење. Во дел од востаничките и револуционерните кругови присутна е одредена тесноградост во поглед на ова прашање која се состоеше во неспособноста да се направи разлика меѓу турската власт и турското население кое беше исто како и македонското - потиснето и искористувано од таа власт. Дури и некои раководители на движењето не можеа да го сфатат ставот на Делчев дека борбата треба да се води само против отоманскиот систем на управување, а не против самиот турски народ.

---

* Види чл. 155, 156, 162, 163, 164 од Правилата на Македонскиот востанички комитет, Документи за борбата на Македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том I, Скопје 1981 год. стр. 256-257

** Исто, стр. 258, чл. 175, 178

./.

Како последица на таквата идејна ограниченост, се случувало одделни востаници - селани, едноставно од верска омраза да запалат турско село и на друг начин да го предизвикуваат турското население.* Од друга страна и турското население живееше со една заблуда наметната од турските властодршци дека револуционерите се разбојници и непријатели на турскиот народ, а големо влијание врз разгорувањето на националните и верските страсти и караници имаа и врховистите. На ваков начин, во прашање се доведуваше основниот принцип на востанието - масовноста.

Наспроти таквите деструктивни, шовинистички тенденции, во револуционерната организација доминираше ставот дека надминувањето на националната и верската нетрпеливост е основен, или барем еден од најосновните услови за успех на движењето. Нивните идејни погледи кон ова прашање најсилно се изразени во Уставот на ТМОРО:

> Чл. 1. Тајната македонско-одринска револуционерна организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција полна политичка автономија за тие две области.
>
> Чл. 2 За постигање на таа цел организацијата се бори да ги премавне шовинистичките и националистичките караници кои го расцепуваат и обесилуваат македонското и одринското население во неговата борба...

---

* Атанас Митрев, Илинденското востание, Книга за Илинден, 1969 година, стр. 23

./.

Афирмирањето на националната рамноправност, почитувањето на националните традиции и националната толерантност не само што беа израз на нивните хуманистички погледи, туку тоа имаше и свое политичко и практично значење и претставуваше значаен елемент на Македонското револуционерно движење. Спречувањето на националниот антагонизам на македонската почва беше воедно и брана за спротиставување на националистичките инфилтрации од надвор. Тој интернационализам организацијата го манифестира во тоа што таа во самата земја ги признава сите етнички групи. Нешто повеќе. Таа почитува секое национално чувство и секоја национална припадност на одредена група до колку сето тоа не претставува пречка за активно учество во Национално-ослободителното движење. Нејзе не и пречи нејзините членови да бидат добри патриоти и добри националисти, до колку тој национализам не ја негира потребата за з дружено учество на сите поробени етнички и национални групи во Македонија за извојување на национална слобода врз принципите што ги прокламира организацијата.

"Јас сум приврзаник на слободата на народот без оглед на националностите. Јас не сакам да угасне ниту едно немакедонско семејство. Ние сите сме синови на една иста ропска земја, робје на еден ист режим. Сме ги преживеале сите лишувања, маки и насилство заедно со другите нации во нашето долго робу вање. Да бидеме сега обединети во борбата заедно со нив... Работејќи на тој начин и меѓу сите народности, поставајќи ги под револуционерното знаме, давајќи им целосна рамноправност, не предизвикувајќи ги навредливо нивните традиции и толерирајќи ги ние ќе успееме во борбата."*

---

* Зборовите се од Декларацијата на револуционерот за агитационата проповед, прочитана од Н. П. Русински на 3. јуни 1903 година пред неговите четници.

./.

За организацијата не беше пречка ни различната црковна припадност. "Вашата црковна припадност не не интересира. Ние сакаме да станете членови на револуционерната организација и заедно со сите луѓе посветени на делото, да се бориме за отстранување на беговско-османскиот ред и да ја искористиме автономијата на Македонија за благосостојба на сите Македонци без оглед на верата и народноста."*

Во завршниот збор на Смилевскиот конгрес, Даме Груев ќе истакне: "Турчин или христијанин, сеедно, ако не пречи, ако не прави зло ни влакно не смее да падне од неговата глава." Оваа мисла беше еден вид сериозно предупредување кон сите членови на револуционерната организација да не прибегнуваат кон било каква одмазда, а особено кон мирното турско и друго муслиманско население.

Хуманиот однос кон неборечкото турско население дојде до посебен израз по основањето на Крушевската република. Така, "Жените и децата од турското население во градот беа собрани во една куќа пред која беше поставен стражар." Тие не само што беа заштитени туку за нивното нормално живеење, вклучувајќи ја пред се исхраната, се грижеше револуционерната власт.

За големата грижа кон турското неборечко население постојат поголем број конкретни примери. Кога еден востаник, на пример, го извести претседателот Никола Карев дека заробил неколку турци - овчари, тој строго му проговорил:

"Кој ти нареди и кој ти одобри да го правиш тоа?... Ќе се вратиш, ќе ги ослободиш овчарите, ќе им речеш да си ги престанат стадата. Освен тоа ќе им се извиниш на луѓето и бездруго ќе им

---

* А. Динев, Илинденска епопеја, 1987 год. стр. 77

./.

објасниш дека комитите и востаниците не се разбојници и ограбувачи на населението, а се такви, кои се борат за слобода на сите луѓе без разлика на народност и вера."*

Круна на стремежите за национална слобода и социјална правда и желбата за слободен човечки живот на сите потиснати без разлика на вера и народност - претставува декларацијата за целите и стремежите на востанието или т. н. Крушевски манифест.**

Каков беше ефектот, одзивот и значењето на манифестот, најдобро покажуваат зборовите на турскиот началник на гарнизонот во Крушево... "Напразно сме гледале во Вас разбојници. Вашата цел е голема и Вашата борба е смислена. Напред по овој страшен но славен пат по кој сите народи ја постигнале слободата."

Ваквиот приод на револуционерната организација кон меѓунационалното прашање, овозможуваше најпрво неутрализирање на меѓунационалните караници, а потоа и нивно сојузништво во борбата против заедничкиот непријател. Така, верни членови на организацијата станале не само Македонци и Власи, туку иако поретко и Албанци, Турци, Грци, Евреи како и лица од други народности.***

Идејните и практичните искуства во градењето на меѓунационалните односи од овој период, наоѓаат силен одраз во настојувањата на политичките сили во НОБ, а и денес, да обезбедат заедништво и сожителство со сите што живеат во Македонија.

---

* Д-р Р. Дамјаноски, Воените искуства на Македонскиот народ, Вечер, 18 јуни, 1993 год.

** Д-р Орде Иваноски, "Никола Карев" стр. 24

Во пораките кон мирното турско население во Манифестот се вели: "Ние не кренавме пушка против Вас. Тоа би било наша срамота. Ние не востанавме против мирниот, трудољубив турски народ што се прехранува како и ние со крвав пот - тие се наши браќа и со нив сме живееле и сакаме пак да живееме."

*** Тодор Симовски, За учеството на народностите во Илинденското востание, Книга за Илинден, 1969 год. стр. 190.

в) Традиции од НОБ

Како што внатрешната организација ги повика да се сплотат во едно цело сите потиснати народи во илинденскиот период, така и во НОБ Македонскиот народ и народностите беа повикани да се обединат. Ценејќи дека единството е најсилното оружје и најзначајниот фактор на НОБ, прогресивните сили бараа од народностите да му подадат братски раце на Македонскиот народ и да станат алка во синџирот на светската борба... "И денес, како и 1903 година, Македонскиот народ ве вика да се дигнете сите против општиот непријател" - се вели во Илинденскиот проглас од 1942.*

Во духот на Крушевскиот манифест кој најавтентично ја изразува традиционалната соработка, повикани се Турците, Албанците и Власите да создадат единствен фронт со Македонците, потенцирајќи при тоа дека само со заедничка борба може да се извојува слобода. "Сите вие без разлика на вера и народност се дигнавте против заедничкиот враг - Отоманската империја... тогај, и уште а против фашизмот сега, против првиот сте се бореле, а против другиот треба да се борите"**... "И денеска како и во 1903 год. Македонскиот народ ве вика да се дигнете против општиот непријател. Сите вие Турци, слободољубиви Албанци, Власи, Евреи, со братска слога со Питугулиевска крв во жилите тргнавте заедно со Македонскиот народ за нов Илинден и вечно Крушево - отфрлете го јаремот на фашистичкото робство од вашата општа татковина Македонија."***

Анализата на национално-ослободителната идеја и пракса од НОБ, а посебно во поглед на меѓунационалните односи, покажува дека идејната основа за нивно решавање извира од искуствата на

* Извори за ослободителната војна и Револуцијата во Македонија 1941-45, Скопје, 1968 год. Том I, книга 1, стр. 121

** Исто стр. 50

*** Исто стр. 121

нашите претходници. Речиси и да не постои проглас, манифест, соопштение, или друг вид на обраќање кон народот, а при тоа да не се нагласи традицијата, да не се оживеат идеите на Крушевскиот манифест, Крушевската република и сл. На тој начин, врз доблесокот на искуствата и поуките од минатото, се градеше сознанието за неопходноста од заедништво во борбата против фашистичките сили.*

Кога зборуваме за континуитетот во разрешувањето на ова прашање, треба барем да споменеме дека значајно внимание му е посветувано и пред и по НОБ, а посебно во периодот на осамостојувањето на рМ кога од бројните понудени опции за меѓунационалното прашање, народот ги прифатил оние, кои во себе го инфилтрираат духот на нашето искуство низ вековите. И уште повеќе од тоа, Македонското национално ослободително движење низ целата историја е ослободено од меѓунационалната омраза и не е оптеретено со меѓунационални воени судрувања, колективно насилство и сл. Историското сожителство на Македонскиот народ со народностите во Македонија, и како факт и како колективна меморија има значајно влијание врз одржувањето на меѓунационалните односи, денеска се изразува како свест дека тие односи се столб на мирот, безбедноста и стабилноста на Македонија. Во контекс на ова, треба да се напомене дека негувањето на оваа традиција на историјата беше најсилната брана што го спаси македонското општество од меѓуетничка војна, односно меѓунационалните судири се избегнати зошто тие немаат корени во нашата историја.

Негувањето на верската и религиозната специфичност е еден од најзначајните начини на заштита на македонскиот национален идентитет, на неговото културно опстојување низ вековите. И верата и црквата беа, брана (начин на заштита) од процесот на исламизирање

---

* Д-р М. Тодоровски, Илинден и ослободителната војна на Македонскиот народ во периодот 1941-44 год. Илинден 1903, 1970 г. стр. 635

./.

на македонците, на асимилирање од страна на соседните држави и сл. Од тука, правото на слободна вероисповест и религиозна припадност е едно од основните начела на Македонското движење. Во овој контекс треба да се напомене дека во периодот на т. н. социјалистичка револуција (од 1945 год. па до скоро) религијата, како дел од културата на народот имаше второстепено значење, заради атеизмот во комунистичките погледи, но исто така треба да се има во вид дека општествениот однос кон религијата не беше така груб, како во другите социјалистички земји, каде што се рушеа религиозни објекти, религијата се забрануваше со декрет и сл. Возобновувањето на верските традиции денес, покажува дека за разлика од идеологиите и политиките кои победуваат и паѓаат, кои се променливи и непостојани, традициите остануваат како релативно трајна вредност, давајќи му прогресивен белег на времето минато и благотвор на сегашноста и иднината.

## 2.4. Традиции во воеНото организирање

Во воената компонента на национално-ослободителното и револуционерно движење наоѓаме огромно искуство, вредно и значајно за посуштинско поимање на феноменот на вооружен народ и водењето на народна војна.

Во воеНото искуство на нашето движење исто така наоѓаме драгоцени сознанија за воено-одбранбеното организирање на малите и средните народи во современи услови, чија одбрана се потпира врз силите на сопствениот народ.

Расфетлувањето на воените искуства на движењето е детерминирано од две мошне значајни потреби:

- прво, да се согледа континуитетот на одбранбено-заштитното организирање на Македонскиот народ, историските корени и генеза на системот за одбрана на Македонија и

- второ, да се утврдат објективните можности и потреби од аплицирање на тие искуства во теоријата и практиката на современиот одбранбено-заштитен систем.

а) Традиции во военото организирање од Кресненското востание

Првите теоретски и практични обиди за организирање на одбранбено-заштитни сили, односно за конституирање на македонска војска ги наоѓаме во искуствата на Кресненското востание. Посебно внимание привлекуваат напорите на востаниците да го регулираат устројството, организацијата и односите во македонската војска. Така, во Воените правила за македонската војска се истакнува дека:

"Во востанието учествуваат луѓе од самата Македонија кој се чувствуваат македонци и ја сакаат слободата на својата татковина" (член 2).

"Во востанието можат да учествуваат и сите македонски жители без разлика на вера и народност, стига да ја сакаат слободата" (член 3).

"Македонската востаничка војска освен од редовни востанички сили се состои од целото македонско население во ослободените и неослободените краишта, па секој на некаков начин е македонски војник; машко или женско, стар или млад, должен е колку што може и со што може да го помага востанието" (член 82).

Од содржината на овие членови произлегува дека македонската востаничка војска е составена од редовна-постојана востаничка војска која е активна и претставува основна маневарска сила на востанието и од војници востаници организирани на територијален принцип - по селата, еден тип просторна територијална војска која активира според потребите на воената ситуација, односно по налог на Востаничките комитети.

Ова претставува квалитативно нов и оригинален начин на организирање и дејствување на "вооружениот народ" во тогашна Европа, искуство што е сосема блиско до денешното воено-одбранбено организирање на нашата земја.*

Одбранбено-заштитното организирање на востанатиот народ се изразува како конститутивен дел на востанието, како своевиден систем со јасно утврдени функции. Востаничкиот устав го одредува начинот на раководењето со востанието, правата и обврските на селаните во востаничкиот отпор, основните принципи на однесување на востаниците кон месното население, однесувањето на востаниците во борбата и други односи, а за секое однесување спротивно од востаничките интереси се предвидуваат строги казнени мерки.

Востанието е раководено од Македонскиот востанички комитет. Единствено тој го има народниот суверенитет да го преставува востанието пред меѓународната јавност и да одлучува за судбината на востанатиот народ. Преку градските и месните востанички комитети, преку војводите и други локални органи на раководењето Комитетот е задолжен "да го обезбеди селото со резервна храна, која ќе ја стави на располагање на македонската војска при ослободувањето на селото" (член 85), да приготви списоци на сите селани што ќе стапат во редовите на македонската востаничка војска, да се грижи за вооружувањето на селото купувајќи оружје по тајни канали надвор од ослободената територија, во загрозените села да обезбеди евакуирање на населението неспособно за борба, да обезбеди услови за живот на населението во збеговите, да обезбедат разузнавање и контраразузнавање, курирска и друга врска меѓу органите на раководење, да се грижат за одржување на заедништвото и т. н.

---

* Д-р Т. Гоцески, Одбраната на Македонија, Скопје 1991 година, стр.

Востаничкиот устав предвидува законско правно (задолжително) учество во востаничката војска, на сите селани кој можат да носат оружје. За "селанец кој што ќе откаже да учествува во битка на повик од Востаничкиот комитет - ќе се казнува со смрт. Покрај тоа во Востаничкиот устав се предвидени и други обврски на селаните: за обезбедување на престој на востаничката војска во селските домови, материјално обезбедување на востанието и сл.

Честа, моралот и достоинството на Македонската востаничка војска се издигнуваат како највисока вредност, а нивното загрозување е санкционирано со најстроги казни, а во потешки случаи и со смрт.

Посебно внимание привлекуваат мерките за самозаштита на востанието. Заради нивно најавтентично прикажување, правиме избор на одр дбите од правилата посветени на самозаштитното организирање.

> "...Секој предавник и шпиун, каков и да е и од каде и да е, ќе се гони и од како се фати, по завршената истрага со мачење ќе се убива" (челн 14).
>
> "Секој христијанин и мухамеданец: македонец, турчин, арнаут, влав и друг, кој што ќе се покаже како противник на востанието и на востаниците ќе се гони и, од како се фати, ќе се казнува соодветно" (член 15).
>
> "Во секое село се создава селска комисија од три члена, која ќе има задача сите способни селани за оружје да ги знае каде се движат и секогаш да ги повикува во македонската војска со оружје, ако за тоа стане потреба. Да нема поткупи и да не се ослободуваат луѓето преку поткупување на комисијата. Кој ќе се фати да прима мито, ќе биде стрелан заедно со тој што го дава митото" (член 24).
>
> "Татковски долг е, секој македонец што и да разбере за непријателот а е во полза на востанието, да го соопшти веднаш на старешините на Македонската востаничка војска" (член 79).
>
> "Секој кој што ќе се сретне со познат од неослободените краишта, и го знае како чесен и поштен, да го распраша за се што е корисно за Македонската војска: воената сила на непријателот, вооружувањето, расположението, злосторствата и сл. веднаш да го пренесе чуеното до најблиската воена чета" (член 80).

./.

"Кој разбере важни вести во интерес за Македонската востаничка војска, а ги задржи за себе или ги прикрие, за што подоцна ќе се докаже, ќе се унакаже како предавник на Македонското востание" (член 81).

Во поглед на одбранбено-заштитното организирање на востанието, врз основа на револуционерната мисла и пракса во овој период се доаѓа до следните научни сознанија:*

Прво, основите на самозаштитата во Македонија се дел на конституирањето на широкото демократско и револуционерно движење и развитокот на борбата на Македонскиот народ за негово национално и социјално ослободување.

Второ, колку што е досега познато, основно втемелување на самозаштитата во Македонија дадено е во Правилата на македонскиот востанички комитет од 1878 година, кои претставуваат и Устав на востанието.

Трето, во Правилата се дадени основите на военатa организација на македонската војска, организацијата на безбедносните и самозаштитни активности како во поглед на содржината на револуционерните вредности, така и во поглед на силите кои ги загрозуваат тие вредности, и

Четврто, сето тоа се разработува во документите и се применува во практиката на револуционерното ослободително движење од илинденскиот период, кога Македонскиот народ и другите народности кои живеат на тој простор на организиран начин, масовно ги поставуваат целите на своето национално и социјално ослободување.

---

* Според д-р Јордан Спасески, Општествена самозаштита, Скопје, 1985 година, стр. 20

./.

б) Военото организирање како традиција во Илинденскиот период

Посебно се инспиративни искуствата во создавањето, развојот и функционирањето на воената организација во Илинденскиот период. Како резултат на сознанието дека ни едно прогресивно револуционерно движење не може да ги оствари своите основни цели, доколку не располага со сопствени вооружени сили, со сопствена револуционерна војска, револуционерната организација уште од почетокот на нејзиното постоење го поставувала прашањето на воената организација на востанието. При тоа како детерминанти во изградувањето на воената организација се јавуваат претходните воени искуства на Македонскиот народ и другите народно ослободителни движења, и конкретните општествено-економски, политички, социјални и други услови.

"Појавата на револуционерните чети на ТМОРО преставувала необично важен настан во постојаниот растеж на РЕволуционерната организација зашто тие постепено прераснувале во воена сила на организацијата, во народно-ослободителна војска која заедно со селската милиција веќе била во состојба да го заштитува мирното население"...

Во организациската структура на четите биле развиени следниве состави:

а) селска чета - како основна мобилизациска сила во селото;

б) околиска чета како основна борбена и маневарска единица во рамките на секој револуционерен реон;

в) "центрови" чети како маневарски единици за координирање на активностите на највисоко ниво, односно на ЦК и

д) инспекторски чети*

---

* Д-р Ристо Дамјаноски, Востаната Македонија, Скопје, 1990 год. стр. 105

Се претпоставува дека во Македонија имало околу 700-800 чети, кои ја покривале целата територија. Ваквата воена организација создавала поволни услови за мобилизирање, организирање и развој на вооружените сили (чети) и на вооруженото востание во целина...

Според одредбите на Востаничкиот устав врховно раководно тело за време на востанието е главниот (генералниот штаб на востаниците). Тој е највисок орган на власта на востаничката територија, раководи со востанието и сите вооружени единици стојат под негово заповедништво. Уставот одредува дека Штабот за својата работа одговара пред Конгресот и ја утврдува постапката за неговото свикување. Штабот има и свои непосредни извршни органи - реонски началства кој раководат со востанието во својот реон. Востаничкиот устав разработува и видови на казни, начинот на изрекувањето на казните, обврските на востаниците и нивното држење (однесување) за време на востанието и сл.

Покрај Востаничкиот устав, раководењето, структурата, задачите, тактиката на дејствување и други прашања биле поцелосно разработувани во другите нормативни акти на организацијата: Правилник за четите, Упатство за четите, Правилник за селски чети и др.

Бидејќи немаме претензија подлабоко да ја анализираме и презентираме воената организација на тМОРО, треба да се нагласи дека во воената идеја и практика од тој период, адекватно на тогашните прилики присутни се богати искуства и интересни решенија во поглед на: концепцијата за формирање на воените единици (четите) за нивно раководење, за стратегијата и тактиката на нивното дејствување, правно-нормативните регулативи, организационо-формациската структура, задачите, раководењето, човечкиот состав, востаничката обука и тактичко-оперативните работи, информативно-пропагандната дејност и др. прашања значајни за одбранбено-заштитната функција

./.

на востанието.*

Како конститутивен дел на револуционерната власт посебно внимание заслужува идеата и праксата во остварувањето на самозаштитата на востанието. Како што веќе напоменавме, основната цел на движењето е политичка автономија на Македонија, а субјективниот фактор кој треба да ја реализира поставената цел е ТМОРО. Дадената политичка реалност која се карактеризира со сложен сплет на внатрешни и надворешни околности кој го загрозуваат и го поместуваат тежиштето (македонското битие) на движењето, нужно продуцира потреба од самозаштитно организирање на востанието, кое во случајов се јавува како своевиден систем во кој јасно се определуваат следните елементи:

Прво, основните вредности на движењето кој треба да бидат предмет на заштита: (Револуцијата) делото како средство и начин преку кој ќе се реализира идејата и целите на Движењето, македонското население и сите други кои живеат на територијата на Македонија и Одринско, кои се под турско ропство, а кои не се против делото, без разлика на својата верска и национална припадност, политичката автономија - ослободувањето на двете области - Македонија и Одринско, тајната македонско-одринска револуционерна организација како субјективен фактор за водење на Револуцијата, сите поединци кои му служат на делото и сите материјални добра кои служат или можат да му служат на делото (особено: оружје, пари, храна).

Второ, изворите и силите кој се јавуваат како фактори што ги загрозуваат основните вредности (турската власт, сите организации и поединци од земјата и странство кој ја помагаат турската власт, непријателската активност од соседните држави, активноста на големите сили насочена против делото и домашните предавници).

---

* Види поопширно: Д-р Р. Дамјаноски, ц. д. стр. 93

Трето, основните организациони форми на системот на безбедност, (тајна полиција на организацијата, селска милиција и сл.).

Четврто, основните принципи на делување на субјективните сили кој го остваруваат тој систем (тајната полиција) своите задачи ги извршува со вградување на специјално подготвени лица во непријатеслки средини, со киднапирање, следење и увид на лица, со воспоставување на тајна пошта, шифри во архива, пресметување со шпиуните, извршување на казните и сл. Селската милиција ја сочинуваат вооружени селани кои имаат за задача да го заштитуваат селото од напади, да даваат помош на постојните чети до колку водат борби во близина и сл.*

в) Традиции во военото организирање на НОБ

Прашањето за военатa организација, односно за создавање на вооружени сили, односно македонска војска во НОБ беше едно од клучните прашања на антифашистичката борба во Македонија.

Како што е познато, во април-мај 1942 год. во Македонија се формираа првите партизански одреди - Битолскиот, Скопскиот и Велешкиот, а нешто подоцна беа формирани уште неколку одреди. Ваквите единици беа способни пред се за помали акции од партизански тип, за диверзии, атентати и сл. Бидејќи за успех во борбата со окупаторот беше потребна воена организација способна за изведување на посложени борбени дејствија, во средината на 1943 год. се формираа првите баталјони, а кон крајот на годината и првата бригада, а во август-септември 1944 год. од голем број на новодојдени борци се создаваа дивизии и корпуси.

Во завршните операции во НОВ на Македонија се наоѓаа дури 66.000 борци кои ја ослободија земјата од туѓи освојувачи.

---

* Види поопширно кај проф. д-р Јордан Спасевски, Општествена самозаштита, Скопје, 1985 год., стр. од 21-34

Иако првите партизански одреди се појавија во соема по-
други услови и со подруга улога од колку четите на ВМРО, сепак основната задача им беше заедничка - ослободување на народот во Македонија. При тоа, искуствата од Илинденскиот период изразени како вештина на војувања, како храброст и саможртвеност и други позитивни искуства на воената организација од тоа време, како дух и практика се вградени врз севкупноста на военото организирање во НОВ, а посебно во мобилизирањето на воената сила и во одржувањето на борбениот дух. Така, во октомври 1941 год. сите соеви од Македонскиот народ беа повикани да влегуваат во партизанските чети за да го продолжат започнатото дело на Делчев, Тошев и другите. Првите партизански одреди ги носеа најславните имиња од Илинденската епопеја. И конспиративните имиња меѓу борците во НОБ најчесто беа поврзани со имињата на највидните илинденски дејци. Во подигањето на револуционерниот дух и за запознавање на партизаните со тактиката на четите на ВМРО мошне често биле во употреба спомените на попознатите војводи и раководители на организацијата. Така во одредот "Јане Сандански" во 1942 год. биле читани спомените на Алексо Стефанов. Борците се воодушевувале од херојството на Ордан Пиперката и други јунаци.* Во духот на нашата борбена (воена) традиција, вообичаените Народно-ослободителни одбори во Македонија се нарекувани како НО комитети и сл. Бројни настани од животот на партизаните се поврзани со борбениот дух од минатото. Речиси и да не постои приредба без навраќање на спомените од Илинден, светлите датуми од минатото биле почесно одбележувани, Првото заседание на АСНОМ е одржано на 2. август - денот кога започнало Илинденското востание. Овие и низа други форми и содржини на животот во НОВ во Македонија ја изразуваат нераскинливата поврзаност на Илинден - 1903 со

---

* Стенографски белешки од преживеаните учесници во одредот "Јане Сандански", ракопис во ИНИ

Илинден - 1941 год. Сигурно, прашањето за оживотворувањето на воените традиции во НОБ и за нивното значење како извор на морална сила, воjничко и друго искуство е покомплексно и заслужува далеку попродалбочен пристап. Но во секоj случаj можеме да констатираме дека и во воеността организирање на Македонскиот народ за остварување на своите цели, постои континуитет коj се изразува низ повеќе нишки, пред се на духовно поврзување со минатото. Искуствата од минатото, а посебно од илинденскиот период преставуваат непресушен извор на инспирациjа за развивање на Народно-ослободителната борба. Тие искуства низ колективното памтење на народот, и низ непосредното учество на илинденските борци се втемелиjа во основите на Народно-ослободителната борба на Македонскиот народ.

Следеjќи ги традициите на Македонскиот народ во воеността организирање од аспект на современиот концепт за одбрана на РМ, посебно е значаjно да се одбележе фактот:

- дека македонската воена организациjа никогаш не загрозила туѓи интереси;

- дека Македонскиот народ никогаш не е вклучен во воен соjуз со коj се загрозуваат интересите на други земjи или соjузи;

- дека заштитата на основните права на народот е основната цел на воеността организирање;

- дека секогаш било на страната на прогресивните сили и давало своj придонес и т.н.

## 2.5. Традиции кон оружjето

Паралелно со револуционизирањето на народните маси, започнува и процесот на вооружувањето, зошто оружjето беше единствено ефикасно средство со кое можеа да се материjализираат слободољубивите идеи и да се скинат синџирите на вековното ропство. Иако

вообичаено се вели дека оружјето не пука само, сепак тоа имало огромно позитивно влијание врз подигнувањето на слободољубивоста и борбеноста на народот, односно врз борбениот морал.

Според зборовите на Ѓорче Петров вооружувањето требаше да му помогне на македонското население да ја прегрне идеата за слобода добиена преку оружена борба. "Масата не ги сака одвлечените идеи, кој не можат да ја топлат и хранат. Таа сака да ги види тие идеи во материјален лик. Оружјето како реален израз и симбол на идеата за оружена борба, требаше да го убеди населението дека зборовите не се игра за идеи, туку се придружени со сериозни намери за работа. Без него не беше можно да се разбуди во масата жив интерес со интузиазам за работа. Организацијата доби реална вредност во очите на членовите кога почна да набавува оружје кое во почетокот имаше повеќе морално и воспитно значење, отколку практична преднамереност."* Вооружувањето на организацијата го подигна чувството на сигурност во очите на обесправениот народ и помогна во материјализирањето во апстрактната идеја за револуционерната преобразба.

Организирањето на набавката, пренесувањето, складирањето, одржувањето, евидентирањето и други активности за вооружување биле во надлежност и под контрола на Организацијата.

Гледајќи во оружјето - средство за нивната сигурност и слобода, народот забрзано ја прифати идејата за вооружување. Но со оглед на лошите материјални услови кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, процесот на вооружувањето беше сложен и тежок. Материјални извори за набавка на оружје се користеа од разни извори, но основен и најважен извор на средства за вооружување беше народот со свои доброволни прилози. Подготвувајќи го Македонскиот

---

* Д-р Гане Тодороски - Ѓорче Петров, Скопје, 1968 год. стр. 18

./.

народ за востание. Организацијата развила голема агитација за обезбедување на материјални и финансиски средства за купување на оружје. Покрај многубројните активности насочени во овој правец, интересно е да се одбележи дека Организацијата отишла до таму што ги советувала македонските семејства да не прават големи издатоци во парични средства, за свадби, празнување на домашни празници, носење на богата облека, крштевање и др. Укажувањето на потребата од штедење имало за цел да се овозможи издвојување на средства за набавка на оружје и за друго што било нужно за ефикасно дејствување на организацијата.*

Покрај тоа што за вооружувањето, се оделувало со откажување од основните животни потреби, што би рекол народот кинело од устата, имало и такви примери кога жените се откажувале и од своите скапоцени накити, во полза на ослободителното движење.**

Според некои документи, во ресенскиот крај пак за да не се трошат пари за нарамниците од пушките, жените ги дале своите појаси или дел од појасите кој биле составен дел на секојдневната облека.

Покрај добротворните прилози, потребните финансиски средства за набавка на оружје, муниција и друго се добивале пред се од членски влогови, потоа со оданочување на богати луѓе, со наложување посебни даноци за свадби, на домашни денови, за раѓање, за крштевки, издавање на комитски марки и сл.

Начини за доаѓање до оружје имало повеќе: набавување во странство и префрлување во земјата преку посебни тајни канали,

---

* А. Кецкаров. Из . споменит ми по революционното движение в Охридско Ип. "Илинден", София, 1930, III книга 10, стр. 2

** Р. Дамјаноски, ц. д. стр. 155

./.

одземање оружје од Турците (војската и другите лица кои по разни основи се вооружени); изготвување оружје посебно муниција и експлозивни средства во работилниците на организацијата и сл.

Оружјето било префрлувано со коњски каравани што ги придружувале Македонци, членови на тМОРО и водачи од разни народности (Турци, Албанци и Грци) кои ја вршеле таа работа за пари. Караваните се движеле ноќе и понастрана од главните комуникации. При пренесувањето на оружјето се применувале разновидни форми на маскирање.* Особено се богати формите во кои населението земало учество во пренесувањето на оружјето.

Така, се инсцинирала умирачка. Околу мртовечкиот сандак натрупан со цвеќиња гореле свеќи, а свештеници читале молитва. Погребната поворка минувала дури и низ најпрометните улици, а во сандакот всушност се наоѓал покриен со цвеќиња жив војвода или оној кој требало да биде префрлен од едно место во друго или оружје. За префрлување на оружје се импровизирани и свадби, правени се коли со дупло дно и сл.

Пренесувањето на оружјето низ населените места се вршело најмногу со помош на жените. Така, жените под долги фустани, наметнати со пелерини, скришум ги пренесувале пушките, а фишеците во ѓумови за вода и друго, револверите во рулци направени како мали деца и на др. начини. Со каква одговорност и саможртвованост биле ангажирањата на народот во пренесувањето на оружјето најдобро зборува случајот со Ташка Митрева која имала само едно дете и тоа многу болно, но го оставила детето кај соседите и отишла да пренесува оружје, а кога се вратила, веќе го нашла умрено единственото дете. Во врска со овој случај иако со солзи на очите Ташка рекла: "Ако умре-умрело што да праиме. Малку ли браќа умираат онаму!" и со раката покажала во правецот на борбите.

./.

Кога е во прашање вооружувањето, присутен е стремежот на народот на сите можни начини да го помогне тој процес.

Приврзаноста на народот кон оружјето се развивала како резултат на омразата кон ропството и желбата да се извојува сопствената слобода. Затоа кога зборуваме за традициите во поглед на оружјето, треба посебно да се нагласи дека во рамките на македонското ослободително движење, тоа секогаш било во функција на заштитата. Во нашата национално-ослободителна историја се уште не е забележано примена на оружјето во било која друга цел, посебно за загрозување на други интереси.

И уште повеќе од тоа, дури и во обезбедувањето на сопствената слобода и основните права, оружјето е применувано како израз на крај на неопходност.

Од тука може да се констатира дека нашиот однос кон оружјето не е ниту пацифистички, ниту милитаристички, туку ја изразува реалдната состојба во која живееме. Тоа значи дека иако основата на нашата одбранбена политика е мирот и слободата да се остварат по мирен пат, со демократски средства, преговори и други видови културно комуницирање, сепак оружјето останува како еден од начините за одбрана на нашата национална чест, слобода и достоинство иако на последно место, односно кога ќе ни биде наметната оружена борба.

2.6. Слободарството и непокорот како традиција

Вечната борба за национална самобитност и слобода, условиле слободарскиот дух длабоко да се врежи во свеста на Македонскиот народ.

Во народното паметење на своето минато, слободата е сврстена во редот на највисоката вредност, а борбата за слобода како

највисока обврска на поединецот кон татковината, но и обврска достојна за народна почит. Од друга страна ропството како состојба на народот, го побудува македонскиот непокор, го повикува народот да тргне во борба и по секоја цена, вклучувајќи го тука и човечкиот живот да дојде до слободата, зошто таа слобода е извор на личната и националната чест и достоинственост. Да се живее пак без самопочит и почит кон сопственото национално битие и без достоинство е исто како да се живее без дух и душа. Затоа борбата за слобода е без компромисна, без алтернатива. Тоа посебно го изразуваат бајраците под чија развиореност се брануваше македонскиот слободарски дух како борба за слобода или смрт, за слободна Македонија, за која се бориме, за која ќе умреме, како борба за слобода на народот и смрт на фашизмот, како борба до конечна слобода, зошто како што искуствата на нашиот народ ни порачуваат, подобро е јуначки да се умира од колку робски да се жовее.

Во суштина човекот и човековиот живот се највисока цивилизациска вредност, но кога е во прашање борбата за слобода на Македонскиот народ, тогаш слободата како вредност се надвишува над самиот човек, зошто неговото постоење има само слободно битие. Од тука полагањето на бројни жртви пред олтарот на слободата е чин на вечна слава и памтење, чин достоен за почит, за поука и пример на идните генерации.

## 2.7. Традиции кон борците и хероите

Во паметењето на Македонскиот народ, борците и хероите се носители на највисоки и морални вредности на национално-ослободителното и револуционерното движење. Борецот е симбол за љубовта и верноста кон татковината, за љубовта кон слободата и правдата, за спремноста на поединецот да се идентификува со интересите на

./.

општеството, за надчовечката истрајност во името на слободата за херoизмот и јунаштвото и за други високи мрални вредности. Најавтентичен извор за вековниот став на народот кон борците, јунаците, хероите е народниот поет, а за периодот на НОБ, покрај народната песна и други сведоштва, како поетски документи за моралните вредности на борците се јавуваат и уметничките поетски и други творби. Основната инспирација народниот пеач ја наоѓа во јуначката смрт на борците, нивното игнорирање на смртта, неустрашивото закaнување на заробениот комита спрема непријателот, а над се уверeноста во постигањето на националната слобода на својот народ.*

Борците партизани пак дури и во најтешки услови на борбата - мачења по затвори, интернација во логори и сл. се силно свртени кон иднината, со оптимизам и верба дека ќе се реализираат народните идеали. Народниот пеач, како ретко кој хроничар регистрирал бројни настани кои го одсликуваат ликот и основните карактеристики на борецот за национална слобода, ги воспеал, ги овековечил. за да служат како сведоштво и порака за идните генерации.

Славејќи ги невообичаените појави на херојство, традицијата изразена пред се низ бодриот тон и збор на песната, секогаш се јавува како средство кое го поттикнува патриотското чувство, приврзаноста и одговорноста на поединецот кон минатото, кон своите предци, кон сегашноста и иднината.

### 2.8. Саможртвеноста како традиција и највисок чин на патриотска зрелост

Историјата на Македонскиот народ не е богата со слобода, но ретко кој друг народ има толку богат и силен стремеж кон слобо-

---

* Д-р Томе Саздов, Македонска народна поезија, Скопје, 1976 год. стр. 131

./.

да, ретко која друга историја бележи толку големи себе одрекувања, неповратно откажување од себеси, од сопствениот живот, за интересите на својот народ за неговата слобода и правдина. Од тука, не можеме да зборуваме за традициите на македонското революционерно движење, а при тоа да не кажеме дека саможртвувањето на народниот борец е составен дел на таа богата традиција и бисерен пример за големината на нашите традиционални интереси, патриотската зрелост, моралните, етичките и други цивилизациски норми на Македонскиот народ.

Во тој контекст посебно сакаме да зборуваме за оние кои сметаа дека не си припаѓаат толку себеси, колку на својата поробена татковина, за оние кои не забораваа дека нивниот живот е жртвуван пред олтарот на слободата, за оние кои ја победија смртта, за оние кои во чинот на умирањето си обезбедија вечност, за оние кои сметаа дека подобро е храбро да се загине отколку да се носи синџир околу вратот. Ќе зборуваме за нив, зошто нивниот пример најсилно го изразува народниот дух слободарските стремежи и другите морално етички вредности на Македонскиот народ, а посебно на еден негов "збир од безимени борци од непознати херои што ги посееја македонските планини со своите бескрсни гробови на таа народна маса што нема име, но остави историја, што не говори за себе, но создаде дела што говорат за неа што ја влечеше најцрната балканска робија."* Ќе зборуваме за оние кои подоцна се жртвуваа за традиционалните интереси на својот народ, за заветите од нашите илинденци, за сите нив знајни и незнајни, за да не бидат потиснати од заборавот, за да живее нивната слава и почит - тие да бидат вечни, а ние да ја имаме нивната поука, порака и пример.

---

* Димитар Митрев, одразот на востанието во уметничката литература, книга за Илинден, Скопје, 1969 год. стр. 391

./.

Тие, на најилустративен начин покажуваат дека идеалот кон слободата е вредност достојна за човечкото саможртвување, дека и во чинот на умирањето остануваат верни на клетвата пред народот и делото.

Кај многу борци од Илинденската епоха саможртвеноста е прифатена како револуционерен принцип, како чин на највисока доследност, верност и одлучност во извршувањето на задачите и обврските, а како традиција прифатена е и застапена во НОБ. Стоицизмот и издржливоста на најсвирепите физички измачувања по фашистичките затвори, за да не се предаде организацијата на своите соборци, и други манифестации на саможртвеност во НОБ, сами по себе зборуваат за саможртвеноста како принцип на борбата, како оптимизам и верба во слободата.

Од богатата ризница на сведоштва за хероизмот и саможртвеноста во македонското револуционерно движење ќе издвоиме само неколку настани и имиња пред чија големина и непријателот не можеше а да не ја изрази својата восхит, поклон и почит.

Во текот на Илинденската епопеја, самоубиствениот подвиг на охридскиот учител борец Христо Узунов длабоко ја инспирира пошироката јавност. Дознавајќи дека неговата чета во селото Цер, кичевско е опколена, Узунов наредува опколената куќа да се подготви за борба, да се ископаат пушкарници и сл. Во исто време началникот на турската војска ги строи селаните и праќа двајца видни селани кај војводата за да му кажат да се предаде, зошто ако не го стори тоа селото ќе биде запалено, а селаните масакрирани. Кога го слушна тоа Узунов се одлучи на колективно самоубиство на четата.

./.

*За мигот на самоубиството А. Динев забележува:

"Гледајќи ја својата безизлезна положба, и за да го спаси животот, имотот и честа на селаните, Узунов се сврти кон своите другари и им предложи да непуштат куршум против војската ами само да се самоубијат. Четниците ни за миг не се поколебаа и, примајќи го тој тежок предлог, му изјавија тој сам да ја исполни таа задача. Узунов неочекувано наведе глава, се замисли за момент, го извади леворверот и се самоуби. Во тој момент четниците, на број 11 души, стоеја смајани. Настана смут во душите на сите. Тоа беше страшен трагичен момент! Тогаш знаменосецот на Илинденското востание во охридско, Јордан Трајанов Кушкунов го извади револверот и со по еден куршум во челото еден по еден ги изби другите и најпосле се самоуби. Ете тоа е големиот подвиг на револуционерот Христо Узунов и неговите другари, на број 11 души кои го дадоа својот живот за честа на селаните во борбата за слобода на Македонија. Таа картина е картина на ужас, замешана со трагизам и истовремено, таа е картина на подвигот и на себеодрекувањето за човештината и трајна слава на тие што се самопожртвуваа за делото на слободата... Откако селаните го изнесоа трупот на самоубиениот војвода и труповите на неговите другари, началникот на војската ја построи својата војска пред нив и искомандува Мирно! - и ги рече овие знаменети зборови: "Војници, дали ги гледате, така умираат хероите! Ние ги сметавме за разбојници, а излезе дека се тие револуционери. Не, тие не се разбојници. Ние им оддаваме чест затоа што тие со својата смрт докажаа дека се борци за правда и дека се маченици за слобода."

На саможртвеност како чин на највисока патриотска зрелост не учеше и Гоце Делчев.*

*Пред своите соговорници во 1902 год. Гоце ќе рече:

"Никогаш не заборавете дека ние не си припаѓаме себе си. Нашиот живот е веќе жртвуван пред олтарот на делото и кој од Вас ќе го загуби тоа сознание, тој престанува да биде револуционер. И така нека не се плашиме од смртта. Каде и да се најде, да ја пречекаме со презир и да ја победиме."

Во знак на неизмерна почит спрема хероите турските власти наредиле над нивната гробница секогаш да стои турското знаме. Се раскажува дека знамето стоело се до 1912 година.**

* Ангел Динев, ц. д. стр. 120

** Ангел Динев, ц. д. стр. 132

./.

Битката на "ножот" е уште еден од бројните примери на стојцизам и саможртвеност пред кои и душманот не можеше да се воздржи и да го спречи душевниот позив за почит кон невиденото јунаштво. "Ножот е симбол на една херојска борба од Илинденскиот период во која осумина опколени војводи прегрнати околу една бомба го дочекаа мигот на смртта". Вознемирен од виденото херојство командантот на турската војска Енвер Бег, им го посочи на неговите војници ова херојство како пример на презирање кон смртта. "Еве на овие овдека загинати херои треба да им оддадеме чест.*

Во редот на вечните незаборавни збиднувања спаѓа и самоубиствениот подвиг на војводата Методија Патчев и неговата чета кај Кадино село, каде на 8 април 1902 година, по жестоките борби со многубројниот аскер, целата чета се самоубива за да не падне во рацете на непријателот. Со ваквиот подвиг, Патчев на дело покажал дека неговите зборови "Подобро е секој борец храбро да загине од колку околу вратот да носи синџири" извираат од неговата доследност, верност и љубов кон слободата и татковината.

Опколената чета на Веле Марков во с. Ракотница, Демирхисарско, во 1902 год. на повикот да се предаде заради безизлезноста, го дава следниов одговор: "Не се предаваме, ние знаеме само јуначки да се бориме и чесно да умреме за нашата татковина..." Така и направија, во нерамната борба, заедно со војводата, сите херојски загинаа.

Како да се заборави саможртвувањето на Солунските атентатори - 12 млади момчиња предводени од Јордан Поп Јорданов-Орце. Во редот на незаборавените се и многу други: Питу Гули, и бесмртната дружина која сеуште е жива на Мечкин камен, Сандански,Ордан Пиперката, Апостол војводата, Ѓорѓи Сугаре и бројни други синови

* Христо А. Пољански, Драмата во Цер, Скопје,1968 год. стр. 100

./.

на Македонскиот народ.

Во таа долга низа на херои саможртвеници, на овековечени умирања спаѓаат и бројни борци од народно ослободителната борба. Тука е вечноста на Цветан Димов, Мирче Ацев и многу други кои беа пискот и лелек останаа пред затвореничкото маченишство за слободата на својот народ. Тука е прегратката на Стив Наумов и Богоевски Мите со последната бомба која во цутот на животот, во најраната младост ги однесе во смртта, тука е славната опеана смрт на Таки Даскалот и Елпида Караманди тука е раскрвавената Ваташа, Могилата во Прилеп и многу други знајни и безимени гробови.

Размислувајќи за чинот на саможртвеноста како неизбежно се наметнува прашањето од каде извира таа несовладливост таа храброст во отсудниот миг, откажаност од самиот себе во тие пресудни моменти, кога од гестот на единката зависи целиот потфат. Одговорот единствено може да се најде во верувањето дека единката се идентификува со судбината на својот народ, се слева во општиот стремеж на народот, на движењето на историјата. Нивната саможртвеност е израз на високата револуционерна свест, на народните стремежи и идеали. Животниот пат и делото на војводата Узунов на најдобар начин покажуваат дека во животната почва на саможртвеникот немав всадено поголема и поважна идеа од онаа за слободата на својата татковина.*

*Во едно писмо до својата мајка, изразувајќи неизмерна љубов кон неа и кон поробената татковина, Узунов ќе напише:

"... Јас должам најголеми грижи и неизмерна синовна љубов. Но, можам ли, кога ги чувствувам болките на нашата измачена татковина, да не се оддадам со љубов на најверен син на нејзиното свето дело? Маките на татковината се повеќе од сите страданија на секоја наша мајка. И јас - без ни најмалку да те навредувам - се чувствувам повеќе син на втората моја мајка - Македонија, отколку на тебе, која си ме родила. Те молам - во името пак на моите свети чувства кон тебе - да не жалиш, ни да плачеш за мене. Најдоволен ќе се чувствувам ако ти со своето држење бидеш за пример на другите мајки и сопруги.

./.

Саможртвеноста е дел од нашите традиции. Историјата е наше минато и релативно гледано минатото не можеме да го менуваме. Но, повеќе од се можеме и треба да го искористиме историското богатство, позитивното наследство од нашите предци, како благотвор на сегашноста и иднината. Се чини дека нема потреба да зборуваме за значењето што традициите,, а посебно за значењето на саможртвените подвизи, врз мотивирањето на сегашните и идните генерации за одбрана на Македонија во современите услови. Прашање е само колку ќе успееме тоа богатство да го пренесуваме од колено на колено, кон традициите да се однесуваме со вечна почит и слава, а од нив да имаме пример и поука за сите.

Хероизмот на нашите претходници во историското борбено патешествие, треба да се негува како непресушен извор за одушевеност за нови подвизи и за ново јунаштво. Покрај тоа што секоја нова народна борба се води во различни услови во однос на поранешните народни борби, постои една силна нераскинлива врска меѓу борците и хероите од различни генерации.

### 3.8. Традиции во поглед на односот кон окупаторот и предавниците

Македонскиот народ, како ретко кој друг народ имал можност низ историјата врз свои плеќи да почувствува што значи да се биде поробен и окупиран зашто покрај вековното робување под турскиот режим, само во 20 век територијата на Македонија е газена и поробувана од Германски, Италијански фашисти, од Бугарските и Српските освојувачи, а поробувачки аспирации покажале и други сили од соседството. Секој од нив на свој начин го ставаше во тешка положба. Средствата и методите со кои се користеа беа најразлични, во основа нехумани и сурови, а целта, скоро секогаш и кај сите иста: да се спречи националното создавање, да се изврши национално

./.

обезличување, да се искористат материјалните добра и сл., а сето тоа е правено со грубо газење врз честа и достоинството на човекот, со убиства, прогонства, силувања, сакатења, затворања и други најразлични форми на терор. Таквиот однос од ден на ден го зголемувало чувството на омраза кон непријателот, кое со векови се акумулирало и израснало во значајна традиција на нашиот народ. Традиционалната омраза кон поробувачот се изразува како значајна емотивна карактеристика на народот и борците. Таквата емоција секогаш изразувала позитивно влијание врз желбата за кинење на робскиот синџир, врз упорноста и интензитетот на борбата за слобода.

Наспроти слободарскиот дух изразен низ непомирливоста со окупаторот, треба да се напомене дека македонскиот ослободителен пат е обременуван со бројни деструктивни струи од внатре, од народот, поточно од неговите изроди, насочени кон однародување, разединување, себеуништување, приклонување кон интересите на еден или друг балкански сосед и други негативности.

Како последица на ниската национална осознаеност и безобзирните пропаганди и акции на соседните балкански држави, прдавството и шпионажата станале една од најболните рани на движењето. Уште на самиот почеток од движењето Делчев ќе забележи дека "од сите опасности кои и се закануваат на Македонија, најголеми се оние што извираат од внатре, а тоа се: ниската национална и политичка изграденот и домашните предавници".* Ставајќи се во служба на окупаторот, за фрлена коска - како што вели народот работаат за предавство на својот народ. Од нивна рака како што е познато Македонското движење ги губеше своите најверни синови на слободата.

Во овој контекст нашето внимание не е насочено кон разните изливи на морална беда во чинот на предавството, кон мотивот, начинот, целите и средствата со кои се користат предавниците и

шпиуните. Врз основа на идејните и практичните искуства во тој поглед, може слободно да се констатира дека во народната свест, предавството, шпионирањето и секаков вид на соработка со непријателските сили добиле третман на најголем личен срам, на најголема духовна беда и аморалност, што предизвикувало посебно чувство на непријателско расположение на народот кон сопствените изроди. Предавството е најголемата навреда на народот, на неговото национално достоинство. Затоа и односот на народот кон носителите на таквите дејствија е ригорозен и безкомпромисен.

Уште во Кресненското востание предвидено било "секој предавник и шпион каков и да е и од каде и да е ќе се гони и од како ќе се фати, по завршената истрага со мачење ќе се убива" - чл. 14 од Правилата на Македонскиот востанички комитет.

Во Илинденскиот период, пресетката со шпионите-предавниците била една од најважните задачи на Тајната полиција на организацијата, а најчесто се вршела со помош на народот кој ги пријавувал на Организацијата. Интересот на народот за откривање и казнување на шпионите бил толку голем што ретко можел шпион да остане неоткриен или неказнет правилно.* И не само тоа. Некогаш омразата кон шпионите била толку силна што и самиот народ се пресметувал со нив, не само низ бојкот и морална осуда, туку и непосредно, со нивно физичко уништување. Така на пример, Мариница од с. Јабланица, во октомври 1903 год. на пазарен ден стрелала и ранила еден од шпионите во нејзиното село, заради што била осудена од Османлиските власти и затворена во Битолскиот затвор. Кота Христова пак од с. Вевчани, го убила предавникот на својот свршеник и потоа се приклучила кон една од востаничките чети.*

---

* Милан Матов "Стружанката в революционата борба, Илинден, 1903-1922 год. Софија, 1922 год. стр. 73

И НОБ на Македонскиот народ не беше имуна кон оваа појава. Фашистичките поробувачи побараа и најдоа народни изроди, готови за свои лични интереси да го продадат сопствениот народ. Димитар Чкатров, Димитар Ѓузелов, Спиро Китанчев, Коста Ципунишев, Хасан Џемаил, Мефаил Шеху и други профашистички ориентирани поединци и групи како да се натпреварувале кој повеќе да соработува со непријателот и кој пострамно да го предаде народот.

Најавтентичен извор за моралниот став на народот кон предавниците наоѓаме во народното творештво, посебно во народната песна.

3.9. Традиции во надворешно-политичката дипломатска функција на движењето

Анализата на одбранбено-заштитното организирање на РМ аргументирано упатува на заклучокот дека покрај основната одбранбено-заштитна функција, одбранбено-заштитниот систем има и своја надворешно политичка димензија. Таа поконкретно значи дека меѓународната активност на земјата претставува начин на зачувување и обезбедување на независноста, суверенитетот, територијалниот интегритет и другите општествени вредности.

Темелејќи го своето меѓународно однесување врз начелата на ООН за одбегнување на закони со сила, воздржување од употреба на сила во решавањето на меѓународните спорови, почитување на суверенитетот на други земји, немешање во внатрешните работи и други принципи на меѓународното комуницирање, РМ реално се наметнува како миротворен фактор во меѓународните односи. Конкретно, како миројубива земја одби да учествува во Југо-војната, ги подржа миројубивите напори на ЕЗ, КЕБС и ООН во решавањето на кризата, по мирен пат, го даде својот значаен придонес во спречувањето на ширењето на војната низ Балканот и европскиот југо-

исток, со што и својот простор го стави на располагање и во функција на мировните операции и т.н.

Во поглед на надворешно-политичката функционалност на системот за одбрана и заштита на РМ, треба да се имаат во предвид следните концепциско доктринарни определби и ставови.*

1. Одбраната на Македонија треба да биде инкорпорирана во меѓународниот систем на безбедноста до крајните можности и во функција на мирољубивата политика на нашата земја, односно во функција на борбата за мир.

2. Македонија има специфична геополитичка положба заради средишната положба на Балканот. Речиси сите земји од нашето непосредно опкружување се оптоварени со старите балкански геополитички и територијални аспирации. Поради овие хипотеки Република Македонија се определи за политика на еквидистанца и подеднакво добри односи со сите соседи од непосредното опкружување, како стратегиска константа, што го детерминира и нашето одбранбено-заштитно однесување во регионот.

3. Политиката на еквидистанца претставува рамка не само на военото однесување на РМ кон своите соседи туку и за повеќе ставови од стратегиско значење. Така Македонија на воен план нема да колаборира ниту со една земја од своето непосредно опкружување, ниту било против која земја од своето соседство; воените односи и комуникации со овие земји ќе бидат консеквентно изведени од суштината на политиката на еквидистанца.

- И во услови на агресија (војна) во својата определба кон соседите, Македонија останува врз овие принципи. Македонија нема да учествува во било какво воено групирање против било која соседна земја и надвор од меѓународно признатите и верифицирани односи и рамки.

./:

4. Македонија се определува за одбранбена доктрина, консеквентна на својата мирољубива политика. Тоа значи дека Македонија секогаш ќе му дава предност на мирољубивото разрешување на проблемите; максимално ќе се ангажира на одвраќањето на војната; активно ќе соработува во рамките на превентивната дипломатија и мировните операции на ОН чија цел е спречување на војната, и одлучно и со сите средства со кои располага ќе ја брани својата независност, суверенитет и територијален интегритет од агресија.

Споменатите определби мошне илустративно го потврдуваат фактот дека надворешно-политичката ангажираност на нашата земја се изразува како исклучително значајна активност на одбранбено-заштитниот систем и има доминантно влијание врз севкупното одбранбено-заштитно организирање и однесување.

Градењето на вака препознатливата мирољубива надворешно политичка ориентација, сигурно е детерминирано од сложен комплекс на влијанија - воени, политички, географски, економски, демографски, културни и др. Меѓутоа, мрољубивата надворешно политичка функционалност на одбранбено заштитниот систем има и своја историска димензија, своја традиција која се изразува низ вековните напори на субјективните сили на движењето преку мирољубиви форми на комуницирање со соседните земји, големите сили и меѓународните институции да изнајдат конструктивни форми за решавање на македонското прашање и заштита на основните национални интереси.

Во таа смисла може да се забележи дека од самиот почеток па до денес, во ниту еден момент движењето не останало индиферентно кон прашањето - како и колку неговите програмски цели се прифаќаат од страна на веќе постојаните држави и нивните влади и народи, како и од прогресивните сили во тие земји. Напротив повикувајќи се на историското право на својот народ да се бори за слобода,

./.

повикувајќи се на разни државно правни акти во кои се гарантира слободна егзистенција на народот, субјективните сили на движењето континуирано бараат од меѓународните институции да бидат прифатени и подржани како легитимни претставници на народниот суверенитет како организирана сила на народот која се бори за заштита на основните права и т.н. Уште во зачетоците на движењето прашањето за меѓународната поддршка на борбата е поставена како едно од суштинските прашања за успехот на борбата. Појдовна основа од која тргнуваат уште кресненските востаници во воспоставувањето на дипломатските односи со големите сили и Европа е категоричното стојалиште дека македонската индивидуалност мора да се префати како исклучителна реалност.

Во востаничките правила, под насловот "Надворешни задолженија за востанието" посебно е подвлечено барањето на востаниците за самостојност на востаничката акција, слободата на востаниците сами да ги уредуваат своите меѓународни односи, во интерес на востанатиот Македонски народ.

"Македонското востание е внатрешно" - потенцираат кресненските востаници - "но тоа не може да успее ако не е убедиме Европа во нашата ослободителна борба", за што се предвидува востанието пред Европските држави да биде претставувано од македонскиот востанички комитет и луѓе што тој ќе ги определи надвор од Македонија.*

> "Македонскиот востанички комитет ќе настојува со мемоари и други можности во името на сите македонски востаници, да ја убедува Европа дека востанието на Македонија е едно такво дело кое е неопходно и целесообразно" (Чл. 183)

./.

"... должноста на Македонскиот востанички комитет е да ги појаснува целите на востанието, така што да се разбере вистината дека нашата борба е ослободителна и нема за цел да им наштети на правата на другото население во Македонија" (чл. 184)

"Со окружни писма до сите добротворни комитети во Европа да се испрати еден мемоар за неопходните работи за поткрепа на Македонското востание. Во мемоарот ќе се искаже нашата вера во правдината и користа на нашето свето дело..." (чл. 190)

Уште поголем интензитет и значење прашањето за меѓународното признавање на целите на борбата добива во Илинденскиот период. Со меморандум од главниот штаб на организацијата до големите сили се бара востаниците да бидат признати како страна која војува, како преговарачка страна, што беше посебно важно за спречувањето на влијанието на балканските влади и другите надворешни и внатрешни антимакедонски влијанија.

Базирајќи ја својата надворешно-политичка ориентација врз основните права на народите, субјективниот фактор на движењето бара конструктивни форми за решавање на македонското прашање и за признавање на правото на сопствен развој пред меѓународните институции.

Врз такви основи (рамноправност, немешање во внатрешните работи и меѓусебно помагање) се бара воспоставување на дипломатски односи и со соседните земји. Кресненските востаници истакнуваат желба востанието да биде претставено со свои претставници во Бугарија и Србија. Востанието е отворено за помош од соседните држави и повикува доброволци надвор од Македонија но оние кој се вистински љубители на слободата и кој сочувствуваат со поробениот народ. Востаниците бараат доброволна помош зошто како што истакнуваат, и "нашите македонци, дедовци и татковци се бореа и лееја своја крв за слободата грчка и српска, за ослободувањето на Бугарија и не пожалија животи за општата слобода наша, сега е

./.

времето тие да се покажат како вистински потомци на славните свои ослободители и последовници и на своите врсници им помагаат во ослободувањето на Македонија од петвековното ропство" (чл. 194). Меѓутоа, македонските востаници категорично го негираат правото на кнежевство Бугарија преку Централниот комитет "Единство" да превзема какви и да се дејствија во името на востаниците, заради проjавените врховистички манифестации и обиди да се замагли внатрешниот карактер на востанието.*

"Македонскиот востанички комитет ќе ја извести и Владата на Кнежевство Бугарија дека Македонците не ќе имаат друго мешање со Кнежевството освен братска помош од тие словенски наши браќа" (чл. 186)

"Македонскиот востанички комитет со донесувањето на овие правила, односно со овој Устав озаконува за понатаму дека Софискиот централен комитет повеќе нема никакви обврски према македонското востание" (чл. 205)

"Сите наредби на Софискиот централен комитет се отповикуваат, а востанието ќе се раководи од Македонскиот востанички комитет кој сѐ наоѓа во Македонија" (чл.206)

"Македонската доброволечка војска за натаму ќе биде под непосредно раководство на Македонскиот штаб на востанието кој ќе изврши мобилизацја на селаните, ќе ги снабди со оружје и ќе ги води на света борба за ослободувањето на Македонија" (чл. 207)

Воспоставувањето на добрososедски односи, почитување на начелото на рамноправност, немешање во внатрешните работи, почитувањето на националната самобитност, државност и територијалниот интегритет и други општо прифатливи принципи на меѓународното комуницирање, постојано се истакнувани како примарни интереси на Македонскиот народ. Во поглед на манифестираните аспирации од соседните големодржавни кругови, македонската надворешна политика континуирано настојува низ културна комуникација и дијалог да ги убеди соседите и меѓународните институции дека Македонскиот

./.

народ има свое минато, сегашност и иднина, не како крпка на соседните империјалистички држави, туку како народ има право сам да одлучува за својата судбина; ... дека решавањето на македонското прашање е колку македонски, толку и балкански проблем, бидејќи од неговото разрешување зависи мирот и безбедноста на регионот.

Пред да го разгледаме значењето на миролубивата надворешна политика во остварувањето на одбранбено-заштитната функција, потребно е да нагласиме дека таа не се изразува како функција на строго одреден систем на одбранбено-заштитни институции, туку како севкупен напор на општеството во обезбедувањето на мирот и безбедноста. Во тој контекс напорите на РМ за воспоставување на добрососедски односи, за мирно решавање на меѓународните конфликти за дијалог, доверба, толерантност, демократичност, миролубивост и други културни форми на комуницирање, претставуваат всушност за нас доминантен начин на заштита на основните општествени вредности. И уште повеќе од тоа низ миролубивата надворешна политика на РМ, најнепосредно се изразува превентивната функционалност на одбранбено-заштитниот систем на РМ, како една од неговите најзначајни специфичности. Под превентивна функционалност на одбранбено-заштитниот систем, подразбираме општествен напор на заедницата за одбрана и заштита од сите видови на загрозување кој е свртен (насочен) пред се кон превземање на мерки за спречување на војната, за мир, за ненасилно решавање на конфликтите и други состојби. Од хуманистичии аспект, многу е важно човекот и општеството во целина да бидат во состојба со сите сили и средства, вклучувајќи го тука и вооруженото спротивставување да ги штитат и бранат ооштествените вредности и добра, но уште поважно е да имаат (или наоѓаат) моќ да ја спречат војната, зошто каква и да е, напаѓачка или одбранбена, праведна или неправедна и сл. таа е неспоива со хуманистичка природа на човекот.

./.

Кога станува збор за превентивна функционалност на системот за одбрана и заштита на РМ, и за надворешната политика како начин на нејзино изразување, не можеме, а да не ги спомнеме одбранбено-заштитните традиции во оваа сфера како една од значајните детерминанти на превентивната функционалност, бидејќи основната содржина на национално-ослободителната и револуционерната борба е всушност тоа: барање на мирољубиви форми за решавање на споровите, внатре во земјата, со соседните и другите членки на меѓународната заедница. Секако дека таквиот процес е долготраен, понекогаш заради интересите на големите сили и неправичен и јалов, но во суштина длабоко проникнат со хуманистичка природа на човекот и општеството.

# III Д Е Л

## ОДРАЗОТ НА ТРАДИЦИИТЕ ВРЗ МОРАЛОТ, МОТИВАЦИИТЕ И ДРУГИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ОДБРАНАТА

# 1. ОДРАЗОТ НА ТРАДИЦИИТЕ ВРЗ ОДБРАНБЕНО-ЗАШТИТНИОТ МОРАЛ

## 1.1. Поим и значење на одбранбено-заштитниот морал

Под поимот морал најчесто се подразбира збир на позитивни и добри обичаи што овозможуваат поволен и хармоничен развиток и опстанок на поединецот и општеството,* односно облик на општествена свест кон доброто и лошото што како внатрешна сила на личноста го насочува човековото однесување во склад со општествено прифатените норми на живеење. Како облик на општествена свест, изразена во правила, мислења и сваќања се формира низ заедничкиот живот на луѓето во минатото. Тоа значи дека моралот е збир на критериуми за вреднување на односите во општеството (односот човек - човек, човек - општество, односот кон самиот себе и др.) создадени низ минатото и потврдени низ искуството на повеќе генерации. Преку традицијата и воспитувањето основните правила, одредби, и оценки за доброто и лошото се пренесуваат од генерација на генерација.**

Токму тука ја согледуваме нераскинливата поврзаност помеѓу традициите и моралот. Моралот и моралните норми се присутни речиси во сите сфери на животот, како регулатор на меѓучовечките односи, како правила на однесување кои вршат интегрирање на поединецот во општеството. Најголемо влијание врз човековото однесување

* Илина Т. Цвеиќ, Психологија на ОНО и ОСЗ, Скопје, 1983 год. стр. 69

** Д-р Томислав Чокревски, Социологија, Скопје, 1986 г. стр. 159

имаат моралните норми со кои се вреднуваат храброста, чесноста, решителноста, хуманоста, солидарноста и други вредности на човекот значајни за одвивањето на општествениот живот, а во тие рамки и одбраната.

Низ вековните напори на нашиот народ за одбрана и заштита на основните вредности на македонското движење, создаден е одбранбено з аштитен морал кој се изразува пред се како позитивен став и однос на општеството кон:

- одбраната и заштитата на основните општествени вредности на заедницата;
- одбранбено-заштитните институции;
- целите на одбраната;
- непомирливоста со робството и пред се
- решеноста и подготвеноста на поединецот и општеството да поднесат најголеми жртви во извршувањето на одбранбено-заштитната функција.

Моралните норми во одбраната и заштитата се создавани, пренесувани и негувани низ одбранбено-заштитното искуство на повеќе генерации, односно се релативно трајни. Но тоа не значи дека се статични и непроменливи, туку зависат од бројни фактори од општествено-економска и лична природа, а некогаш и од природните услови.

Меѓу општествено-економските фактори посебно се значајни:

- карактерот на општествените односи поточно на општествените вредности што се предмет на заштитата (до која мера тие вредности овозможуваат услови и перспективи за богат духовен и материјален живот, за демократија, за почитување и развивање

./.

на основните човечки права, за афирмација и еманципација на личноста во рамките на општествените односи што треба да се бранат и слично);

- целта и начинот на одбраната;

- карактерот и способноста на одбранбениот систем во целина и одбранбените структури за извршување на поставената задача (до која мера поединецот е убеден дека одбранбената структура на која и припаѓа може успешно да ја изврши задачата, колку оружјето, средствата и начинот на организирање создаваат објективни услови за совладување на силите кои го загрозуваат мирот и безбедноста);

- карактерот на односите во одбранбените институции (колку поединецот ќе биде сигурен дека со него претпоставените ќе постапуваат хумано, дека неговиот живот ќе биде ценет и нема да биде лесно и безцелно жртвуван и сл.);

- обученоста и оспособеноста за одбрана;

- материјалната основа на одбраната и т.н.

Меѓу личните фактори кои влијаат врз моралната големина на одбраната посебно се значајни:

- психофизичките карактеристики и состојби на личноста во остварувањето на одбраната (општата психофизичка конституција, способноста за прилагодување на поединецот и групата кон конкретната состојба и физичката конституција). Овие фактори се важни пред се заради последиците што ги предизвикуваат воените дејства, врз човекот - големи психофизички напори (потресни слики, страв, паника, замор, глад, жед и други фрустрации;*

---

* Види поопширно д-р Менсур Ибрахимпашич, ц. д. стр. 209-238

- сознајните карактеристики на личноста, (колку личноста ги спознала општествените вредности, целите, средствата и формите на одбранбено-заштитното организирање, колку е информирана за неговата лична улога во остварувањето на вкупната задача и улогата на пошироката група и сл. Посебно е важно, сите учесници ангажирани во одбранбено-заштитниот механиза, па дури и оние задолжени за наједноставни работи да бидат убедени дека нивното ангажирање е важно за постигнувањето на крајната цел, дека му се потребни на општеството и слично;

- активационите карактеристики на личноста - кои всушност означуваат колку човекот е спремен да постапи според веќе прифатените и осознаените норми;

- емотивните карактеристики на личноста кои го изразуваат субјективниот начин на доживување на реалноста и слично.

Вака разбран, моралот претставува значаен елемент на воената организација. За неговото значење низ историјата воената мисла дава бројни погледи.

За британскиот генерал Смит моралот е состојба на духот, односно "нематеријална сила која ја мотивира некоја група да ја искористи целата своја сила за да дојде до целта, а при тоа да не води сметка за големината на напорите што ќе мора да се вложат. Тој, (се мисли на моралот) им влева чувство да веруваат дека се нешто повеќе одколку што мислат дека се."

Наполеон пак цени дека во борбата, моралната сила на трупите во однос на материјалната, претставува три четвртини од успехот.*

---

* О моралу из стране војне литературе, 1959 год. стр. 6

./.

Познатиот воен мислител Клаузевиц пак за значењето на моралот како фактор на борбата ќе каже дека "физичките сили одговараат на дрвена дршка, додека моралните претставуваат наострено сечило исковано од племенит метал".*

Моралната сила, како израз на гордост и цврстина на духот, се пренесува (вградува) во воената вештина и господари со неа.

Слично на ова е и гледањето на познатиот француски војсководец Фаша, според кого, воените дејствија во крајна мера можат да се сведат на судир меѓу морално-психолошките елементи на борба на две морални сили.

Револуционерните промени кои последниве децении на овој век настанаа во развојот на борбените средства, современите доктрини и воопшто врз физиономијата на војната, сигурно дека го поместуваат во негативна насока местото, улогата и значењето на моралот во воениот механизам. Меѓутоа, и покрај чудотворната моќ современото оружје, човекот, односно неговите морални вредности остануваат незаменлив елемент.

Денес, во светот не постои ниту една воена организација која не води грижа за моралот во своите редови. Без исклучок, сите современи армии развиваат институционални и неинституционални форми за следење, одржување и развивање на моралните вредности кај своите припадници, при што се користат со највисоките сознанија на науката, а посебно на психологијата, социологијата и социјалната и воената психологија.

---

* Клаузевиц о рату, свеска I 1936 год. стр. 195, 196

./.

Во тие рамки и субјектите на одбраната и заштитата на Република Македонија, а посебно армијата, низ институционализирани органи и служби за морал и низ секојдневната активност преземаат најразлични мерки за следење, одржување и развивање на моралната компонента на одбраната. Меѓу бројните фактори кои влијаат врз моралноста во одбраната, нашето внимание го задржуваме на традициите.

### 1.2. Влијание на традициите врз одбранбено-заштитниот морал

Во услови кога воведуваат современи средства со огромна моќ, кога секојдневно се менува динамиката на борбените дејствија, начинот на употреба на силите и средствата и воопшто физиономијата на војната, придржувањето кон традиционалните начини на воено организирање може да биде сериозна пречка во остварувањето на одбраната и заштитата. Тоа значи дека материјално-техничката и организационата компонента на воениот систем треба постојано да се ослободуваат од влијанието на традициите, доколку се сака да се изгради систем што ќе може да одговори во секакви ситуации. Меѓутоа, кога е во прашање моралната компонента на одбраната, тогаш традицијата се јавува како непресушен извор на морална енергија на народот и армијата. Се чини дури дека моралната димензија на одбраната не би била целосна и задоволителна без оживувањето на традиционалните вредности.

Анализата на национално-ослободителните и револуционерните движења, а посебно на моралниот фактор, покажува дека речиси не постои движење кое во себе не го инкарнирало искуството на своите претходни генерации. Ова особено се однесува на македонското

./.

национално-ослободително движење, за кое може дури да се каже дека традицијата е душа на движењето и непресушен извор на морална енергија. Од неговиот зачеток до денес, ослободителната идеја и практика нераскинливо се поврзани со традициите, со одбранбено-заштитните културни дострели на своите дедовци и прадедовци.

Генерацијата која е на историска сцена, секогаш, а посебно кога се наоѓа пред крупни општествени задачи од кои зависи судбината и иднината на народот и татковината, се повикува на искуствата од своите предци.

На почетокот од движењето, револуционерни агитатори, за да го разбудат народот од вековното ропство и да влеат дух на борбеност и слободољубивост, најпрво се повикаа на традициите; на херојските подвизи на самоиловата војска против насилниците, на Александар Македонски, на словенските просветители Св. Кирил и Методи, Св. Климент и Наум Охридски и т.н.

Наредната борбена генерација, генерацијата на НОБ, поставена пред виорот на судбинските настани пред историската раскрсница, исто така се повика на одбранбените дострели од своите татковци и дедовци. Во својата свест ги воскресна старите датуми, стариот Илинден 1903, го воскресна сеќавањето на херoизмот, слободољубивоста и славата низ минатото.

Денес исто така иако одбраната и заштитата се остваруваат во сосема видоизменети услови на неспоредливо поинаков начин во однос на минатото, сепак се инсистира одбранбено-заштитната функција да се потпира врз традициите, врз позитивните одбранбено-заштитни искуства низ минатото. Средствата за масовно комуницирање, културно историските споменици, народните песни, огромниот број на објекти и институции кои носат имиња на леген-

дарни настани и личности и други форми и содржини на општествено живеење, придонесуваат традицијата да биде присутна секогаш и насекаде околу нас, како дел од нашето секојдневие. Многу ретко може да се сретне говор, односно обраќање на државниците и високи државни функционери кон армијата, народот или меѓународната јавност, а при тоа да не се апострофира нашата традиција како значаен сегмент во одржувањето на мирот и безбедноста.

Меѓутоа, оживувањето на минатото не се врши за да се реставрира нешто застарено и надминато, туку за да се изврши задачата на своето време. Со други зборови кажано воскреснувањето на покојниците во ревлуционерниот виор не служи за да се парадираат старите слави, туку врз основа на нив, да се слават нови, задачата што предстои да се преувеличи во фантазија, за да не се одстапи од нејзиното вистинско решавање.

Затоа кога се наоѓа пред најтешки искушенија, пред најсложени задачи, кога е соочен со нови непријатели во нови услови, народот се враќа во својот спомен назад кон херојството на неговиот изминат пат. Од херојските дела на дедо и прадедо, народот црпи одушевеност за нови подвизи и за ново јунаштво.* Традициите притискаат како морална обврска на живите да ги достигнат етичките вредности на своите мртви претходници, да останат доследни на нивните завети за чесност, одговорност, преданост, непоколебливост и други позитивни вредности во односот кон заштитата на татковината. Токму затоа, при остварувањето на задачите што историјата и општествениот развој ги поставуваат пред нас, се повикуваме на најславните настани и личности од нашето минато, ги отвораме

---

* Борба и литература, Зборник од Есеи и статии, Димитар Митрев, НОБ во Македонската литература, 1961 год. стр. 26

./:

нивните гробови, ги земаме нивните имиња, бојни пароли, ги воспеваме нивните дострели, ги воскреснуваме во нашата свест, за да дојдеме до своја сопствена содржина, да го интензивираме емотивниот и сознајниот однос кон задачата што предстои.* И не само тогаш туку и денес, и утре и секогаш кога ќе биде извор на нашата морална инспирација, на нашиот непокор, на патриотизмот, херојството, хуманоста, правичноста и други етички вредности, зошто низ традицијата, најилустративно сознаваме:

- дека сме народ со богата и долга историја со сопствен национален идентитет и култура;

- дека сме народ со страдалачко минато, со бурно и трагично патешествие, но со уште побурен непокор и непоколебливост во настојувањето да се ослободи од разни завојувачи;

- дека ослободувањето на Македонија е вечен стремеж пренесуван од генерација на генерација;

- дека во сите услови и фази на национално-ослободителното и револуционерното движење македонскиот народ организирал соодветен систем за постигнување на основната цел - ослободување на Македонија;

- дека борбата за слобода на нашите предци е борба за живот и смрт, без компромис и алтернатива;

- дека правичноста, хероизмот, самопожртвуваноста, патриотизмот и други етички вредности на односот кон татковината, длабоко се вградени животот и делото на нашите предци;

- дека борбата за слобода треба да се води и со оружје (ако затреба) но пред се со други невоени средства;

---

* М-р Д. Ташковски, Илинденските традиции во НОБ на Македонија "Илинден - 1903" - 1970 год. стр. 629.

./.

- дека мирот и безбедноста зависат од севкупноста на општествените односи;

- дека меѓунационалната толерантност и сожителство се значајни детерминанти на мирот во РМ;

- дека меѓународната мирољубива политика на движењето изразена како настојување на политичкиот фактор за мирно решавање на проблемите и низ настојувањето да ги афирмира целите и борбата и да бара подршка и нивно признавање, е значаен сегмент на борбата за заштита на основните вредности на движењето и сл.

## 2. ОДРАЗОТ НА ТРАДИЦИИТЕ ВРЗ МОТИВАЦИИТЕ ЗА ОДБРАНА

### 2.1. Општо за мотивите како психолошки феномен

Човекот во секојдневниот живот врши разновидни активности со цел да ги задоволи своите потреби или да изврши некоја активност во општ интерес. Се поставува прашањето зошто човекот во определена ситуација така реагира, зошто така се однесува, зошто така се чувствува, или со други зборови речено, која е таа движечка сила што го покренува човекот на активност.

Покренувач на човековата активност претставуваат од една страна потребите на човекот, а од друга страна целите што се сака да се постигнат со дадената активност. Значи, оној процес што го движи човекот кон определена активност заради постигнување на определени цели се нарекува мотивација. Движечките сили кои предизвикуваат активност кај човекот, кои ја насочуваат и управуваат со неа, наречени се мотиви. Мотивацијата е многу важна и карактеристична ментална функција за личноста како и за социјалното однесување.

./.

За бројот и класификацијата на мотивите во психолошката литература постојат голем број сфаќања. Денес, различни автори нудат различни класификации на мотивите. Од нив најчесто прифатлива е поделбата на примарни и секундарни мотиви или поделбата на биолошки и социјални мотиви.

Биолошките мотиви се темелат врз органските состојби и потреби. Во оваа група мотиви спаѓаат: мотивот за глад, жед, половиот нагон, мајчинскиот мотив и други. Мотивите на човекот што се поврзани со општествениот живот и кој можат да се задоволат само во непосреден контакт со други луѓе се наречени социјални мотиви. Во оваа група на мотиви спаѓаат: мотивот за лична афирмација, мотивот за самоактуелизација, грегарниот мотив, мотивот за сигурност и други. Карактеристично за социјалните мотиви е тоа што нивното задоволување е врзано за општествениот живот.

Покрај социјалната средина и искуството, мошне големо значење за извршувањето на мотивите имаат и чувствата. Колку човекот е повеќе искусен, толку поголеми можности и начини познава за задоволување на мотивите и толку повеќе е свесна неговата определба за избраниот начин. Емоционалната врска меѓу човекот и нештата е извонреден двигател на човековата активност. Иако чувствата неможат да се изедначат со мотивите, сепак ние секогаш тежнееме да го направиме она што кај нас ќе развие чувство на задоволство или да ја одбегнеме активноста која би не онеспокоила. Нити сите емоции се мотиви, нити пак емоциите се единствени мотиви кои ја покренуваат и усмеруваат нашата активност кон одредени цели, но сепак чувствата и мотивите се секогаш поврзани. Чувствата за човекот имаат огромно значење зошто ја мобилизираат неговата енергија кон постигнување на одредени цели. Емотивната врска на човекот со татковината која се изразува како патриотизам најчесто го потти-

./.

кнува (мотивира) човекот на пожртвуваност и безусловно ангажирање во одбраната и заштитата на општествените вредности на татковината. Од друга страна емоционалната врска меѓу човекот и татковината е резултат на неговата свес за значењето на општествените вредности, и го изразува свесниот однос на човекот кон општествените вредности.

Емоционалниот однос кон целите и нештата го помага остварувањето на мотивите зошто им дава интензитет и сила на човековите активности.

## 2.2. Влијание на традициите врз мотивациите за одбрана и заштита

Традициите претставуваат значаен двигател и насочувач на човековото однесување. Човекот скоро секогаш се стреми да постапи во склад со усвоените морални норми и традиции зошто таквите постапки средината ги вреднува позитивно, а постапките спротивни на прифатените морални норми и традиции се негативно вреднувани и често придржувани со морални санкции и бојкот на средината кон поединецот. Иако"усвоените морални норми не се применуваат секогаш доследно, сепак тие кај сите членови на општеството, кај некои во поголема, а кај некои во помала мера се моќни регулатори на однесувањето и значајни мотиви."*

Зборувајќи за прогресивните традиции како феномен веќе нагласивме дека тие претставуваат ризница на позитивното историско минато и носат трајна општо-цивилизациска, универзална вредност. Во тој правец следејќи го македонското револуционерно движење откриваме дека Македонскиот народ својата историја ја облагородил

* Спореди со Д-р Никола Род, ц. д. стр. 214

./.

со повеќе вековен стремеж и борба за слобода, за човечки правдини, за создавање на сопствена држава, за самобитност, за заеднички живот со другите народи за обединување на Балканот и други трајни вредности. Целокупното војништво на Македонскиот народ инспирирано е од силниот слободарски и револуционерен дух. од прогресивните цивилизациски процеси и базирано врз светски прогресивни традиции. Во историјата на македонското движење не се забележани акти и постапки со кои се з агрозувани други цивилизации, а определени девијации на македонското тло, никогаш не биле автентично македонски и не ги изразувале народните стремежи. Македонскиот народ традиционално негува слободарски дух. борбата за независност и слобода, ја вреднува како највисока човечка должност кон татковината, храброста на борците како основа за почит, саможртвеноста за народните интереси како најголема морално-етичка вредност на личноста, како чин на највисока патриотска зрелост, служењето во армијата како чин на машка зрелост и сл. Ваквите општочовечки вредности се градени низ минатото, народот ги памети, ги почитува, ги опева во песните, ги овековечува и пренесувајќи ги од колено на колено ги вградува во секојдневното живеење

Од друга страна сите постапки и појави кои значат предавство, загрозување на општествените вредности избегнување на обврските кон одбраната и други штетни однесувања, народот ги оценува како неморални и кон носителите на таквите однесувања изградува негативен однос, изразен низ бојкот и други морални санкции. Токму од тука произлегува и настојувањето на поединецот своето однесување да го усогласи со традиционалните барања: прво, заради силното влијание на средината, и второ, заради чувството на задоволство, среќа и гордост што извира од таквата усогласеност. Имајќи го

./.

предвид богатството на нашите традиции, тие се јавуваат како значаен стимулатор на поединечната и општествената одбранбена моќ и мотив повеќе да се истрае во судбоносните моменти, да се бори и жртвува за традиционалните интереси за својот народ, да остане верен на своите предци и достоен за почит пред идните генерации.

Во поширока смисла на зборот, не само индивидуалното, туку и целокупното одбранбено организирање и однесување на Македонија во современите услови е базирано врз традиционалните прогресивни слободарски интереси на својот народ.

Во духот на традиционалните интереси за зачувување на мирот, слободата и другите човечки права, во дадениот момент е покажана отворена подготвеност за дијалог со националните малцинства и меѓунационално толерирање, категорично е отфрлено учеството во воените судири на југословенското тло, се избегнуваа бројните провокации на ЈУ армијата при повлекувањето на оружјето, опремата и други материјални добра и т.н.

## 2.3. Влијание на некои други фактори врз мотивациите за одбрана и заштита

Со оглед на сложеноста на мотивацијата како психолошки феномен, речиси е невозможно да се опфатат сите варијабли. Меѓутоа, кога се зборува за мотивациите за одбранбено-заштитно однесување, мораат да се земат во предвид: општествено-економскиот статус на човекот во општеството, степенот на загрозеноста на опште-

./.

ствените вредности, личните способности, интереси и цели на човекот, и многу други.

а) Загрозеноста на општествените вредности

Загрозеноста на општествените вредности и добра, врз мотивот за одбранбено-заштитно однесување влијае на тој начин што право пропорционално со степенот на нивната загрозеност се зголемува интересот за одбрана и заштита на општествените вредности. Во тој правец загрозувањето на општественото уредување утврдено со Уставот, територијалната целина, националните права - конкретната положба на народот и нацијата во соодветната заедница, конкретната положба на човекот во економскиот, политичкиот и културниот живот (слободата, демократијата, личната и имотната сигурност, безбедноста во сообраќајот, човековата животна средина и други вредности) побудуваат интерес за отстранување на изворите на загрозување и за нормализирање на општествените состојби како услов за остварување на нормален, духовен, материјален и безбеден живот во рамките на општествената заедница. Меѓутоа, ваквата корелација важи само за општествен ите вредности во кој се вткаени интересите на поединецот. Кај вредностите што содржат идеолошки, политички и други особености, корелацијата меѓу нивната загрозеност и мотивот за нивна одбрана и заштита е непредвидлива, а во определени периоди однесувањето кон таквите вредности често станува индиферентно.

б) Општествено-економската положба

Општествено-економскиот статус на поединецот исто претставува значајна детерминанта на мотивациите за одбранбено-заштитно однесување. При разгледувањето на споменатото влијание, покрај

другите чинители кој го определуваат статусот на човекот во одбранбениот систем, мораме да имаме предвид дека "одбранбената сила на едно општество зависи од тоа колку секој граѓанин го чувствува тој систем за свој, за систем во кој постојат реални услови тој да ги оствари своите основни интереси и перспективи"* во чија основа лежат потребите од материјално и духовно богат и безбеден живот.

Општествените односи што овозможуваат еманципација и партиципација на човекот во општествениот живот, ослободување на творечката човекова емергија од зависноста на некои "виши сили и интереси" и задоволување на другите духовни и материјални потреби, влијаат врз свеста и однесувањето на поединецот како моторна сила која го зацврстува патриотското чувство и свеста за потребата од социјален живот во рамките на дадената заедница. Таквата свест пак нужно продуцира активен однос на човекот кон одбраната и заштитата на општествените вредности. Во контексот на ваквите размислувања посебно сакаме да укажеме на негативниот одраз на економскиот статус на поединецот во нашата општествена заедница врз решеноста за одбрана и заштита на општествените вредности и поврзаноста на поединецот со општеството. Во 1979 година во Република Македонија под егзистенцијален минимум се наоѓале 474.000 лица, а во 1989 год. бројот на таквите лица се зголемил на 684.000 или од 28% на 35,2% што значи дека во 1989 година секој трет жител се наоѓал под егзистенцијален минимум. Во 1991 година, секој трет вработен беше без плата, приближно 150.000 работници не можеа да земат плата за 1,2 и повеќе месеци, а околу 20.000 работници земаа гарантиран личен доход.**

---

* М-р Б. В. Цветкоска, Актуелни прашања на поопштествувањето на ОНО во контексот на општествените реформи, Одбрана и заштита бр. 5-6, 1990 год. Скопје, стр. 19

**Нова Македонија бр. 15941-12.06.1991 год.

Според најновите статистички показатели, бројот на економски загрозеното население секојдневно се намножува. Така во мај 1992 год. социјална помош примаат 24.000 жители, во почетокот на 1993 година тој број изнесува 80.000, а кон крајот на 1993 год. како корисници на социјална помош се јавуваат дури 120.000 жители, а до крајот на 1994 година корисниците на социјална помош се ценат на 180.000 лица што е 9% од населението.

Деструкциите во економската свера продуцираат појава на сиромаштија или беда каде поради недостиг на основните средства за живот се загрозуваат основните животни функции на човекот и при тоа се предизвикуваат бројни општествени проблеми: алкохолизам, проституција, наркоманија, насилство, самоубиства, убиства, апатија и слично.

Како што веќе нагласивме, човекот живее во дадена заедница со другите луѓе за да заедно со нив ги оствари своите потреби. Во врвот на пирамидата на неговите потреби и мотиви се наоѓа мотивот за самоактуелизација, за углед и почитување, за сигурност (обезбедување на средства за живот, обезбедување на општествена положба и рамноправен третман) и потоа следуваат биолошките мотиви. Меѓутоа, кога биолошките мотиви не се задоволени, имаат приоритет над сите други мотиви.*

Во овој контекс интересно е да се размислува за мотивациите и влијанието на традициите врз одбраната во услови на развиени пазарни односи и приватна сопственост, услови кои ќе создадат големи разлики во економскиот и општествениот статус на оние кои се јавуваат како сопственици на приватен капитал и останатиот дел од населението, во услови на професионализација на одбраната и сл.

---

* Д-р Никола Рот, ц. д. стр. 214

Секако дека различната општествено-економска положба различно ќе се одразува врз односот кон одбраната, меѓутоа, постојат определен број на т.н. вредности од општ општествен интерес, кон сите граѓани, без оглед на нивниот општествен статус треба да имаат позитивен став и однос, зашто тие ги обезбедуваат основните услови за социјален живот на човекот.* Освен тоа, кога зборуваме за значењето на традициите во пазарните економски односи, треба да се има во вид дека традициите не се економска, туку пред се психо-социолошка категорија што значи дека независно од економските движења, традицијата ќе ја зачува својата моќ на влијание врз однесувањето на поединецот.

в) Личните способности, интереси и цели

Покрај мноштвото фактори од општествено-економска природа, значајно влијание врз одбранбено-заштитното однесување имаат и личните способности, цели и интереси. Од сложениот спектар на таквите влијанија посебно значење имаат:

- личната интелектуална способност, т.е. дали и колку умее да ги запознае вредностите;

- емоционалните карактеристики - дали и колку умее да ги процени вредностите, емоционално да ги доживее и да изгради позитивен став кон нив;

- степенот на неговиот свесен однос кон одбраната и заштитата - во која мера е свесен за загрозеноста на општествените вред-

---

* Тоа се вредности што ги имаат сите општествени заедници, без разлика на нивното општествено уредување и без кои неможе да се замисли животот на човекот како општествено битие. Тоа се општественото уредување утврдено со Уставот или друг акт на соодветната земја, територијалната целина на земјата, доминантниот облик на сопственост над средствата за производство, националните права - конкретната положба на народот и нацијата во соодветната заедница и конкретната положба на човекот во економскиот,политичкиот и културниот живот. Според д-р Ј. Спасески, ц. д. стр. 138

ности за последиците од општественото загрозување врз неговата егзистенција за потребата од одбрана и заштита и слично;

- степенот на неговата чесност, храброст и спремност да постапува според општествените барања;

- степенот на неговата способност и спремност, своето самозаштитно однесување да го вградува во целината на својата активност за својата егзистенција и егзистенцијата на општеството и т.н.

Степенот на интелектуалната способност или степенот на образование на пример, правопропорционален е со степенот на мотивираност за одбрана и заштита, т.е. колку човекот поседува повисоко образование толку има повеќе сознанија и мотиви за одбрана и заштита на земјата, Според испитувањата на Свиќевиќ за корелацијата меѓу образованието и мотивираноста во армиската средина добиените резултати покажуваат дека војниците од различно образовно ниво значајно се разликуваат по степенот на мотивираност. Оние што имале високо образование, биле поприлагодливи и помотивирани, своите цели ги идентификувале со целите на Армијата, успехот на единицата го доживувале како свој успех и слично.*

Секојдневните преокупации и проблеми на човекот исто така имаат значајно влијание врз интересот за одбрана и заштита на општествените вредности. Постојат моменти во животот на човекот кога има појави на два или повеќе мотиви кој бараат едновремено задоволување. Ваквата појава често пати доведува до фрустрациони и конфликтни состојби кај човекот. Во тие случаи единствен можен начин за избегнување на таквите состојби е да се задоволат најпрво оние мотиви што се најизразени и најсилни. Еден од најсилно изразените мотиви кај човекот е мотивот за сигурност, за самоодржување. Многубројните

---

* М-р Илина Т. Цвеиќ,'ц. д. стр.

проблеми со кој човекот најчесто се соочува во секојдневниот живот се: телесна болест, душевни пореметувања од трајна и привремена природа, тешкотии во семејството со брачниот другар и децата, тешкотии од материјална и егзистенцијална природа, вонбрачна бременост, стареење и немоќ, тешкотии на работно место и т.н. Сите овие проблеми го зголемуваат мотивот за самоодржување, а ги потиснуваат и намалуваат сите други мотиви. Во споменатите случаеви човекот е преокупиран со себеси и малку води грижа за општествените збиднувања, а во тие рамки и за одбраната и заштитата. Често пати таквите луѓе ја доведуваат во прашање и смислата за своето постоење и одржување во живот. Од ова што досега го изложивме, сакаме да синтетизираме дека луѓето оптоварени со такви проблеми се мошне индиферентни и незаинтересирани за секојдневните општествени настани. Бидејќи во прв план ги поставуваат мотивите за самоодржување. Во тој случај сите други мотиви па и мотивот за одбрана и заштита на земјата се јавуваат со помал интензитет. Творечкиот однос кон одбраната и заштитата на земјата бара сестрано ангажирање на сите општествени чинители кон ослободувањето на човекот од ваквите тешкотии и проблеми. Активноста на општествените чинители насочена кон надминување или намалување на овие проблеми доведува до зголемување на личната среќа на човекот што продуцира и со зголемување на мотивот за социјален живот, за одбрана и заштита на земјата.

## 3. ОДРАЗОТ НА ТРАДИЦИИТЕ ВРЗ ПАТРИОТИЗМОТ И НАЦИОНАЛНАТА ПОВРЗАНОСТ

Поимот патриотизам во современо значење, како љубов кон својата татковина за прв пат се среќава во 1549 год. во списите на Јоаким Де Белаја, под зборот "патрие". Исто така во XVI век во

такво значење се употребува и зборот "патриота", во памвлетите обја-вени во Фландрија, 1558 година - "писмо од добриот патриот за добрите патриоти".* Патриотизмот претставува своевиден емотивен и свесен однос на индивидуата кон заедницата, а произлегува од сознанието на човекот дека припаѓа на определен народ, нација, заедница. Таквото сознание се изразува како нераскинлива врска со татковината како гордост кон нејзиното минато, врзаност за сегашноста и одговорност за иднината на заедницата. Патриотизмот изразува "мноштво на фактори слеани во едно сложено и силно чувство на припаѓање на определена заедница, врзано за неа, подготвеност да се придонесе кон нејзиниот напредок и да се заштитат нејзините интереси.**

Значајно место во создавањето и одржувањето на патриотското чувство покрај другите фактори имаат и традициите. Патриотското чувство е израз на човековата природа на неговата потреба да припаѓа на дадена заедница, да го негува сопственото огниште и тло. Но, кога патриотското чувство ќе биде втемелено врз богати цивилизациски вредности, врз традиционално богатство наследено од минатото, врз свест за општествените вредности и т.н., тогаш традицијата се јавува како фактор што предизвикува силно патриотско чувство, создавање на цврста нераскинлива врска меѓу поединецот и татковината и идентификување на неговите лични интереси со интересите на татковината.

Се чини дека во новата општествена ситуација во која одбранбеното однесување е насочено кон заштита на традиционалните македонски интереси од минатотот, сегашноста и иднината, традицијата најчесто ќе се изразува кај поединецот како "негова спремност" - готов-

* Душан Јањиќ, "Речник Националиста", Београд, 1986 год. стр. 125

**Д-р Здравко Колар, патриотското воспитување во подготовките на земјата за одбрана, Одбрана и заштита, бр. 3/88, стр. 10.

ност да се бори, а ако треба и да се жртвува за заштитата на општествените вредности и добра за кои е свесен дека се во функција на неговата лична егзистенција и заедницата на која и припаѓа."*

Традициите во одбранбено-заштитното организирање на нашиот народ, имаат значајно влијание врз определувањето на содржината на патриотското чувство. Во искуствата од минатото, најилустративно откриваме (или сознаваме) дека патриотското чувство мора да се ослободува од националистичките, идеолошките и други бариери и да се гради како способност на човекот за социјален живот, за позитивно делување на човекот во создавањето на претпоставки за материјална и духовна благосостојба, за издигнување на сопствената заедница на материјален културен и друг план. Секако дека темел на патриотското чувство е припадноста на определен народ, нација или заедница, но притоа како содржина на патриотизмот не смее да изостани правилното вредносно ориентирање кон универзалните цивилизациски вредности и добра. Одбранбените традиции не "учат" дека патриотското чувство мора да содржи позитивен однос кон сите вредности што се ценат како хумани, прогресивни и заеднички за сите народи и луѓе, бидејќи отсуството на позитивниот однос кон општите цивилизациски вредности широко ги отвара вратите за трансформирање на патриотизмот во националистички и шовинистички идеологии.

## 3.1. ЗЛОУПОТРЕБА НА ТРАДИЦИИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА НАЦИОНАЛИЗМОТ, ШОВИНИЗМОТ, ФАШИЗМОТ И ДРУГИ ШТЕТНИ ПОЈАВИ

Бројни искуства покажуваат дека покрај тоа што традицијата има благотворна функција во развојот на општествената идеја и практика, таа многу често се јавува како плодна подлога за индоктри-

* Д-р Јордан Спасески, Општествена самозаштита, Студенски збор, Скопје, 1985 год. стр. 385.

нација на народните маси, за афирмирање на агресивност, милитантност, национализам и други штетни појави, наводно во името на предците, што зависи од начинот на нивното аплицирање во свеста на луѓето. До злоупотреба на традициите најчесто доаѓа кога е во прашање националниот елемент на социјалниот живот, при што како продукт се јавува национализмот.

Денес за национализмот постојат повеќе дефиниции. Некој од нив повеќе, а некој помалку го издвојуваат национализмот од другите облици на национална поврзаност. Во основа може да се прифати определувањето на национализмот како состојба на свеста при која лојалноста кон својата национална држава е супериорна над сите останати лојалности и за која (состојба на свеста) се карактеристични изразитата гордост на својата националност и уверување во нејзината непосредна исклучителност и светска мисија. Во рамките на таквото сваќање национализмот најчесто се дефинира како убедување дека личното добро и доброто на групата зависат од одржувањето и ширењето на моќта и силата на сопствената национална држава. Национализмот се појавува како специфичен вид на национална поврзаност и лојалност, како исклучителна врзаност за својата нација, што подразбира прифаќање на супериорност и исклучителност на својата нација, настојување да се зацврсти и прошири моќта на националната држава и сл.*

Разгледувајќи го национализмот како идеологија на националната држава, современиот психолог Кац, 1965, во своите разгледувања националната поврзаност ја класифицира во три групи, ставови и вредности.

---

* Д-р Никола Рот, Основи социјалне психологије, Београд, 1972 год., стр. 370.

./.

Во првата група влегуваат ставовите и вредностите во врска со нагласувањето на суверенитетот и авторитетот на националната држава. За оваа група на вредности и ставови карактеристично е поставувањето на државата како легитимен извор на одлуки кој задолжително важат за сите припадници во државата, се поставува како највисока вредност и се нагласува неопходноста од лојалност и преданост кон државата. Националните симболи се глорифицираат и треба да допринесат за издигнувањето на авторитетот на државата.

Другата група ја чинат ставови и вредности со кој се нагласуваат поодделни институции карактеристични за националната држава и се одредуваат како суштински за развојот на дадената држава. На таквите институции се настојува да им се припишат општочовечки и општо-општествени вредности.

Третата група ја чинат ставови со кои се истакнува културната посебност, се нагласуваат специфичните карактеристики - културно наследство. јазик, обичаи и другите елементи на националната поврзаност. Кога истакнувањето на овие вредности ќе достигне екстремен облик, кога карактеристиките на сопствената нација ќе се сметаат не само различни и поинакви од карактеристиките на сите други нации, туку ќе се нагласуваат и отценуваат како исклучителни и супериорни, а сопствените сфаќања и вредности како единствено прави вредности, како вредности кои се супериорни на вредностите од другите народи, доаѓа до етноцентрични централизам и националистички шовинизам.*

Чувството на национална припадност е исклучитено важен, но и осетлив елемент на психичкиот и социјалниот живот на човекот,

* Д-р Никола Рот, ц. д. стр. 372

./.

бидејќи е изложено на огромно влијание од ошштествената средина: воспитно образовната дејност, политичките партии, средствата за масовно комуницирање, семејството и други социјални агенси. Токму заради чувствителноста на националната поврзаност, националното прашање е предмет на манипулации од тесните општествени кругови во врвот на државната моќ и од други центри на моќ и влијание, кои низ разработени психолошки, социјални, државно-репресивни и други инструменти, го издигнуваат националното чувство на степен на националистички и шовинистички идеализам па дури и фашизам. Во основата на инструментариумот за разгорување на национализмот лежи тезата според која поединецот не е голем патриот, ако не е голем националист што е апсолутно неоснована. Привржаниците на национализмот, нудат високо издигнати национални симболи, широки територии, агресивност во меѓунационалното комуницирање и слично.

За таа цел посебно се "користат" со традициите на својот народ, идентификувајќи се како нивни наследници, како носители на одговорноста за наводно спроведување на аманетите од нивните предци, за историските идеали и стремежи и т.н. Повикувањето, односно злоупотребувањето на традициите и минатото во реализацијата на зацртаните националистички цели не е случајна, туку произлегува од сознанието дека традициите се силен инструмент кој влијае врз човековото однесување. Во најчест случај тие се јавуваат и како морални норми во однесувањето кон општествената заедница и од тука сосема е разбирливо настојувањето на поединецот да постапи според тие норми, кои за жал во одредени случаи се злоупотребени, оптеретени со идеолошки, националистички, агресивни и други содржини кои не се во склад со општите интереси на заедницата.

Од тука произлегува дека едно од основните прашања во поглед на традициите е прашањето во која насока ќе бидат тие негу-

./.

вани.

Грубото стимулирање на одбранбено-заштитните традиции во современиот концепт и практика на одбраната на РМ значи неспособност да се сфати духот и потребата на новото време и наместо традицијата да биде извор на миротворна иницијатива, патриотизам, хуманост, правичност и сл. таа се изродува во агресивна борбеност, милитаризам, национализам, и др. на нив слични појави кои служат како основа за вовед во нови војни.

Од друга страна пак грубото отфрлање на традициите значи негирање на сопствениот национален идентитет, на својата историска генеза, на напорите што ги вложувале нашите претходници за обезбедувањето на мирот и независноста на Македонската држава и слично.

## 4. ОДРАЗОТ НА ТРАДИЦИИТЕ ВРЗ СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА НА ЛИЧНОСТА ЗА ОДБРАНА И ЗАШТИТА

Воспоставувањето на позитивен однос на индивидуата кон општествените вредности претставува примарна претпоставка за мотивирањето на човекот за одбрана и заштита на општеството, а таквиот однос се смета за воспоставен тогаш, кога човекот ќе ги осознае објективните општествени и културни добра, и ќе ги прифати како свои, со помош на сопствениот суд, бидејќи само свеста и вистинското сознание на вредностите можат да го мотивираат човекот со максимално напрегање на сопствените сили да учествува во акциите значајни за одбраната и заштитата на општествената заедница. Свеста пак, не се гради ниту автоматски, ниту стихијно, туку низ долготрајниот и сложен процес на социјализацијата на личноста. Под поимот социјализација на личноста ги подразбираме активностите за оспособување на индивидуата за општествен живот,

поточно за оспособување на индивидуата за стекнување на вештини, знаење, мотиви и ставови кој се потребни за извршување на сегашните и идните улоги на поединецот во општеството. Социјализацијата е процес во кој единката учи да се однесува така, да биде прифатена од останатите членови на групата во која припаѓа, односно процес во кој индивидуата учи да се однесува како и останатите членови на општеството.* Со социјализацијата човекоте треба да прерасне од биолошко во општествено битие, а тоа ќе го постигне кога објективните општествени и културни добра ќе ги осознае и ќе ги прифати како свои, со помош на сопствениот суд.

Семејството, воспитно образовната дејност, политичките партии, средствата за масовно комуницирање и други медиуми имаат извонредно значење за вредносното насочување на човекот. Сите тие како општествени медиуми треба да му помогнат на човекот во создавањето на појавите и заземањето на став за тоа што е добро, а што лошо, што е допуштено што забранетo, односно да го запознаат човекот да знае кое однесување е општествено признато и зошто.

## 4.1. Социјализација на личноста за одбрана

Во рамките на одбранбено-заштитните аспекти на социјализацијата посебно внимание заслужува влијанието на социјализацијата, односно социјалните агенции врз градењето на позитивниот став кон одбраната на земјата врз градењето на решеност и спремност за одбрана на татковината и воопшто врз патриотското чувство како врска на индивидуата кон татковината. Се разбира дека за успешна одбрана не е потребно да постои само свесна определеност и решеност, туку и

---

* Според д-р Никола Рот, Социјална психологија, Београд, 19____ год. стр. 71

./.

соодветна стручна оспособеност за учество во одбраната, соодветна организираност за употреба на материјалните и човечките потенцијали во одбраната и заштитата и сл. Меѓутоа, се чини дека планските, нормативните, материјално-техничките и организационите подготовки во услови на војна ќе добијат полн израз ако луѓето ја прифатат одбраната и заштитата како услов за нивниот индивидуален опстанок и егзистенцијата на општеството како нивно дело но и дело за нив. Одбраната и заштитата на општеството од секогаш претставувала примерен интерес, па оттука на ниедно општество не му е сеедно каков став ќе гради поединецот кон одбраната и заштитата. Заради тоа, на организиран начин општеството влијае врз изградувањето на тие ставови и недопушта таквиот однос во целост да се гради спонтано, туку превзема најразлични воспитни мерки.

Низ процесот на социјализација на личноста за одбрана и заштита, општествената заедница треба на поединецот да му овозможи:

- да ја разбере и прифати одбраната и заштитата како објективна потреба и услов на индивидуалниот и општествениот развој;
- да ги спознае општествените вредности и да изгради позитивен однос кон нив и нивната заштита;
- да развива чесност, храброст и спремност за да постапува според моралните и законските норми во одбраната;
- одбранбено-заштитното однесување да го вградува во целината на социјалниот живот;
- да изгради позитивен став кон оружјето што подразбира истото да биде употребено само во одбранбена цел и како нужност, доколку со другите невоени средства не може да се обезбеди мирот и безбедноста;
- да ја сфати потребата од подготвување и оспособување за одбрана и да се залага за постигнување на поголеми резултати во

сопственото оспособување;

- да умее да ги препознава појавните облици на непријателско дејствување, нивните носители, мотиви и цели, да изгради негативен став кон сите сили на загрозување и т.н.

- низ сите форми на социјалниот живот да се спреми кон миротворност.

Накратко, низ процесот на социјализацијата, поединецот треба да ја осознае татковината, да изгради емотивен однос кон неа кој ќе се манифестира како чувство на гордост и приврзаност што припаѓа на определена заедница, како спремност да се вклучи во заштитата на својот народ и заедница и на крај да се оспособува за одбрана и заштита на општествените вредности.

### 4.2. Влијание на традициите врз социјализацијата на личноста за одбрана и заштита

Формирањето на ставовите на личноста кон одбраната и заштитата е сложен процес, условен, од повеќе фактори од општествена и лична природа. Меѓутоа, се чини дека постигнувањето на саканиот став на поединецот кон одбраната и заштитата е речиси невозможен (или истиот ќе биде нецелосен) без потпирање врз традициите.

Вербалните декларации дека татковината е највисока вредност, дека обврска и чес на секој од нас е да ја брани и чува. Некогаш стануваат дури и банални, ако не е присутен чинот (историскиот настан) како доказ за таа свест и чувствување. А традицијата, како дел од битисувањето на нашите предци, нуди бројни илустрации за чинот на љубовта кон татковината, за патриотизмот, храброста и саможртвеноста и други духовни вредности на одбраната. Едноставно, традицијата е непресушен извор на патриотизам, херојството и правичноста и затоа е незаменлив сегмент или агенс во градењето на

./.

позитивниот став на личноста кон одбраната на татковината.

Во народната песна, како еден од најсилните инструменти преку кој се обезбедува пренесување и негување на борбените традиции, народниот пејач низ животот и борбата на највпечатливи јунаци и борци ја илустрира љубовта кон татковината. Тука, во традицијата преточена во песна, културно уметничка творба или друг паметник на минатото појасно од било каде го откриваме настојувањето на нашите предци да се дојде до национална слобода преку организирана борба. Тука најилустративно го сфаќаме поимот за татковината, потребата од безкомпромисна борба против поробувачите, за потребата од жртвување пред олтарот на татковината. Тука го гледаме оптимизмот и вербата во слободата и во народните идеали, тука откриваме една таква духовна енергија, која не бодри, која ја побудува нашата сознајна и емотивна природа во поглед на татковината и нејзината заштита.*

"Ние, Македонците - како што ќе рече Јосиф Чешмеџиев во 1926 год. во Софија - немаме пирамиди и свинги, нашата татковина не е украсена со палати и материјални паметници, но има нешто кое ниту вековите, ниту природните стихии, ниту демонската рака на насилниците не можат да го разурнат...

Таа нескршива сила е излеана во единствениот паметник-народната песна, најбогатото и најценетото наследство што ни останало од минатиот живот и културата на Македонецот, сочувано и до денес."

Гледано во поширока смисла на зборот традиционалната вредност во голема мера се пренесува природно и спонтано, преку народниот пејач, народниот вез и други елементи на народната

---

* К. Пенушлиски, Црвен се бајрак развева, 1966 год. стр. 29

./.

култура. Но, повеќе од се е потребно пренесувањето на традициите да се одвива на организиран начин, низ долготрајниот и сложен процес на социјализацијата. Вградувањето на содржини со традиционално богатство во процесот на социјализацијата претставува значаен извор во одржувањето и развивањето на мотивите за одбрана и заштита на Македонија. Прашањето за социјализацијата и мотивацијата е дотолку важно, зошто свеста кон традиционалните и другите општествени вредности не се гради автоматски и стихијно, туку низ долготрајниот и сложен процес на социјализацијата.

Општествениот напор на заедницата за запознавање на индивидуата со традиционалните вредности на својот народ можат во голема мера да го мотивираат човекот со максимално напрегање на сопствените сили да учествува во акциите значајни за одбраната и заштитата на Македонија. Поконкретно социјализацијата се јавува како фактор што ќе ја зголемува поврзаноста меѓу поединецот и татковината. Од тука, сите тие како општествени медиуми треба да му помогнат на човекот во сознавањето на појавите и заземањето на став кон доброто и лошото кон допуштеното и забранетото и слично. При тоа треба да се има во вид дека човекот неможе да има целосна вредносна ориентација ако при тоа нема однос кон традиционалните вредности на својот народ и прогресивните традиции на светската цивилизација.

Разгледувањето на одбранбено-заштитните аспекти на социјализацијата на личноста добива посебна актуелност во дадениов општествен момент кој се карактеризира со одсуство на стабилен вредносен систем, и на повисоки критериуми за вреднување. Испитувањата за вредносната ориентација на младите во Република Македонија, од 1991 год. покажаа дека во основа младата популација е

./.

збунета, амбивалентна, со чувство на национална загрозеност, неизвесност и безперспективност. Преминот од еден вредносен систем на општествено живеење во друг, сигурно уште повеќе предизвикува збрканост на личноста во определувањето на целите, емоциите и сл.

За вредносната ориентација на младите кон одбраната и заштитата, не постојат поопстојни истражувања врз чија основа може да се дадат поаргументирани заклучоци, меѓутоа врз основа на сознанијата кои ги добиваме со истражувањето на нивните ставови кон одбраната и традициите во одбраната, сознанијата од истражувањето на јавното мислење, спроведено од "БриМа", во соработка "GALUP INTERNATIONAL"* и други сознанија, можеме да констатираме дека младата популација во Република Македонија има позитивен склоп на ставови кон одбраната и заштитата, кон општествените вредности, начинот на кој тие треба да се бранат и штитат, и воопшто кон основните концепциско доктринарни определби. Врз градењето на позитивниот став и однос кон одбраната и заштитата, покрај другите фактори значајно влијание изразуваат традициите на македонското движење, низ процесот на социјализација.

Првите индикации за вредносното ориентирање на младите во целина, недвосмислено укажуваат на потребата од воспоставување, односно стабилизирање на вредносен општествен систем, кој треба низ процесот на социјализацијата да допре до членовите на општествената заедница.

---

* Испитувањето на "БриМа" - прва приватна агенција за испитување на јавното мислење во Македонија - по прашањето за доверба кон институциите на системот, покажа дека веднаш по довербата кон Претседателот на Републиката за која се изјаснуваат 79% од испитаниците, следува довербата кон Армијата за која дури 63% и т.н.

./.

# IV - Д Е Л

## ВРЕДНОСНА ОРИЕНТАЦИЈА НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ КОН ОДБРАНАТА И ТРАДИЦИИТЕ ВО ОДБРАНАТА

- А н к е т а -

Во рамките на ин тересирањето за влијанието на традициите врз одбраната, направивме обид, по пат на анкета да испитаме дел од основните ставови на студентите и учениците кон одбраната и традициите во одбраната. Анкетата опфати 401 испитаници. Од нив 209 се ученици од III клас во повеќе средни училишта: ЦСО "Св. Климент Охридски" Охрид, ЕМУЦ - Охрид, ЦСНО "Нико Нестор" Струга, ЦСО "Мирко Милески" Кичево и ЦСНО "Здравко Чочковски" Дебар, а 192 испитаници се студенти од I и II година на: Педагошката академија "Св. Климент Охридски" Скопје, Педагошката академија - Битола и Филозофски факултет - Скопје - групите психологија, педагогија и историја.

Заради одредени просторни и социјални ограничувања, ваќа одбраниот примерок не ни дава за право да вршиме воопштување на добиените резултати на ниво на целата младина. Но и покрај тоа, се надеваме дека резултатите ќе бидат значајни барем како индикативни показатели за вредносната ориентација на студентската и средношколската младина кон одбраната и традициите во одбраната, и ќе го побудат општествениот интерес за вршење на вакви и слични истражувања. Освен тоа, резултатите од анкетата ги потврдуваат основните теоретски ставови на истражуваниот проблем.

Анкетата е извршена во јуни 1993 година.

## Резултати од анкетата

1. На прашањето: "СТРАВОТ Е ПРИРОДНА ЕМОЦИЈА КАЈ СЕКОЈ ЧОВЕК. ОД ШТО ВИЕ НАЈМНОГУ СЕ ПЛАШИТЕ?" Беа можни следните одговори:

   а) од војна
   б) од болест
   в) од несреќа
   г) од тоа ништо да не се постигне во животот
   д) друго што? ______________________

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ
ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 1




Резултатите од анкетата укажуваат дека најголем број од испитаниците се плашат од војна (50,1%) и од безперспективноста, односно од тоа ништо да не се постигне во животот (16,7%), а помал број од болест (13%), несреќа (12,8%) и друго (7,8%). Ваквите одговори повеќе од очигледно потврдуваат дека зачестената примена на војната и насилството во решавањето на меѓународните, меѓунационалните и др. спорови и опасноста од нејзино проширување кај

./.

нас наоѓа свој одраз врз свеста и определеноста на младите. Заострените односи на стопанисување, отежнатото решавање на основните егзистенцијални потреби (вработување, обезбедување на средства за задоволување на материјалните и духовните потреби, решавање на станбеното прашање и сл.) се основните извори за загриженоста и стравот на младото поколение од безперспективноста. (види прилог бр. 1).

2. На прашањето: "ШТО НАЈМНОГУ БИ ВЕ РАЗВЕСЕЛИЛО ВО ЖИВОТОТ, ОДНОСНО ШТО НАЈМНОГУ ПОСАКУВАТЕ?" Добиени се следните резултати од можните одговори:

| | |
|---|---|
| а) да имам среќна фамилија | 26,2% |
| б) да бидам здрав, јак и среќен | 29,4% |
| в) да имам моќ да ја спречам војната | 21,7% |
| г) да патувам по светот | 14,7% |
| д) друго што?__________________ | 7,8% |

нас наоѓа свој одраз врз свеста и определеноста на младите. Заоштрените односи на стопанисување, отежнатото решавање на основните егзистенцијални потреби (вработување, обезбедување на средства за задоволување на материјалните и духовните потреби, решавање на станбеното прашање и сл.) се основните извори за загриженоста и стравот на младото поколение од безперспективноста. (Види прилог бр. 1).

2. На прашањето: "ШТО НАЈМНОГУ БИ ВЕ РАЗВЕСЕЛИЛО ВО ЖИВОТОТ, ОДНОСНО ШТО НАЈМНОГУ ПОСАКУВАТЕ?" Добиени се следните резултати од можните одговори:

| | |
|---|---|
| а) да имам среќна фамилија | 26,2% |
| б) да бидам здрав, јак и среќен | 29,4% |
| в) да имам моќ да ја спречам војната | 21,7% |
| г) да патувам по светот | 14,7% |
| д) друго што? ____________________ | 7,8% |

## ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ
## ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 2




Како што се гледа дури 21,7% од испитаниците се надвишуваат над основните биолошки и социолошки потреби на младиот човек (да се има среќна фамилија, да бидат здрави, јаки и среќни, да патуваат по светот) и посакуваат да имаат моќ да ја спречат војната. Исто така, 7,8% од испитаниците под "друго што" одговараат дека би сакале сите да бидат среќни, да нема војна за да не мора да ја спречуваат, да има мир зошто тој е услов за среќен живот и сл. (Види прилог бр. 2.

./.

3. На прашањето: "СПОРЕД ВАС, КОЛКУ МЕЃУНАЦИОНАЛНИТЕ ОДНОСИ ВО МАКЕДОНИЈА СЕ ВАЖНИ ЗА НЕЈЗИНАТА ОДБРАНА И БЕЗБЕДНОСТ?"

Добиени се следните резултати од можните одговори:

| | |
|---|---|
| а) најмногу | 43,1% |
| б) многу | 31,1% |
| в) умерено | 6,0% |
| г) малку | 2,4% |
| д) воопшто не | 4,2% |
| ѓ) не знам, не можам да оценам | 13,0% |

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ
ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 3



Очигледно е дека само 6,6% од испитаниците имаат негативен став кон значењето на меѓунационалните односи како фактор на мирот, безбедноста и стабилноста на РМ што е занемарливо мал број, а дури 74,2% сметаат дека меѓунационалните односи се многу и нај-многу значајни за мирот, безбедноста и стабилноста на РМ.

Вака изразениот позитивен став кон значењето на меѓунационалните односи како фактор на мирот на РМ е солидна основа и гаранција за надминување на постојните (вообичаените) меѓунационални недоразбирања и создавање на односи на меѓусебна толерантност, почитување и сожителство.

Врз сознанието на испитаниците дека меѓунационалните односи се еден од значајните услови на мирот и стабилноста, покрај другото, влијание изразуваат и позитивните традиции на македонското национално-ослободително движење каде постојано е присутен напорот на политичкиот фактор на движењето да го сочува меѓунационалниот мир, што резултирало со традиционално негување на меѓунационалните односи.

Последиците од лошите меѓунационални односи во дел од бившите ЈУ-републики денес, а и низ историјата исто така претставуваат своевидна поука во градењето на ставот на испитаниците кон меѓунационалните односи. (Види прилог бр. 3).

4. На прашањето: "КАКО ВИЕ ГИ ОЦЕНУВАТЕ МЕЃУНАЦИОНАЛНИТЕ ОДНОСИ ВО МАКЕДОНИЈА?"
Добиени се следните резултати на понудените одговори:

а) многу се добри, сите ги уживаат основните националните права и слободи 15,9%

б) добри се, но би требало на националностите да им се дадат уште поголеми национални права заради мир и сожителство 13,3%

в) добри се, но сметам дека на националностите им се дадени поголеми права од оние што се гарантирани со меѓународните конвенции, што може да има штетни последици за Македонските национални интереси 54,9%

г) лоши се бидејќи националностите не ги уживаат основните национални права и слободи 5,7%

д) не знам, не можам да оценам 10,2%

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 4



Бидејќи се работи за оценка на меѓунационалните односи, посебно внимание заслужува анализата на резултатите од аспект на националната припадност на испитаниците.

ОЦЕНКА НА МЕЃУНАЦИОНАЛНИТЕ ОДНОСИ СПОРЕД НАЦИОНАЛНАТА ПРИПАДНОСТ НА ИСПИТАНИЦИТЕ

| Можни одговори | Македонци | | Албанци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | броја | % | броја | % | броја | % |
| а | 53 | 16,9 | 1 | 1,5 | 11 | 50 |
| б | 30 | 9,6 | 40 | 61,5 | 5 | 22,7 |
| в | 192 | 61,5 | 1 | 1,5 | 2 | 9,1 |
| г | 6 | 1,9 | 12 | 18,4 | 2 | 9,1 |
| д | 31 | 9,9 | 8 | 12,3 | 2 | 9,1 |
| ВКУПНО: | 312 | 100 | 65 | 100 | 22 | 100 |

Резултатите недвосмислено потврдуваат дека состојбата на меѓунационалните односи различно е вреднувана во зависност од националната припадност на испитаниците. Тоа особено е присутно кај Македонците и Албанците. Додека 61,5% од македонците сметаат дека меѓунационалните односи се добри но дека на националностите им се дадени поголеми права..., дотогаш исто толку (61,5%) од албанците сметаат дека меѓунационалните односи се добри но дека на националностите треба да им се дадат уште поголеми национални права... Меѓутоа, резултатите покажуваат дека вреднувањето на состојбите во меѓунационалните односи не е така хетерогено спротивно и недопирливо како што настојуваат да го прикажат одредени партиски структури. Имено само еден мал дел од испитаниците (1,9% од Македонците, 18,4% од Албанците и 9,1% од другите припадности) сметаат дека меѓунационалните односи се лоши...

./.

Со исклучок на неопределените испитаници (9,9% Македонци, 12,3% Албанци и 9,1% други) сите останати испитаници чии број е од 70-90% (70% Албанци, 81% од другите припадности и 90% од Македонците) сметаат дека во основа меѓунационалните односи се добри, со напомена дека до разидување на ставовите доаѓа по прашањето - дали на националностите им се дадени поголеми права од ание што им се гарантирани со меѓународните конвенции или пак треба да им се дадат поголеми права од ание што ги имаат. Иако ова прашање ја изразува хетерогеноста на ставовите на припадниците во однос на вреднувањето на меѓунационалните односи, сепак, основен и заеднички е ставот дека тие се добри, што е од особено значење за мирот, безбедноста и стабилноста на РМ и пошироко за нејзиниот развој и перспектива. (Види прилог бр. 4).

5. На прашањето: "БИ САКАЛЕ ДА НИ КАЖЕТЕ КОЈ ОД НАВЕДЕНИТЕ УСЛОВИ СПОРЕД ВАС Е НАЈЗНАЧАЕН ЗА ОДБРАНАТА И ЗАШТИТАТА НА Р МАКЕДОНИЈА?" Добиени се следните резултати на понудените одговори:

| | |
|---|---|
| а) да создадеме моќна армија | 9,5% |
| б) да се развиваме како демократско општество, со материјална и духовна благосостојба и достоен живот за сите без оглед на верска национална и друга припадност | 80,0% |
| в) да се залагаме за културно интегрирање на Балканот | 6,5% |
| г) не можам да оценам | 4,0% |

./.

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ
ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 5




Ваквите одговори се значаен индикатор за правилното и суштинско поимање на одбраната и заштитата од страна на испитаниците.

Поконкретно, тоа значи дека одбранбената способност, мирот и безбедноста на Републиката не се гледаат низ бројот, структурата и моќта на воените институции и низ други квантитативни големини (број на војници, нивна вооруженост, организираност, материјални ресурси и сл.) туку низ способноста на општеството да создава

претпоставки за богат материјален и духовен живот, за демократија, за национална толерантност и сожителство, за заштита на основните човекови права и т. н. Накратко, одбраната и заштитата се гледаат како производ на севкупните општествени односи.

Само мал дел од испитаниците 9,5% мирот и безбедноста на РМ ја поврзуваат со создавањето на моќна армија. Со исклучок на нив и на оние кои не можеле да оценат 4%, можеме да кажеме дека 86,5% од испитаниците имаат изразито миротворна ориентираност што е од особено значење за времето во кое живееме. (Види прилог бр. 5).

6. На прашањето: "СПОРЕД ВАС, И ТРЕБА ЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СВОЈА АРМИЈА?"

Потврдно "да" одговориле 93%, негативно "не" одговориле 4% и 3% од испитаниците не можеле да оценат.

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРАШАЊЕТО БР. 6



Овие резултати се мошне интересни во контекс на претходните определби на испитаниците. Имено, иако најголем број од испитаниците посакуваат и сметаат дека мирот и безбедноста треба да се градат со примена на невоени средства и методи, и сметаат дека армијата не е единствена и целосна гаранција на мирот, сепак не ја исклучуваат потребата од воспоставување на вооружените сили. Анализата на резултатите од петтото и шестото прашање покажува дека испитаниците се против секаква милитантност во решавањето на одбранбено-заштитните проблеми, но и свесни дека воено политички процеси на балканските и пошироките простори, а и во самата земја, нужно ја наметнуваат потребата за создавање на вооружени сили на РМ. Значи нивната ориентација е миротворна но не е пацифистичка. (Види прилог бр. 6).

7. На прашањето: "ШТО НАЈПРВО БИ СТОРИЛЕ ВО НЕПОСРЕДНА ВОЕНА ОПАСНОСТ ИЛИ ВО СЛУЧАЈ НА АГРЕСИЈА?"

Добиени се следните резултати од нивните одговори:

| | |
|---|---|
| а) веднаш би се вклучил во одбранбените структури | 55,6% |
| б) би се вклучил во одбраната, само ако морам односно ако бидам принуден | 21,4% |
| в) не би се вклучил во одбраната | 1,5% |
| г) најпрво би барал можност да ја напуштам земјата, за да се спасам од воените удеси | 18,2% |
| д) друго што? | 3,3% |

./.

## ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 7




Како што е познато, обврската на поединецот за учество во одбраната и заштитата не само што е законски дефинирана, туку таа во социјалниот живот на човекот има висок морален третман, односно е сврстена во редот на највисоките морални обврски. Од тука, нужно се наметнува прашањето зошто само 55,6% од испитаниците безусловно, веднаш би се вклучиле во одбраната, или уште поконкретно, зошто дури 21,4% од испитаниците би се вклучиле во одбраната и 18,2% би барале можност да ја напуштат земјата за да се спасат од воените ужаси. Тоа практично значи дека 39,6% не се

јасно определени за нивно вклучување во одбраната.

Ваквата вредносна ориентација на испитаниците може да има и позитивна и негативна констатација.

Навистина одбраната и заштитата на татковината спаѓа во редот на највисоките морални обврски на поединецот кон заедницата и оттука нејзиното избегнување е израз на негативен став и однос на единката кон одбраната и заштитата. Меѓутоа, во барањето на причините кои ја условуваат таквата вредносна ориентација, неминовно се наметнува прашањето за односот на заедницата кон младата популација. Поконкретно, колку заедницата успевала да ги интегрира младите во општествените, политичките, материјалните, производните, културните и другите текови на општествениот живот? Колку младата популација се јавува како творец на општествените вредности, колку вредностите кои треба да се бранат ги доживува како свои и колку истите и овозможуваат на единката да ги задоволи своите потреби за богат материјален и духовен живот.

Секако дека општествените тешкотии кои се присутни во решавањето на бројните проблеми на младите не можат да бидат причина за откажу вање од татковината, но сепак мора да се има предвид дека оттуѓената положба во создавањето на општествените вредности во трудот, културата и воопшто во општествениот живот продуцира и оттуѓување на интересот на нивна заштита и непосредно го слабее интензитетот на татковинското чувство, на врската меѓу поединецот, заедницата и сл. Тоа значи дека општествениот напор за интегрирање на младата популација во севкупниот општествен живот ќе биде еден од основните извори за создавање на позитивен однос кон одбраната.

./.

Од друга страна гледано, ставовите за избегнување на учеството во спротивставувањето на агресијата, се и позитивни до таа мера, до која во себе носат енергија на миротворност, на ненасилно решавање на проблемите и сл. Едноставно, војната и жртвувањето на човечките животи во војната се сфаќаат како најголема бесмислица на родот човечки, а човековиот живот како најголема вредност која не треба да се жртвува во военото безумие. (Види прилог бр. 7).

8. На прашањето: "БИ САКАЛЕ ДА НИ КАЖЕТЕ КОЈА ОД НАВЕДЕНИТЕ ПОЗИТИВНИ БОРБЕНИ ТРАДИЦИИ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ (ПЕРИОД ОД РАЗЛОВЕЧКО-КРЕСНЕНСКО ВОСТАНИЕ 1878 ГОД: ДО ДЕНЕС) Е НАЈЗНАЧАЈНА ЗА ОДБРАНАТА НА МАКЕДОНИЈА"

Добиени се следните резултати од понудените одговори:

| | |
|---|---|
| а) хуманост и слободољубивост | 21,0% |
| б) национална и верска толерантност | 12,8% |
| в) хероизам и саможртвуваност | 19,6% |
| г) преданост кон целите на борбата и татковината, односно патриотизам | 21,0% |
| д) борба за обединување на балканот | 10,0% |
| ѓ) не знам, не можам да оценам | 15,6% |

./.

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ
ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 8




Добиените податоци зборуваат дека според испитаниците сите госпоменати традиции се од суштинско значење за одбраната и заштитата на Р Македонија без посебно истакнување на било која од нив. За одредени моделитети на резултатот според местото на живеење, полова и национална припадност. (Види прилог бр. 8).

./.

9. На прашањето: "КОЈ ПЕРИОД ОД НАШЕТО НАЦИОНАЛНО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ НАЈМНОГУ ВЕ ИНСПИРИРА СО БОРБЕНИТЕ ТРАДИЦИИ НА НАШИТЕ ПРЕДЦИ"

Добиени се следните резултати од нивните одговори:

| | |
|---|---|
| а) Разловечко востание | 1,7% |
| б) Кресненско востание | 2,0% |
| в) Илинденско востание | 55,2% |
| г) период од 1903 до Прва светска војна | 4,5% |
| д) период помеѓу двете светски војни | 10,2% |
| ѓ) НОБ во Македонија | 26,4% |

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 9



Добиените резултати за инспирираноста на испитаниците од пооделните етапи на македонското национално-ослободително движење се сосема разбирливи зошто Илинденското востание, кое инспирира 55,2% од испитаниците, во колективното памтење на народот е врежано како најзначаен, преломен чин и патоказ на неговата национално ослободителна борба. Веднаш потоа доаѓа периодот на НОБ со 26,4% и со нешто помала инспирираност другите периоди. Мошне интересно е на ова прашање да се спомнат (разгледаат) одговорите на испитаниците од аспект на националната припадност. Имено испитаниците, Македонци 52,8% се инспирирани од Илинденското востание, 25% од НОБ и во значително помал обем од другите етапи на движењето; испитаниците Албанци 30,7% се инспирирани од Илинденското востание, 29,2% од периодот меѓу двете светски војни и 36,8% од НОБ, а слични на нив се и резултатите од испитаниците со друга национална припадност. Ваквата дисперзираност на резултатите кај испитаниците од Албанска и друга национална припадност е сосема разбирлива, зошто и Илинден и периодот меѓу двете светски војни, а посебно НОБ имаат особено значење за афирмирање на меѓунационалните односи, на националните права на малцинствата и сл. (Види прилог бр. 9).

10. Во поглед на прашањето: "ДАЛИ ПОЗИТИВНИТЕ БОРБЕНИ ТРАДИЦИИ ТРЕБА ДА БИДАТ ВГРАДЕНИ ВО ВОСПИТНИОТ ПРОЦЕС НА МЛАДИТЕ"

Дадени се следните одговори:

а) да, зошто традициите се фактор на нашиот национален и државотворен континуитет 48,2%

б) да, но само во делот кој инсистира на хумани пораки, без величење и идеологизирање на минатото 38,4%

./.

в) сметам дека престанува потребата од негување на традициите 6,7%

г) треба да се отфрлат зошто политички и културно се застарени и надвор од барањата на современиот живот 6,7%

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ
ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 10




Резултатите јасно укажуваат дека 86,6% од испитаниците позитивно се изјаснуваат за потребата од користење на борбените традиции како содржина во воспитниот процес на младите и воопшто во процесот на нивната социјализација.

./.

Во прилог на валидноста, компетентноста и значењето на добиените резултати, треба посебно да ја нагласиме структурата на испитаниците - студенти со што резултатите добиваат во значење. Како што спомнавме во воведните напомени, станува збор на испитаници од педагошките академии и филозофскиот факултет - групи педагогија, психологија и историја, кои во рамките на своите студии научно-стручно се занимаваат со вакви и сл. прашања и кои треба да бидат всушност кадровски потенцијал пред кого претстои стручно ангажирање во изготвувањето на наставните планови и програми и креирање на другите воспитно-педагошки активности. (Види прилог бр. 10).

11. Во однос на влијанието на борбените традиции врз испитаниците, добиени се одговори за кои треба посериозно да се по-раз мисли. Така, на прашањето:

"КАКВО Е ВЛИЈАНИЕТО НА НАШИТЕ ОДБРАНБЕНО ЗАШТИТНИ ТРАДИЦИИ ВРЗ МЛАДАТА ГЕНЕРАЦИЈА"

Добиени се следните одговори:

| | |
|---|---|
| а) претставуваат духовна база за вклучување на младите во решавање на одбранбено-заштитните и другите проблеми | 18,8% |
| б) имаат влијание врз младите, но не така големо и значајно | 25,1% |
| в) некогаш можеа но денес не можат да ги мотивираат младите во решавањето на одбранбено заштитните и другите општествени проблеми, бидејќи младите се оптоварени со проблеми од современиот живот, невработеност, станбени егзистенцијални и други проблеми | 39,6% |
| г) традицијата никогаш и не можела да користи, зошто се работи за вештачки и идеализирани вредности од минатото | 4,2% |
| д) не можам да оценам | 12,3% |

./.

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ
ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 11




Како што се гледа од резултатите, кај најголем број од испитаниците (43,9%), нашите одбранбено-заштитни традиции изразуваат поголемо или помало влијание, а само незначителен број (4,6%) од испитаниците имаат изразито негативен став кон корисноста од негувањето на традицијата.

Меѓутоа, посебно внимание привлекува делот од испитаниците (чии број е 39,6%) кои условно речено знаат дека традицијата влијаела и може да влијае врз младиот човек, но тоа влијание не

./.

стигнува до нив заради нивната оптовареност со проблеми од современиот живот. Ваквиот став на испитаниците со оглед на општествените односи во кои живееме, не би требало да се сфати како негативен туку како став кој отвора или поставува повеќе прашања за општествено економскиот статус на младите во општеството за нивната вклученост во политичкиот, културниот, производствениот и севкупниот живот на заедницата, и другите прашања кои секако имаат свој негативен одраз врз ваквата вредносна определеност на испитаниците. (Види прилог бр. 11).

12. И на крајот на прашањето:

"КОЈ ОПШТЕСТВЕН МЕДИУМ НАЈМНОГУ ВИ ПОМОГНА ВО ПОИМАЊЕТО НА НАШИТЕ ТРАДИЦИОНАЛНИ ВРЕДНОСТИ"

Испитаниците ги дадоа следните одговори:

| | |
|---|---|
| а) училиштето | 28,6% |
| б) телевизијата, радиото, печатот | 36,4% |
| в) народните песни и преданија | 19,2% |
| г) културните манифестации (прослави, митинзи и слично) | 6,8% |
| д) друго што | |

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ
ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 12




Од резултатите на анкетата, за вредносната ориентираност на испитаниците, во основа може да заклучиме дека:

- имаат позитивен став кон одбраната и заштитата на заедницата во која живеат:

- културата на мирот и ненасилството е основа на нивните одбранбено-заштитни погледи, што значи дека се животно заинтересирани за истиснување на војната како средство за решавање на меѓународните и други проблеми;

./.

- во напорите за обезбедување на мирот и стабилноста на Републиката, посебно го вреднуваат значењето на меѓунационалните односи, развојот на демократијата и создавањето на други материјални духовни претпоставки за општествениот живот;

- имаат позитивен однос кон традициите и потребата од нивно негување и пренесување;

- многу ги загрижува опасноста од избивање на воени судири и неизвесноста на нивната перспективност во животот;

- степенот на идентификацијата на младите со вредностите на државата на која и припаѓаат условен е од сознајните (интелектуалните) емотивните, моралните и други карактеристики на младите, но и од односот на заедницата кон младите, односно од нејзината способност да ги интегрира младите во општеството, во создавањето на општествените вредности и сл.

ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 1

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | Г Р А Д | | С Е Л О | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | БР. | % | Бр. | % |
| а | 37 | 33,6 | 164 | 56,3 | 163 | 49 | 37 | 53,6 | 157 | 50,3 | 25 | 38,4 | 16 | 72,7 | 201 | 50,1 |
| б | 20 | 18,2 | 32 | 11,1 | 39 | 11,7 | 10 | 14,5 | 41 | 13,1 | 12 | 18,4 | 1 | 4,6 | 52 | 13 |
| в | 16 | 14,5 | 34 | 11,6 | 45 | 13,6 | 4 | 5,8 | 47 | 15 | 5 | 7,7 | 1 | 4,6 | 50 | 12,4 |
| г | 25 | 22,7 | 42 | 14,4 | 61 | 18,4 | 7 | 10,1 | 51 | 16,3 | 19 | 29,2 | 2 | 9 | 67 | 16,7 |
| д | 12 | 11 | 19 | 6,6 | 24 | 7,3 | 11 | 15,9 | 16 | 5,1 | 4 | 6,1 | 2 | 9 | 31 | 7,8 |
| ѓ | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |

## ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

## ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 2

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | Г Р А Д | | С Е Л О | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | БР. | % | Бр. | % |
| а | 30 | 27,3 | 75 | 25,7 | 86 | 25,9 | 18 | 26 | 87 | 27,8 | 13 | 20 | 6 | 27,2 | 106 | 26,2 |
| б | 29 | 26,4 | 89 | 30 | 98 | 29,5 | 19 | 27,5 | 92 | 29,4 | 23 | 35,5 | 4 | 18 | 118 | 29,4 |
| в | 22 | 20 | 65 | 22,3 | 73 | 22 | 17 | 24,6 | 59 | 19 | 18 | 27,6 | 8 | 36,3 | 87 | 21,7 |
| г | 13 | 11,8 | 46 | 15,8 | 50 | 15 | 6 | 8,6 | 51 | 16,3 | 8 | 12,3 | 2 | 9 | 59 | 14,7 |
| д | 16 | 14,5 | 21 | 7,2 | 25 | 7,5 | 9 | 13 | 22 | 7 | 3 | 4,6 | 3 | 13,6 | 37 | 7,8 |
| ѓ | | | | | | | | | | | | | | | | |

## ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

## ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 3

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | Г Р А Д | | С Е Л О | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | БР. | % | Бр. | % |
| а | 48 | 43,6 | 125 | 43 | 149 | 34,9 | 27 | 39,1 | 116 | 37,1 | 42 | 64,7 | 8 | 36,3 | 173 | 43,1 |
| б | 30 | 27,3 | 95 | 32,6 | 113 | 34 | 14 | 20,2 | 115 | 36,8 | 8 | 12,3 | 5 | 22,7 | 125 | 31,1 |
| в | 8 | 7,3 | 16 | 5,4 | 14 | 4,2 | 7 | 10,1 | 23 | 7,4 | | | 1 | 4,6 | 24 | 6 |
| г | 2 | 1,8 | 8 | 2,7 | 10 | 3 | 1 | 1,4 | 9 | 2,8 | | | 1 | 4,6 | 10 | 2,4 |
| д | 7 | 6,4 | 10 | 3,4 | 7 | 2,1 | 1 | 1,4 | 10 | 3,2 | | | 1 | 4,6 | 17 | 4,2 |
| ѓ | 15 | 13,6 | 37 | 12,7 | 39 | 11,7 | 19 | 27,8 | 39 | 12,5 | 14 | 21,5 | 6 | 27,2 | 52 | 13 |

ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 4

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | Г Р А Д | | С Е Л О | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | БР. | % | Бр. | % |
| а | 24 | 21,8 | 40 | 13,7 | 52 | 15,6 | 12 | 17,3 | 53 | 16,9 | 1 | 1,5 | 11 | 50 | 115 | 28,6 |
| б | 21 | 19,1 | 32 | 10,9 | 44 | 13,2 | 9 | 13 | 30 | 9,6 | 40 | 61,5 | 5 | 22,7 | 14,6 | 36,4 |
| в | 47 | 42,7 | 173 | 59,4 | 188 | 56,6 | 33 | 47,8 | 192 | 61,5 | 1 | 1,5 | 2 | 9,1 | 77 | 19,2 |
| г | 10 | 9,1 | 13 | 4,4 | 18 | 5,4 | 4 | 5,8 | 6 | 1,9 | 12 | 18,4 | 2 | 9,1 | 36 | 9 |
| д | 8 | 7,3 | 33 | 11,3 | 30 | 9 | 11 | 15,9 | 31 | 9,9 | 8 | 12,3 | 2 | 9,1 | 27 | 6,8 |

ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 5

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | Г Р А Д | | С Е Л О | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | БР. | % | Бр. | % |
| а | 13 | 11,8 | 25 | 8,6 | 30 | 9 | 7 | 10,2 | 33 | 10,5 | 3 | 4,6 | 1 | 4,6 | 38 | 9,5 |
| б | 83 | 75,4 | 238 | 81,7 | 264 | 79,5 | 58 | 84 | 249 | 79,8 | 56 | 86,2 | 20 | 90,8 | 321 | 80 |
| в | 10 | 9,1 | 16 | 7,5 | 23 | 6,9 | 4 | 5,8 | 20 | 6,4 | 3 | 4,6 | 1 | 4,6 | 26 | 6,5 |
| г | 4 | 3,6 | 12 | 4,1 | 15 | 4,5 | - | - | 10 | 3,2 | 3 | 4,6 | | | 16 | 4 |

## ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

## ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 6

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | Г Р А Д | | С Е Л О | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| а | 98 | 89 | 275 | 94,5 | 308 | 92,7 | 62 | 89,9 | 294 | 94,2 | 58 | 89,2 | 18 | 81,8 | 373 | 93 |
| б | 9 | 8,2 | 7 | 2,4 | 14 | 4,2 | 3 | 4,3 | 10 | 3,2 | 3 | 4,6 | 3 | 13,6 | 16 | 4 |
| в | 3 | 2,8 | 9 | 3,1 | 10 | 3,1 | 4 | 5,8 | 8 | 2,6 | 4 | 6,1 | 1 | 4,6 | 12 | 3 |

## ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

## ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 7

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | Г Р А Д | | С Е Л О | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| а | 74 | 68 | 149 | 51,2 | 172 | 51,8 | 48 | 69,5 | 182 | 58,3 | 39 | 60 | 12 | 54,5 | 223 | 55,6 |
| б | 23 | 20,1 | 63 | 21,6 | 72 | 21,6 | 15 | 21,7 | 54 | 17,3 | 27 | 31,5 | 6 | 27,2 | 86 | 21,4 |
| в | 3 | 2,7 | 3 | 1 | 3 | 0,9 | 1 | 1,4 | 2 | 0,6 | 1 | 1,5 | - | - | 6 | 1,5 |
| г | 5 | 4,6 | 68 | 23,4 | 69 | 20,8 | 5 | 7,2 | 70 | 22,4 | 5 | 7,7 | 2 | 9,1 | 73 | 18,2 |
| д | 5 | 4,6 | 8 | 2,7 | 14 | 4,2 | 1 | 1,4 | 4 | 1,3 | - | - | 2 | 9,1 | 13 | 3,3 |

ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 8

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | Г Р А Д | | С Е Л О | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | БР. | % | Бр. | % |
| а | 18 | 16,3 | 66 | 22,7 | 64 | 19,2 | 19 | 27,5 | 57 | 18,2 | 18 | 27,6 | 7 | 31,8 | 84 | 21 |
| б | 20 | 18,2 | 35 | 12 | 48 | 14,4 | 7 | 10,1 | 35 | 11,2 | 19 | 29,2 | 3 | 13,6 | 55 | 12,7 |
| в | 22 | 20 | 56 | 19,2 | 61 | 18,4 | 16 | 23,1 | 64 | 20,5 | 6 | 9,2 | 4 | 18 | 78 | 19,5 |
| г | 28 | 25,5 | 55 | 18,9 | 72 | 21,6 | 13 | 18,8 | 75 | 24 | 4 | 6,1 | 1 | 4,6 | 84 | 21 |
| д | 10 | 9,1 | 30 | 10,3 | 31 | 9,3 | 4 | 5,8 | 25 | 8 | 2 | 3 | 3 | 13,6 | 40 | 10 |
| ѓ | 12 | 11 | 49 | 15,8 | 56 | 16,9 | 10 | 14,5 | 56 | 18 | 16 | 24,6 | 3 | 13,6 | 60 | 15,6 |

ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 9

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | Г Р А Д | | С Е Л О | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | БР. | % | Бр. | % |
| а | 3 | 2,7 | 4 | 1,4 | 6 | 1,8 | - | - | 5 | 1,6 | - | - | 1 | 4,6 | 7 | 1,7 |
| б | 2 | 1,8 | 6 | 2 | 6 | 1,8 | - | - | 5 | 1,6 | 1 | 1,5 | 1 | 4,6 | 8 | 2 |
| в | 58 | 52,2 | 163 | 56 | 187 | 56,3 | 38 | 55 | 196 | 52,8 | 20 | 30,7 | 7 | 31,8 | 221 | 55,2 |
| г | 6 | 5,5 | 12 | 4,1 | 11 | 3,3 | 2 | 2,8 | 8 | 2,6 | 1 | 1,5 | 1 | 4,6 | 18 | 4,5 |
| д | 12 | 11 | 29 | 10 | 33 | 8 | 10 | 14,5 | 20 | 6,4 | 19 | 29,2 | 5 | 22,7 | 41 | 10,2 |
| ѓ | 29 | 26,3 | 77 | 26,4 | 89 | 26,8 | 19 | 27,5 | 78 | 25 | 24 | 36,8 | 7 | 31,8 | 106 | 26,4 |

ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 10

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | Г Р А Д | | С Е Л О | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | БР. | % | Бр. | % |
| а | 58 | 52,7 | 135 | 46,3 | 152 | 45,8 | 43 | 62,3 | 149 | 47,7 | 27 | 31,5 | 14 | 53,6 | 193 | 48,2 |
| б | 33 | 30 | 121 | 41,5 | 139 | 41,9 | 16 | 23,1 | 126 | 40,4 | 23 | 35,3 | 5 | 22,7 | 154 | 38,4 |
| в | 9 | 8,2 | 18 | 6,2 | 21 | 6,3 | 6 | 8,7 | 21 | 6,7 | 5 | 7,7 | 1 | 4,6 | 27 | 6,7 |
| г | 10 | 9,1 | 17 | 5,8 | 20 | 6 | 4 | 5,8 | 16 | 5,1 | 10 | 15,4 | 2 | 9,1 | 27 | 6,7 |

ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 11

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | Г Р А Д | | С Е Л О | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| а | 25 | 22,7 | 50 | 17,1 | 58 | 17,4 | 16 | 23,1 | 65 | 20,8 | 5 | 7,7 | 4 | 18 | 75 | 18,8 |
| б | 34 | 30,9 | 67 | 23 | 86 | 25,9 | 16 | 23,1 | 78 | 25 | 13 | 20 | 6 | 27,2 | 101 | 25,1 |
| в | 29 | 26,4 | 130 | 44,6 | 141 | 42,4 | 25 | 36,2 | 117 | 37,5 | 26 | 40 | 7 | 31,8 | 159 | 39,6 |
| г | 6 | 5,4 | 11 | 3,8 | 12 | 3,6 | 1 | 1,4 | 6 | 1,9 | 3 | 4,6 | 1 | 4,6 | 17 | 4,2 |
| д | 16 | 14,5 | 33 | 11,3 | 35 | 10,6 | 11 | 15,9 | 23 | 7,4 | 18 | 27,6 | 4 | 18 | 49 | 12,3 |
| ѓ | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |

ПРИКАЗ ЗА СТРУКТУРАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

ОД ПРАШАЊЕТО БРОЈ 12

| | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | | ГРАД | | СЕЛО | | МАКЕДОН. | | АЛБАНЦИ | | ДРУГИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | БР. | % | Бр. | % |
| а | 30 | 27,3 | 85 | 29,2 | 100 | 30,1 | 19 | 27,5 | 83 | 26,6 | 25 | 38,4 | 8 | 36,3 | 115 | 28,6 |
| б | 36 | 32,7 | 110 | 37,8 | 116 | 34,9 | 27 | 39,1 | 114 | 36,5 | 22 | 33,8 | 7 | 31,8 | 146 | 36,4 |
| в | 21 | 19,1 | 56 | 19,2 | 68 | 20,5 | 12 | 17,3 | 67 | 21,5 | 7 | 10,7 | 4 | 18 | 77 | 19,2 |
| г | 24 | 12,7 | 22 | 7,6 | 28 | 8,4 | 9 | 13 | 28 | 8,9 | 7 | 10,7 | 1 | 4,6 | 36 | 9 |
| д | 9 | 8,2 | 18 | 6,2 | 20 | 6 | 1 | 1,4 | 20 | 6,4 | 4 | 6,1 | 2 | 9,1 | 27 | 6,8 |
| ѓ | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |

# З А К Л У Ч О К

Со ова теоретско проучување, повеќе на документите и врз основа на нив практиката од изминатиот период на Македонското национално ослободително и револуционерно движење, доаѓаме до релевантни факти со кои може да се тврди дека помеѓу традициите и феноменот на одбранатта постои меѓузависност. Така континуирано може да се следи одразот на традициите врз одбраната, особено врз моралот и мотивациите за одбрана, патриотизмот,националната привр заност и други квалитативни - културни вредности кај субјектите кои ја реализираат одбраната.

Пред да ги конкретизираме заклучните согледувања за одразот на традициите врз одбраната, а посебно врз културната димензија на одбраната, за културата,традициите и одбраната сакам да резимираме:

- Дека културата претставува збир на сите промени и творби во природата,општеството и човековото мислење кои настанале како последица на човековата дејност, а чија цел е да се олесни одржувањето, продолжувањето и прогресот на општеството, или поедноставно кажано културата е збир на материјалното и духовното творештво на човекот кое е во добротворна функција на општеството,

- Дека во рамките на секоја општествена заедница се формирана карактеристичен систем на културни вредности - карактеристично материјално творештво, јазик, уметност, наука,политички институции, религија, митови, верувања,обичаи и др.културни елементи кои ги изразуваат разликите меѓу заедниците во начинот

./.

на одржувањето на животот, во регулирањето на меѓусебните односи и воопшто во организирањето на општеството во кое живеат.

- Дека културно - вредносниот - систем на една заедница се создава и менува низ животот на заедницата, што значи дека културата е единство на традициите и иновациите, односно единство на наследените и новосоздадените културни вредности. Со апострофирањето на културниот систем како единство на вредностите од минатото и новосоздаденото културно творештво сакаме да прецизираме и укажиме дека новосоздадените културни вредности се длабоко поврзани, а понекогаш дури и условени од традиционалните вредности.

Некогаш, а особено кога традицијата се сваќа површно како потреба за безусловно и круто одржување на културните вредности од минатото, може да се јави (и најчесто се јавува) како конзервативна сила, како сила која го спречува општествениот прогрес и ги ограничува сознајните и творечките потенцијали на поединецот и општеството. Меѓутоа разбрана како културана вредност која се модифицира и прилагодува кон новонастанатите услови, традицијата им овозможува на луѓето врз база на позитивното културно наследство и да обезбедуваат континуитет во развојот на општеството и цивилизацијата.

- Дека одбраната и заштитата е сегмент на општествениот живот во заедницата и егзистира како специфичен систем на врски и односи, норми принципи и правила на однесување, специфични верувања, знаења, вештини и др.вредности кои ја изразуваат културната димензија на одбраната. Поконкретно, за одбранбено заштитната култура може да се каже дека претставува специфична

./.

целина на материјални и духовни творби, на човеково однесување и мислење и др.вредности кои се создавале и менувале со текот на времето со цел да се одбранат и заштитат општествените вредности од сите извори на загрозување.

Културните елементи на современиот одбранбено - заштитен систем, и особено оние со кои се регулираат моралните и поширокитe духовни односи неможат да се разберат и сватат во нивната суштина, ако не се земе во предвид нивната историска димензија. Специфичното историско минато на народот формирало карактеристични особини и менталитет карактеристично идејно - политичко и културно битие, односно карактеристичен систем на вредности кои како традиција се пренесуваат врз помладите генерации и влијаат врз нивниот став и однос кон одбраната и врз изборот на начинот на кој треба да се штитат и бранат вредностите и интересите на заедницата.

Во рамките на ваквите општи законитости кои владеат меѓу културата, традициите и одбраната дојдовме до сознание дека традициите на Македонското движење имаат позитивен одраз врз обликувањето на културната димензија на одбраната.

Од богатата ризница на позитивното одбранбено заштитно искуство, како посебно значајни за културната димензија на одбраната ги издвоивме традициите во стратегијата и целите на движењето, државотворните традиции, традициите кон националностите, верата и религијата, традициите во военото организирање, традициите кон оружјето, кон борците и хероите, традициите во односот кон окупаторот и предавниците, традициите во надворешно-политичката и дипломатска функција на движењето,саможртвеноста, непокорот и слободарството како традиција и традициите во

./.

военото организирање. Овие и на нив слични традиции, најилустративно ја откриваат големината на општонародното настојување за создавање на сопствена држава, големината на историските стремежи за национално и социјално ослободување, за слобода, еднаквост национална толерантност и сожителство и други општествени вредности. Традицијата им овозможува на младите генерации да го согледаат највредното историско творештво на своите предци, да го сознаат националниот и државниот континуитет, одбранбено-заштитното минато исполнето со вековен непокор и настојување на народот да се ослободи од разните завојувачи. Во тие рамки е важно да се одбележи дека во сите фази и услови на движењето, македонскиот народ организирал соодветен систем за одбрана и заштита на општествените интереси и цели, дека обврската на нашите предци за учество во одбраната и заштитата е сврстена во редот на највисоките морални обврски на поединецот кон заедницата дека во одбранбените традиции на движењето, длабоко е проткаено чувството на љубов кон татковината и спремноста на истрајност и совладување на неподносливи напори и жртвување во името на општочовечката среќа.

Најпозитивните културни вредности од минатото,народот ги селектира и како традиција, низ процесот на социјализацијата ги вградува во секојдневното живеење

Во рамките на современото одбранбено-заштитно организирање, традициите на движењето се јавуваат како внатрешна движечка сила кај човекот која ја стимулира моралната одговорност за извршување на поставените задачи, го зголемува интензитетот на емоционалното доживување на одбранбено-заштитните обврски.

./.

го интензивира чувството на гордост кон минатото на својот народ и одговорност за неговата сегашност и иднина и позитивно влијае врз другите културни вредности на одбраната. Основно, можеме да заклучиме дека одбранбените традиции се јавуваат како регулатор на моралните односи во одбраната, како морална обврска која го тера човекот на чесно доследно, одговорно,храбро непоколеблива верно и воопшто квалитетно однесување во остварувањето на одбраната. Секое однесување надвор од традиционалните принципи прифатени во средината, предизвикува морална осуда кон носителите на таквото однесување, што секако влијае врз насојувањето на поединецот да ги усогласи своите постапки и однесувања со барањата на средината.

Во рамките на актуелните општествени состојби кои се карактеризираат со криза на вредносните системи, со одсуство на повисоки стандарди за оценување на вредностите и со одреден степен на вредносна дезориентираност, сознанието за моќта на традициите да влијаат врз регулирањето на моралните односи во одбраната треба да најде поизразена практична примена во моралното воспитување за одбрана.

Покрај позитивното влијание на традициите врз моралот и мотивациите за одбрана, врз патриотизмот,националната приврзаност и други културни елементи на одбранбено-заштитниот систем, доаѓаме до сознание дека заради чувствителноста на националната компонента во социјалниот живот на човекот,традицјиите можат многу лесно и "ефикасно" да се стават во функција на национализмот фашизмот и други видови на агресивност. Тоа особено се случува кога политичките, државните и другите општествени

./.

структури на моќ и влијание заради нивни парцијални интереси ќе започнат да ги оптеретат традиционалните вредности со идеолошки, националистички и други агресивни содржини и преку разработени психолошки, социјални државно - репресивни и други постапки ги наметнуваат како наводно морален долг кон минатото. Од тука доаѓаме и до заклучок дека врз степенот на корелацијата меѓу традициите и одбраната од посебно значење е социјализација.

Поконкретно меѓусебниот однос на традициите и одбраната во голема мера е детерминиран од начинот на кои ќе се негуваат, пренесуваат и прифаќаат традициите, односно од начинот на нивното аплицирање во современата одбранбено-заштитна реалност.

Врз база на одредени теоретски и емпириски сознанија, доаѓаме и до констатација дека одбранбено-заштитниот систем на вредности а во тие рамки и традициите се прифатени од припадниците на заедницата, но дека односот кон одбраната во одредена мера се условува со општествено- економскиот статус на граѓаните во заедницата. Емпириска потврда на споменатата констатација дава извршеното испитување за вредносната ориентација на младите кон одбраната и треадициите во одбраната.

# Л И Т Е Р А Т У Р А


1. Антонов А. Н.: "Научние традиции и ди лектика, развити науки" Традиции в познании и културе, Москва, 1986.
2. Апостолски Михајло: "Стратегија и тактика на Илинденското востание.
3. Bidnay D.: Theoretical Antropology, Newyork, 1953.
4. Вуковиќ д-р Војислав: Култура и народна одбрана, Београд, 1976.
5. Vjatr. Ježi: Sociologija vojske, Beograd, 1987.
6. Гоцески д-р Трајана: "ОНО и стопанскиот развој", Студентски збор, Скопје, 1988.
7. Гоцески д-р Трајан: Одбраната на Македонија, Скопје, 1991.
8. Дамјаноски д-р Ристо: "Востаната Македонија, Скопје, 1990.
9. Димевски д-р Славко: "Туѓите пропаганди во Македонија, Скопје, 1968 год.
10. Димишковски д-р Слободан: "Воена политика на суперсилите и неврзаните земји, Скопје, 1985.
11. Динев Ангел: "Илинденска епопеја, I, Скопје, 1987.
12. М-р Донев Јован: "Големите сили и Македонија за време на I-та балканска војна, Скопје, 1988.
13. Ibrahimpašić Mensur: "Moral armije", Beograd, 1967.
14. Ibrahimpašić Mensur: Borbeni moral koji ga uslovljavaju, Beograd, 1975.
15. Đučić d-r Vojislav: "Inovacije u društvu" Zagreb, 1975.
16. Иваноски д-р Орде: "Јужнословенските социјалисти и Илинденското востание" Зборник Илинден - 1903, 1970.
16. Иваноски д-р Орде: "Никола Карев", Скопје, 198


./.

17. Илиќ Милош: "Социологија културе и уметности", Научна книга, Београд,

18. Извози за ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје, 1968.

19. Јањиќ Душан: "Речник националисте", Београд, 1968.

20. Jurin dr. Smiljan i Radenović dr Predrag: "Practicum iz opšte psihologije, Beograd, 1974.

21. Кецкаров А.: "Из спомените му по революционото движеньие в Охридско, Ил. Илинден, София, 1930.

22. Lovie R. H.: "The history of ethnologinal theory, New Yorl, 1937.

23. Лукич Радомир: "Социологија морала", Београд, 1974.

24. Матов Милан: "Стружанката в ревлуционерната борба" Илинден 1903-1922, София, 1922.

25. Mear Margaret: "Kultural paterns and Technical, Change, New York, 1961.

26. Момироски Томе: Односи и синтези, Скопје, 1978.

27. Миќуновиќ Љубо: "Современ лексикон на странски зборови и изрази", Скопје, 1990.

28. Mihalić M.: "Moral i rat", Beograd, 1975.

29. Miladinović M. Milan: "Etika i tradicije", Bečej, 1975.

30. Митрев Димитар: "Пиринска Македонија во борба за национално ослободување", Скопје, 1950.

31. Митрев Димитар: "Одразот на востанието во уметничката литература", Книга за Илинден, 1969.

32. Митрев Димитар: "Ноб во Македонската литература" Борба и литература, Зборник на есеи и статии, Скопје, 1961.

33. Митрев Димитар: "Антологија на Македонската револуционерна поезија", Скопје, 1974.

35. Пенушлиски Кирил: "Црвен се бајрак развива", Скопје, 1966.

36. Petkovski Dane: "Kultura i umetnost i vojno-revolucionarna delatnost" Vojno-politički informator, br. 10, 1978.

37. Petrovič G.: "Mogućnosti čoveka", Zagreb, str. 30-31.

38. Попоски Таско: "Македонското национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија", Скопје, 1981.

39. Поп Ефтимов Димитар: "Делото на Гоце Делчев, Софија, 1935.

40. Пољански А. Христо: Документи за борбата на Македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Скопје, 1981.

41. Пољански А. Христо: "Драмата во Цер", Скопје, 1968.

42. Redklife R, - Braun: Natural Science of gociety clenocol, 1957.

43. Rot dr. Nikola, Osnovi socijalne psihologije, Beograd,

44. Саздов Томе: "Македонска народна поезија", Скопје, 1976.

45. Симовски Тодор: "За учеството на народностите во Илинденското востание", Книга за Илинден, 1969.

46. Спасески др. Јордан: "Тито - ОСЗ и безбедност", Скопје, 1985 - Зборник "Традиции и иновации во безбедносно заштитниот систем во контекстот на Титовата концепција.

47. Спасески др. Јордан: "Општествена самозаштита", Скопје, 1985.

48. Старделов др Георги: "Илинденска поетска антологија", Скопје,1976.

49. Tanović Arif: "Etica i politica" - Rasprave i članci, "Refleksije o državi i naciji", Sarajevo, 1973, str. 96-112.

50. Ташковски Д.: "Илинденските традиции во НОБ на Македонија", "Илинден 1903", Охрид, 1970.

51. Тодоровски М.: "Илинден и ослободителната војна на Македонскиот народ во периодот 1941-44, Илинден 1903", Скопје, 1970.

52. Филатов В. П.: "Наука и девиантние познавителние традиции" и "Традиции в познании и кул туре", Москва, 1986.

53. Horvat Michael: "The Theoru and Praktice of war, Indiana University Press Bloo.Mington, 1975.

./.

54. Христов др. Александар: "Создавање на Македонската држава", Скопје, 1971.

55. Христов др. Александар: "Организација на власта на востаничката територија за време на Илинденското востание" Книга за Илинден, Скопје, 1969.

56. Христов др. Александар: ВМРО и Македонската државност 1893-1934, Скопје, 1993.

57. Цвеиќ Илина: "Психологија на ОНО и ОСЗ", Скопје, 1983.

58. Crarnovski Stefan: "Culture and Personality, New York, The viking Pouzdation, 1949.

59. Чокревски др. Томислав: "Социологија", Скопје, 1986.

## С П И С А Н И Ј А

1. "Безбедност", декември 1993 - Скопје
2. "Вечер", 18 јуни 1993 - Скопје
3. "Илустрација Илинден", Софија 1930
4. "Македонски вести", бр. 22/19.6.1935, Софија
5. "Нова Македонија", од 12.06.1991, 7 и 8.08.1991 - Скопје
6. "Одбрана и заштита" бр. 3/1988 и бр. 5 и 6/1990 - Скопје
7. "Пулс", 3. октомври 1991 - Скопје